СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број_______________

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од првото продолжение на 32-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 28 јануари 1992 година

Скопје,јануари 1992 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од првото продолжение од 32-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јануари 1992 година

Седницата се одржа во сала I, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ: продолжуваме со работа.

Пратениците Благој Ханџиски и Петар Гошев ме известија дека од оправдани причини не се во можнсот да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратнеици на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стапките на даноците на граѓаните со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за финансирање,буџет и Комисијата за стопанство Ви се доствени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Манчевски Јован.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, овој Закон нашата пратеничка група предлага да се одложи расправата по овој закон, поради повеке причини.

Не реагиравме на сличен начин на претходниот закон што беше доенсен за данокот на граѓаните од имот од едноставна причина што бевме убедени дека нема да биде усвоен покрај толку многу забелешки што беа направени врз него. Не навлегуваме во причините заради што пратениците гласаа така како што гласаа така, но не сакаме да  се случи врз него истото и со овој закон. Причините што не поведоа да постапиме така се следните:

1.  Во предизборните кампањи скоро сите партии се залагаа за ефтина и ефикасна држава. Никој не може сега да тврди дека сме затечени, не сме ја знаеле сметката на сувереноста и самостојноста на Македонија. Некои  партии  ги кажаа висината на стапките на даноците на граганите. Владата нема такво ветување и тавка обврска
и затоа се однесува така како што се однесува тоа е и нејзино право.

2.  Во делот од причините поради кои треба да се донесе Законот стои, со Програмата на мерки за ублажување на неповолните состојби во Републиката Македонија, покрај другите и мерките во даночната политика итн. Јас би запрашал колку ние пратениците сме запознати подетално што пишува во таа програма, што Владата ја доенсе на седницата одржана на 3 октовмри минатата година и ни беше доставена како доверлив материјал, само на знаење. Ке наведам некои делови од Програмта ако ми дозволите, мислам дека веке не
се тајна и дека може да се запознае пошироката јавност што содржи оваа програма во еден дел. На страница 11 пишува вака, тоа е под два: "и во услови на ригорозна ревизија на постојниот буџет на Републиката не ке може да се оствари доволно билансен простор за усогласување на изворите на приходи со наменети расходи на Буџетот.

Заради ова нужно се наметнува потребата од преземање на дополнителни мерки со зголемување на постојните даноци на промет на имот и приходите од имот, како и проширување на даноците и на друг движен и недвижен имот кој досега не се оданочуваше. Воведување на разни надоместоци и слично кои крајно ги плаќаат граѓаните. При ова зголемување на даноците за одделни производи и услуги односно за имот и приходите од имот би требало да биде селективно во зависност од значењето на производите за егзистенцијата на населението односно во зависност од местоположбата на недвижнит имот и слично. Заради ова ќе се донесат прописи заради да се обезбедат и така се набројува на општа стапка, зголемување на стапка, за посебен републички данок, воведување на републички надоместок итн.,". Сите тие ќе ги прескокнам и само на страница 13 во првиот пасус стои дека двојно ке се зголемат постојните даноци од имот, згради, куќи, деловен простор, моторни возила, пловни објекти итн.  Додека на страница 14 последниот пасус под 2, 4 стои: "заради ублажување на исклучително тешката состојба на претпријаитија Валдата на Република Македонија ке продолжи на растоварување на стопанството по основ на издвојување на општествената заедница. Притоа, ке се утврдат соодветни критериуми врз основа на кои ке се врши натамошно селективно намалување на данокот од доход и данокот од личен доход на правните лица во стопанството кои се во тешка економска финансиска положба". Ова малку звучи како цинизам во споредба на претходните наводи.

3. Поминаа 100 дена, а ќе поминат уште неколку пати по 100 и сеуште немаме системски закон кои ќе се зафати со разрешувањето на даночната политика. Се до сега е обична крпеница на постојните законски прописи од обласста на даночната политика. Граѓаните просто

не знаат по кој основ и по кој закон ке биде бркнато во џебот. Владата и нејзиниот премиер постојано се изјаснуваат дека нема веќе крпење на постојните закони, а тоа постојано се повторува. Имкриминираната програма, исто така ја обврзува Владата тоа е наведено во уводниот дел каде што Програмата треба да трае до крајот на 1991 година или до кога траат тие состојби ги обврзува да донсе системски закон за разрешување на оваа проблематика.

4. Граганите ни досега, не ги намируваат лесно своите даночни обврски, па после овие стапки ќе биде уште потешко, бидејќи се доведени до степенот на социјална беда.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој понатаму бара збор?

За збор се јави Тодосија Паунов.

ТОДОСИЈА ПАУНОВ:

Донесувањето на законот, почитуван претседателе, почитувани пратеници, за измена и дополна на Законот за стапките сметам дека е преурането и дека треба да се одложи. Потполно го поддржувам претходниот пратеник, неговото излагање и мислам дека треба да се одложи за извесно време да видиме донесениот закон во јули месец 1991 година како се одразува, каква е анализата, колкави се приходите и колку средства се прибрани по овој основ, поготово, данок на имот.

Данок на имот е нова категорија воведена во месец јули не беше позната толку порано за Македонија и за граѓаните од Македонија. Меѓутоа, ваквите високи стапки кои се пропишани ми се чини дека премногу високи стапки и граѓаните нема да можат да го плакаат навреме овој така висок данок. Данок се предвидува на имот по овој

закон. Данок да се плати на станбениот фонд кој е и вграден по стапките предвидени со законот, додека данок на граѓаните од село 50% од стапките треба да платат. Исто така, граѓаните од село се оданочени прилично доста со такси и други давачки, воден надоместок и другите придонесени, така што не им останува од доходот да можат да го покријат и овој така висок данок на имот, на станбени згради.

Исто така, се предвидува данок на автомобили од фиќо од 500 динари до 20 илјади динари на сите возила кои ги има. Јас се сложувам да се плаќа данок само како што се договараме пред изборната кампања се договаравме и како кажувавме дека даноците ќе се намалат и дека даноци треба да плаќа секој оној кој има, кој创 ствара, добивка па да додадеме оној кој ствара доход и данок на промет. Додека за данок на имот не било збор дека може да се дојде и до данок на имот да се плаќа. Данок на имот кој е предвиден, овие средства не создаваат доход, никаков доход не створаат, а мора да се плаќа. Така што имаме граѓани навистина кои не се во можност да плакаат ваков данок. Исто така, данок на трактори, за него велиме дека е земјоделска машина, меѓутоа сега се одданочува. Данок на камиони, исто така, се плаќа две илјади динари од тон. Камионите плаќаат друг данок , данок на доход, данок на добивка и повторно се воведува овој данок. Исто така, се плаќа данок на тракторски приколки, полуприколки и приколки 200 илјади динари исто така од тон. Сметам, законот кој се предлага да биде донесен да се одложи за сега, а притоа, предлагам да се направи една исцрпна анализа како овој закон досега е прифатен од граѓаните, како и колку е наплатено средства по овој основ од данок на имотот. Потоа, се предвидува на лотарија и на други услуги, сечење на дрва, и други ситни услуги што мислам дека треба и овие даноци од 15% и 25% засега да се одложат, а да важи законот кој што е досега на сила. Меѓутоа, исто така пред-

лага со изјаснување на пратениците овој закон да се одложи, а исто така предлагам со изјаснување да се направи анализа за законот кој е донесен во јули за промена на стапките за данокот на имотот како тој се одразува на граѓаните. Треба нешто повеќе да се каже, меѓутоа скратувам, затоа што мислам дека треба да се разбереме во што е суштината, заради тоа што оваа категорија на данок е нова категорија на данок и не е прифатена од граѓаните така, поради тоа што по неколку пати односно по неколку основи плаќаат даноци и дека овој данок би требало да се одложи односно да не се плаќа туку да се плати данок само кој ствара доход, кој има , а не оној кој што нема и кој што треба да даде за просториите за чистење и одржување.

Исто така, во врска со викендиците би сакал да кажам два три збора дека не би требало засега да се зголемува стапката, заради тоа што трошоците станаа доста големи за одржување на тие викендици, па ке ги немаме. А тие викендици кои што постојат засега што ги имаме толку, мислам тие ќе се најдат и за други потреби, за народна одбрана, и за друго, па благодарение на граѓаните што ги изградиле што ги имаме и што можеме да ги сместиме.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа, пратеници, со оглед на тоа дека сметам овој закон не помина на Комисијата за земјоделство и шумарство, а сметам дека важна материја е и требаше да помине на Комисијата за земјоделство, затоа од името на пратеничката група на ВМРО предлагам да биде одложен овој закон и од други причини.

Прво, овој закон не помина на Комисијата за земјоделство.

Второ, ние пред два три месеци донесовме закон со кој

земјоделците ги ослободивме во селските населби на куќи, штали, трла и други имоти да не плаќаат данок, со тоа што тоа беше опфатено во данокот на доход од земјоделството. Сега овде се заобиколува по мое мислење и не се вели данок таму, но ќе се плаќа данок од имот. Тоа значи за него е све исто, тој не е ослободен, во него велиме ослободен, а во овој велиме дека треба да плати данок на доход.Данокот дали ке се вика Петко или Трајко, за него тоа е се исто и тој треба да плати пари. Затоа, од тие причини и тоа треба да се има предвид.

Исто така, донесовме, мислам беа тракторите кои исклучиво се занимаваа односно беа регистрирани само за своја земјоделска дејност, не вршат услуги, беа ослободени од данок. Со овој закон се предвидува пак како данок на имот да плаќа земјоделецот. Заради овие неразјаснети работи и заради тоа што законот не помина на Комисија за земјоделство и шумарство, а што сметам дека да ја повикаме оваа комисија да даде мислење за стапките на даноците на земјоделците па од името на пратеничката група предлагам овој закон да биде одложен од расправа.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ

Малку ме буни прашањето околу данокот за земјоделството. Бидејќи овој став не помина на Комисијата и таа не го одобри овој данок, само неколку збора ќе кажам. Од една страна велиме да му помогнеме на неразвиените подрачја. А од друга страна, гледајќи ја целата ситуација на селото доаѓаме до сознание дека многу малку од реоните во нашата држава се доходовни. Молам, ако сакаме да го оживиме селото и изумрените пространства во нашата Република, во нашата Држава, треба, а да го вратиме оној што треба да плаќа данок во селото, ми се чини дека треба да ја прекратиме оваа дискусија околу данокот во тие подрачја. Незнам од каде и кој ќе плати данок

на пусти куќи на запустено земјиште, а не користено. Ми се чини дека спрема овој закон, предлог закон, што треба сега да го донесеме треба да ги опфати и тие луѓе кои не живеат во тие места. Тие колиби, тие распаднати куќи, тие растурени села, тие необработливи земјишта и според тоа ние како Парламент нема што да читаме реферати, за тие области, за тие места, но треба малку, да се замислиме, како да ги зајакнеме тие места.

Завчера во едни дискусии тука слушнавме многу убаво. Да се помогне ви изградбата на тие области. А сега пак велиме да се одданочат тие области. МИ се чини дека нема логика. Кога не помина во Комисијата треба да престанеме со дискусијата и да го оставиме тој предлог закон за еден ден, за едно време, кога навистина ке имаме што да зборуваме.

ПАНЧО МИНОВ;

Почитувани пратеници, наполно се придружувам кон предлозите на претходните дискутанти и за да не ги повторувам нивните аргументи во образложенијата ќе кажам уште еден момент, а тоа е со едно потсетување на една од претходните седници донесовме работен заклучок при воведувањето на задолжителен придонес на здравственото осигурување дека на сметка на тој нов придонес како нов намет дека ќе се изврши соодветно намалување на стапката нас данокот од вршење на земјоделска дејност која изнесува 50% за 10% воведениот придонес за здравствено осигурување односно адекватно требаше да се намали и оваа стапка на данок од земјоделска дејност.

Како што гледам најмалку со измените и дополнувањата на овој данок очекував барем да се изврши измена на овој дел што ќе биде еден типичен пример не на зголемување, туку на намалување на постојните стапки од даноците. Во таа смисла предлагам предлагачот да изготви целосен предлог на закон кои ќе ги земе предвид сите претходно донесени заклучоци од Собранието и мислењата од матичните комисии кои беа спомнати овде.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Точно е дека на овој закон има поднесено поголем број амандмани што според мое мислење, е оправдано и нормално во текот на постапката за донесување на законот. Меѓутоа, сметам дека како пратеници не смееме да го одбиеме предлогот за донесување закон односно предлогот на закон фактички да го донесеме законот

за измени и дополнувања на законот пред се во оние одредби со кои се предлага бришење на стапките на данокот на вкупен приход на граѓаните, заради тоа што овој закон за стапките на даноците на граѓаните кореспонденира со законот за даноците на граѓаните. Ако сега го отфрлиме предлогот за донесување закон за измени и дополнувања на законот за стапките на даноците на граѓаните фактички двата законски текста ќе ги доведеме во колизија. Органите на управата односно даночните органи на управата ќе ги применат стапките на даноците на граѓаните за разлика од тоа што пред некој ден го донесовме законот за измена и дополнување на законот за даноците на граѓаните во кој данокот на вкупен приход на граѓани го укинавме. Во таа смисла предлагам Собранието да го прифати предлогот за донесување закон за измени и дополнувања на законот за стапките на даноците на  граѓаните, а бидејќи имаме забелешки во однос на воведувањето нови даночни зафаќања на граѓаните за да сепак законскиот текст на овој закон го усогласиме со законот за даноците на граѓаните, предлагам расправата по однос на овој законски текст да ја прекинеме, да ја задолжиме Комисијата за буџет и ЗПК да ги поднесат амандманите на текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување со кои ќе се избришат сите одредби кои претставуваат нови даночни зафаќања за да во постапка го донесеме предлогот на закон со кои стапките на даноците на граѓаните за вкупен приход на граѓани од постојниот законски текст ќе се избришат за да овој закон кореспондира со претходниот. Во таа смисла предлагам расправата да се прекине и да ја задолжиме Комисијата за буџет и финансирање и ЗПК да ги поднесат потребните амандмани.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Во име на Праламентарната група на ПДП и НДП предлагам денеска да не се води расправа по Предлог-законот туку само начелна расправа, бидејќи истовремено ги поддржуваме предлозите кои беа поднесени оти станува збор за одредени нови оптоварувања на граѓаните, па заради тоа мислам дека по итна постапка како е направено денеска да не се усвои овој закон.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата за финансирање и буџет го гледаше предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за стапките на даноци на граѓаните и бидејќи до сега беа истакнати поинакви аргументи од она што е во извештајот на Комисијата необидувајќи се да дадам поддршка или како што беа повеќето предлози од пратеничките групи да дадам предлог за повлекување на Законот за стапките на даноците на граѓаните, ќе се обидам со едно стручно мислење да ги воведам сите пратеници во овој закон, Еве за што се работи.

Ќе почнам со законот за данокот од личен доход од земјоделска  дејност, па ќе се обидам да ги анализирам сите даноци.

Предлогот на Владата во врска со законот за данок од личен доход од земјоделска дејност е да не се измени стапката кај неземјоделците која изнесува 50% и стапката кај земјоделците која изнесува 2,5%. Владата не предлага зголемување на овие стапки, но исто така Владата не предлага и зголемување на катастарскиот

доход за 1992 година, па сами заклучете од ова што го реков до сега дали има зголемување кај данокот од личен доход на земјоделците, а бидејќи знаеме во какви услови живееме и каква е инфлацијата.

Инаку, заради корекција, а и поради тоа што го кажа претходниот дискутант Панчо Минов овој данок е заради корекција а заради тоа што Комисијата за финансирање и буџет го имаше предвид работниот заклучок на Собранието дека при донесувањето на одлуката за здравствено осигурување се издвои стапката во висина од 10% кај неземјоделците. Бидејќи стапката сега кај неземјоделците е 50% за спроведување на овој заклучок Комисијата со свои амандман предлага стапката од 50% биде во висина на 40% со тоа на некој начин работниот заклучок барем единствено до сега да успееме да го преточиме во живот. Иако со овој заклучок Министерството за финансии требаше на Собранието да му предложи една стапка пониска во висина од 10%. Со оваа констатација завршувам во врска со данокот од личен доход.

Ако ова Собрание го потврди Законот и го потврди амандманот на Комисијата за финансирање и буџет, тогаш земјоделците ќе плаќаат онаа сума за висината на данокот која ја плаќале и во 1991 година со тоа што неземјоделците ќе плаќаат 40% плус 10% од стапката на здравственото осигурување. Значи, се она што се плаќало во 1991 година останува и за 1992 година.

Понатаму, за другите видови на даноци кои го третираат овој закон, се работи кај Законот за личен доход за самостојно вршење на стопанска и професионална дејност. Имено, со предложениот закон, поради тоа што не се изменува,го немате како измена,си остануваат паушалите оние занаетчии кои плаќаа во 1991 година

останува да плаќаат и во 1992 година. Стапките кај данокот од личен доход за самостојно и професионално вршење на дејност имено кај оние што го плаќаат данокот според вистинскиот доход останувaат истите кои важеле и во 1991 година. Со тоа го завршувам и овој вид на данок за ваше размислување.

Понатаму, кога се работи за данокот од приходи на имот или популарно наречено "за кирациите" предлагачот односно Владата не предлага измени во овој закон така што и стапктие кај данокот од приходите на граѓаните останувaат и основиците и стапките.

Кога се работи кај данокот од данокот на имот, кај данокот на недвижен имот во законот што го имаме добиено сите се менува само данокот на викендичките и тој е зголемен за два пати.

Кај данокот на становите и куќите стапките и основивите останува́т исти како што беа и во 1991 година. Значи, граѓаните онаа висина на данок на имот што ја плаќале во 1991 година ќе ја плаќаат и во 1992 година.

Кога се работи за данокот на имот на тракторски приколки, камиони, висината останува иста како и во 1991 година и бидејќи беше многу експлоатирано од страна на претходните дискутанти морам да го кажам и слендото:

Данок на имот кај тракторските приколки кај тракторите и камионите не плаќаат правите земјоделци на кои земјоделието им е основно занимање. Исто така, и превозниците на кои превозничката дејност им е основна дејност, не плаќаат данок на имот на камиони. Значи, и тој аргумент не е во ред.

Понатаму, кога се работи за вкупната висина на даноците кај данокот на посебно остварен вкупен приход поповолно е решението што го предлага Владата, бидејќи до сега стапката беше 25% и за употреба на физичка сила и за сите оние што се набројани во членот 2 сега тие се разграничуваат и имаме одредени обврзници кои ќе плаќаат во висина од 15%, а другите од 25% што значи одредено и друго поповолно решение.

Понатаму, бидејќи во овој закон што се предлага има посебен став дека во селските населби данокот на имот ќе се плаќа во висина од 50% од она што го плаќаат граѓаните во градот при данокот на имот.

Увидувајќи го овој момент, Комисијата за финансирање и буџет, бидејќи смета дека е неповолно за граѓаните има свој амандман со кој предлага овој став да се брише и сите оние обврзници кои имаа станбени згради во селата не плаќаат данок од имот и да бидат ослободени од плаќање данок на имот.

Комисијата за финансирање и буџет не се согласи со предлогот кај данокот на подвижен имот да се плаќа кај моторните возила, па затоа има свој амандман кои значи поповолно решение на граѓаните така што до 1.600 кубика да се плаќа во висина од 500,оо динари.

Еве, тоа се аргументите ни се "за" ни се "против", но, за да знаеме што ќе одбиеме, а што би можеле да добиеме како друг предлог понатаму бев должна од страна на Комисијата за финансирање и буџет да ги изложам сите аргументи.

Инаку, да ви кажам и тоа дека Комисијата уште при разгледувањето на Законот за даноците на граѓаните прва и основна забелешка беше тоа зошто се уште не е готов новиот даночен систем за кои сите се залагаме. Бидејќи одговорот од страна на предлагачот беше дека се готви нов даночен систем, а треба да се извршуваат сите облози кај даноците на граѓаните сметајќи на тоа Комисијата со сите одредени корекции кои ги дава во својот извештај и своите амандмани го поднесе тој извештај, па врз база на тоа гоелдувајќи ги предлозите од повеќето пратенички групи, а исто така ако сакате еве едно толкување во врска со целиот закон, па повелете изјаснете се во корист на граѓаните на Република Македонија.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Кога од повеќе пратенички групи доаѓа иницијатива за симнување на предложениот проект од расправа, мислам дека секому би му било јасно оти не треба многу да дава образложенија, меѓутоа јас посебно и благодарам на пратеникот Стојанова што ме ослободи од потребата да ја дадам истата аргументација по овој закон и сепак покрај уводната реченица да замолам Законот да остане на дневен ред и да се расправа по него соодветно и се постапи, притоа свесен дека изјаснувањето на пратениците по дадениот предлог за мене и за Владата ќе биде обврска и ќе ја прифатиме така како ќе се одлучи. Меѓутоа, зошто посебно треба да одговориме? Многу е битно во дијалогот меѓу Владата и Собранието и пратениците да ги најдеме заедничките точки. Ако ги најдеме заедничките точки кон кои стремиме лесно ќе го најдеме и потребното решение. Во конкретниов случај мислам дека е типичен пример за таква работа бидејќи она што оценивме што комисиите оценија оти е пропуст во проектот низ амандманите предложено е и Владата го прифати. Значи, низ една активна работа се надополнуваме.

Што не чини овде? Не чини што во објаснувањата за одделни прашања даваме аргументација која не е точна. И кога јавноста тоа ќе го земе за основа за своето пресудување смета дека со тоа се заштитува, во суштина не се заштитува. Сите предложени решенија како што образложи пратеникот Стојанова се поповолни од оние што се санкционирани во постојниот закон. Исклучок прават двете околу возилата она над и до 1,6 литри оданочувањето, и кај оданочување на зградите во селските населби. Ние го враќаме

тој предлог со основана аргументација дека неприфаќањето на тоа решение кога се утврдуваше законот практички беше сплет на околности во кои не се просуди и не се свати суштината на тој инструмент. Зашто не се свати? Ги ослободивме селските населби надвор од оние што ги викаме ридскопланински, неразвиени и други социјални структури, во селските населби како и во многу градски населби кај кои што стандардот на станот на живеење е доста хетероген направивме една диференцијација непотребна. Јас нема да именувам, но еве сите сме минале покрај некоја или повеќе селски населби и знаеме каков е стандардот на живеењето. Има и рушени има и напуштени, тие не се предмет на законот, предмет на законот се оние станови во кои се остварува живот и стопанска активност. Значи, тие каде што живеат еден старец, двајца од фамилија во овие подрачја кај кои во самиот закон, во основниот текст на законот се направени ослободувања поново продолжуваат да ги користат тие олеснувања. Впрочем тоа решение може и да не биде прифатено ќе дојде на расправа тој член тоа решение може и да не биде прифатено. Меѓутоа, зашто посебно сакам да дадам дополнително образложение. Заради една неиздиференцираност во врска со нашите намери. Од една страна викаме, од оваа говорница слушанвме на минатата седница дека настанува сериозно социјално раслојување по основ на имот и приходи и дека државата мора да направи инструментариум со кои тие раслојување на одреден начин повратно низ социјалната политика ќе ги амортизира. Кога тоа се прави напор веќе добива сосема друг пристап, друго прифаќање. Мислам дека тука мора да го изедначиме критериумот. Јас не сакам да влијаам за која солуција да се определи Парламентот но сум должен и како член на Владата и по стручна линија да објаснам дека тој критериум мора ние да го усогласиме инаку не ќе можат Парламентот и Владата да ја остваруваат основната своја цел да ги координира и да ги усогласува движењата во стопанството и во животот.

Второ, не е точно дека не сме имале даноци од имот. Даноци од имот постојат откако постои Законот за даноците. И не само минатата година туку од многу порано, друго е што во структурата на даноците на македонското општество данокот од имот и поради преструктуирање на стопанството , на стопанската активност на капиталот, на приходите од капиталот мора и тоа преструктуирање на приходите да оди на линија на зголемување на учеството на приходите од имотот, до како што стои во Програмата на Владата во еден момент кога тоа ќе се смета за оптимално до околу 10% во структурата на Програмата.

Прашањето што овој закон не е гледан на Комисијата за земјоделство, ако се оцени може да се гледа, може да се направи прекин и да се стави на дневен ред, јас незнам зошто не е ставено на другите комисии каде што беше разгледувано учествувавме дадовме одговори, прифативме амандмани, дадовме објаснување. Ако се оцени нека се стави, јас немам ништо против, заправо сите решенија што се од таа област и понудени и низ амандманите прифатени практички се поповолни од постојното решение во Законот.

Да не должам, првото прашање околу ефикасноста на државата и висината на даноците ја врзувам со одговорот на прашањето за новиот даночен систем. И мене ми е непријатно кога веќе повеќе пати овде споменувам дека концептот на новиот даночен систем е во подготовка. Денеска ќе соопштам и тоа дека покрај првата фаза за која зборував пред неколку седници, од концептот оваа недела на крајот на неделата го добивме ракописот кој се оформува на втората фаза од проектот. Него најверојатно до 15 февруари ќе го преоцениме на начин како тоа го правиме со една поширока екипа и на невладини стручњаци и потоа влегуваме во третата фаза да се подготви законот.

Нема потреба да ве уверувам дека даночниот механизам е многу посложен од многу други механизми што во склопот на економските подсистеми треба да се усогласи и да функционира. Ќе се судриме и кога ќе дојде тој проект овде со мноштво на дилеми, на нејаснотии иако во текот на подготовката расчистуваме огромен број на прашања. И ќе видите колку е тешко да се усогласи тој механизам. Овде веројатно има луѓе кои од мене подобро ги познаваат механизмите на машините но таму како што еден запчаник може се да направи се да расипе исто така и во даночната политика ако не се усогласи во концептот распоредот на нештата може да настанат многу неочекувани удари. Затоа, јас ве молам поединечните сугестии што ги даваат пратениците нам ни се од особена полза, ни укажуваат на некои недоследности или на некои пропусти и ние тие со задоволство ги користиме, но ако се впуштиме секој поединечно да правиме систем верувајте тоа нема да ни успее. Системот мора да биде конзистентен. Можеме одделните решенија внатре во тоа решение да ги направиме поквалитетни, но односот меѓу нив ако секој од нас го менува тогаш немаме систем. Затоа завршувам со молбата нека се изјасни Собранието дали ќе остане овој закон на дневен ред или не. Ние предлагаме да остане бидејќи е во решенијата тој е поповолен што сега се применуваат а е битен и заради усогласување што годишно треба да се прави. Вие ги имате стапките однсоно висината по метар квадратен на даноците кај станбените згради и кај викендичките. Тоа се цифри утврдени на почетокот на 1990 година, на крајот на 1990 година и прифатени во 1991 година. И знаете што се се случувало и се случува во областа на цените. Квадратен метар од 48 динари до 120 динари и претпоставете колкава е таа големина. Дали сме во решенијата превиделе некој параметар кој толку ја нарушува рамнотежата.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, пред да се произнесе Парламентот по предлогот за симнување на законот од денешниот дневен ред, само сакам да ги кажам причините и заложбите на нашата пратеничка група поради што настојуваше овој закон да се тргне од дневен ред. Имено, она што сите ние како пратеници ќе го бараме а преку нас и граѓаните кои што за нас гласале и кои што имаат верувам сеуште доверба е да новиот даночен систем кој што има голема и на мала врата веќе долго време се најавува, конечно да стигне во нашите редови  меѓу нас и да го разгледаме, бидејќи нашиот граѓанин ниту има време, верувам и желба низ повеќе законски акти да настојува да разгледува дури во некои области и стручно кај што не е овластен да бара каде и на кој начин по која стапка ќе биде оданочен. Она што ние го бараме е таков даночен систем  неовисно од стапките сигурно ќе се бараат параметри каде што некој ќе биде повеќе некој помалку оданочен, меѓутоа на едно место секој да може да види по кој основ каде ќе биде оданочен, па на крајот на краиштата да може да планира со која дејност може, а со која дејност не може да се бави со оглед на даночните обврски.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ

Почитувани пратеници, колешката Стојанова уште повеќе министерот за финансии дадоа доста стручни објаснувања што можеби од стручен аспект секој од нас би ги прифатил, меѓутоа како политика навистина мислам пратениците не би требало да ја прифатат со оглед на тоа јас би сакал и да ве потсетам,повеќе од година дена кога го избравме претседателот на Владата и Владата дадоа една беседа дека сите прописи кои беа изготвени од поранешниот  Извршен совет ги оцени како крпени, дека тој нема да прифати такво менување и дополнување на законите, дека ќе се изготват нови конзистентни закони

закони кои ќе бидат прифатливи за времето во кое живееме. Меѓутоа, мислам дека Владата понатаму го прави истото што го оцени како неправилно или непотребно и предлага закони кои што се на некој начин крпени, доработувани или корегирани. Од тој аспект мислам дека треба да бидеме настојчиви, она што го рече претпоследниот дискутант дека треба да побараме од Владата навистина да излезе со еден конзистентен закон и пропис кој навистина ќе создаде амбиент во кој ќе може да се стопанисува, работи и произведува онака како што е достојно на времето во кое сакаме да го спроведеме, тоа е пазарна економија, стопанство односно економија која ќе овозможи да се создава профит, а тек од тој профит да има услови и да биде оданочена . Од тој аспект мислам дека треба да го поддржиме предлогот овој закон да биде симнат од дневен ред, а со тоа да дадеме поттик кон Владата, да ја задолжиме во што покус рок она што го најавува повеќе пати, не само по овој закон туку и по низа други закони и прописи да навистина еднаш веќе почне со излегување на тие нови системски закони кои ќе бидат соодветни на времето во кое сакаме да живееме.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, и покрај стручните објаснувања кои беа дадени и од пратеникот Стојанова и од министерот Тошевски изгледа овие прашања и понатаму продолжува во една тензија поради тоа што не е утврден новиот даночен систем го одбиваме овој закон. Мислам дека така може да се интерпретира колешката Јумеровска и последниот дискутант. Јас мислам дека пратениците имаа едно основно прашање, дали со овој закон се менува и што се менува нагоре. Мислам дека стручните образложенија кои што ни беа презентирани можевте да уочите дека само кај викендиците се предлага зголемување и кај становите на

село 50% кое вие можете кога ќе дојдете за таа одредба да расправате, да се определувате  дали сте за таквото решение од мотивите предлоежни за такво решение или не сте за такво решение и кај возилата од одредена кубатура  кои се предлага да бидат предмет на оданочување, а вие по тоа прашаше исто така и по конкретно прашање да се определувате. Сите други решенија кои што се содржани во овој предлог на закон се поповолни отколку што се постојните решенија. Ве молам, дали тоа не е доволно образложение за потребата Законот да остане на дневен ред, по него да се расправа, а по одредените две или три актуелни прашања кога ќе се дојде на тоа конкретно прашање да се определува Собранието за едното односно за другото решение, а не законот да не се стави на дневен ред. Мислам дека оти со тоа вие овозможувате да останат во сила постојните решенија што се понеповолни по сите основи освен кај овие три вида на даноци. Ве молам, водете сметка за тоа, па и за квалификациите што се упатуваат на адреса на Владата,а во тој контекст сакам да го речам и следното, немојте да го замислувате новиот даночен систем  дека тој сите јавни приходи потребни за функционирање на државата ќе ги алиментира на тој начин што одредени  категории нема да бидат предмет на оданочување. Ве молам немојте тоа, но сигурно  определува прераспоредување на тие даночни давачки  кои ќе значат и поправичен распоред на обврските поаѓајќи од профитот како основна категорија веројатно може да се очекува во некои сегменти, но немојте да поаѓате од тоа дека цели одредени категории нема да бидат предмет на оданочување. Мислам дека Собранието нема да го допушти тоа  товарот да го стави на одредена категорија за сметка на други што ќе ги ослободи.

Ве молам, имајте предвид  оти овој предлог на закон има позтиивни решенија за повеќе категории освен во три сегменти за кои можете поединечно да се произнесете, ве молам тоа не е аргумент законот да не се стави на дневен ред, а со неговото неставање на дневен ред ги задржувате понеповолните решенија кои се во постојниот закон тоа е едно и второ, мислам дека е необјективно условувањето, не го ставаме на дневен ред за да ја притиснеме Владата за да донесе нов даночен систем. Ве молам, дали може така  и дали имате чувство од Владата  не работи на тој концепт или пак вие имате такво чувство  дека е толку едноставен, толку прост тој систем  дека може една група преку ноќ да го обликува и да му го предложи на Собранието. Овде добивте уверување оти втората фаза на таа студија е во тек и дека текстовите кои треба да го обликуваат тој закон ќе дојдат пред ова Собрание врз база на тие студии кои се подготвени ќе ги расправаме заедно во правец каков ќе цениме дека е подобро, но немојте тоа да биде повод  за да денес не се стави на дневен ред, а со тоа да овозможите  понеповолни решенија  а кои се во постојниот закон да ги задржувате во живот, а не да ги прифатите новите решенија

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Очигледно дека се работи за две различни прашања. Првото е донесување на даночниот систем за кој сите пратеници не само што се заложивме туку и направивме работен заклучок со кој ја задолживме Владата на Република Македонија час поскоро да излезе со предлог за нов даночен систем во Републиката.

Второто прашање е конкретниот закон кој денес го разгледуваме и од овие аргументи што имавме прилика низ претходните дискусии да ги слушниме, произлегува дека со неприфаќањето на овој закон всушност ние ќе им нанесеме штета на непосредните наши бирачи, на граѓаните на Република Македонија и наместо да им помогнеме со нашите заложби, заради тоа што не ни се расчистени нашите релации меѓу Парламентот и Владата на Република Македонија ние нив ги доведуваме во понеповолна ситуација. Јас се согласувам да ги раздвоиме тие работи, меѓутоа, ако веќе на овој начин дискутираме и ако го издвојуваме овој закон тогаш ќе треба да се даде одговор на следново прашање:

Дали Владата на Република Македонија е способна и спремна да одговори на задолженијата што овој Парламент и ги дава, да ги запази роковите и пред се да ги исполни ветувањата што ги даде и пред овој Парламент и пред целата македонска јавност.

Уште од првите беседи и од премиерот на Владата и од потпретседателите на Владата и од министрите слушнавме дека оваа влада нема да се согласи да заснива систем на пратеници. Имаме период скоро едногодишно работење каде што постојано се соочуваме со крпеници од закони. Тоа е прашањето и мислам дека не треба

релациите помеѓу Парламентот и Владата да ги истеруваме на штета на граѓаните. Има начин како овој Парламент може да изврши притисок на Владата да ги исполни своите обврски и пред Парламентот и пред јавноста. Мислам дека и на тоа прашање треба да се даде одговор. Дали Владата е спремна или не е спремна да ги исполни своите ветувања што ги даде пред овој Парламент и пред целата јавност. Има толку работни заклучоци, по низа закони слушнавме образложенија, ќе го добиете за 15 дена, ќе го добиете за месец дена, интензивно се работи на тоа, сложени се проблемите, верувајте во Владата, прашање е на денот кога ќе се најде пред вас, во пратеничките клупи итн. меѓутоа како да станува наше секојдневие и вообичаен начин на работа дека постојано се пролонгираат работите и се воведе токму оваа пракса која што цело време која што цело време ја критикувавме, со крпени закони да ги решаваме атхок од денес за утре проблемите.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:

Немав намера да се јавувам за збор, меѓутоа гледам дека има некои недоразбирања.
Јас го разбирам односот што во моментот постои помеѓу Владата и Парламентот. И тоа го сфаќам како прилично и нормално и разбирливо. Меѓутоа, сакам да ви обрнам внимание дека сите овие и многу други системски закони кои набројуваат стотици и тоа многу стотици, треба да ги подготви оваа Влада и да ги донесе овој Парламент.

Ве молам дали имаме предвид од кога ние практично можеме да донесуваме вакви закони. Дали не се сеќаваме дека тоа може да биде само по донесувањето на Уставот што беше изгласан, вие знаете кога во овој Парламент, а оваа Влада се на се 10 месеци има можности да работи на оваа проблематика. Зарем е можно во еден таков краток рок

сето наеднаш да биде подготвено. Притоа, зарем можеме да заборавиме дека ние во овој момент не преструктуираме туку правиме сопствена држава, држава што бара се да се измени и уз тоа да се обезбеди нејзиниот легитимитет во меѓународната јавност и да се зачува како самостојна и суверена држава во светот.

Јас многу ве молам, не завлегувам во вашето решение и во вашите погледи, вие можете да изгласате и да се изостави овој закон денеска од дневниот ред и да се прифати. Тоа е ваше и право и ваша должност. Меѓутоа би сакал да ги имате предвид и овие и многуте други околности, при секое ваше инсистирање врз Владата кое јас го почитувам и мислам никој Владата не е против таквото инсистирање зошто само такво може да се донесуваат и поприоритетни и позначајни акти што се неопходни за функционирање на државата, но имајте предвид дека таа влада навистина настојува со сите сили, да ги донесе тие акти. Ако пак овој Парламент смета дека оваа Влада навистина е неспособна како што доста често можеме да слушнеме, Владата е на ваше располагање. Тоа можете секогаш да го сторите.

ФАИК АБДИ:

Морам да признаам дека немав никаква намера да зборувам денес по овој закон. Ако имав намера јас ќе се јавев со пишан материјал. Меѓутоа, мислам дека мора да ја разбереме суштината на искажувањето на колешката Славјанка и министерот за финансии. Јас стекнав впечаток овде, нека ми простат колегите ама како да не ги разбираме баш така работите како што треба. Претпоставувам дека министерот за финансии го има составено буџетот и го предложи овде во Парламентот, ние го усвоивме и во неговиот дел е содржан и овој закон средства за покривање на оној не наш раскош туку наша сиромаштија. Ако денес овде се залагаме за

ослободување на селата, за тие запуштени ниви, куќички итн. а не е тоа тоа, тоа значи како да сме или криво информирани или пак не можеме да ја разбереме Славјанка. Јас сум за еден концизен и конзистентен даночен систем. Меѓутоа, во оваа беда во која живееме овие 3, 4 месеци, во оваа една година кога стравуваме од се и сешто, јас незнам која е таа влада што ќе може да заобиколи еден сметковен даночен систем, таков каков што е тоа да речеме во една Шветска, во една Италија, во една Франција итн. кога нема во овие наши услови скоро никаква стабилност. Видете нашите луѓе трчаат горе доку за признавање и сите стрептиме од тоа. Дали можеме ние да бидеме пофлексибилни, ова што го предлага Владата и тоа само за реализација на буџетските процеси да го усвоиме со извесни промени, но да остане задолжувањето и натаму Владата да подготви нешто многу посодржајно, многу посигурно со посигурни извори на финансирање, а за потребите да не зборуваме, тие се огромни. Затоа јас не мислам во овој момент дека се зборува за некоја неспособност, јас мислам повеќе  се зборува за една несигурност од општите состојби во овој дел од Македонија и во Европа. Заради тоа мислам дека ќе мораме да ја разбереме Владата. Ако има некој таков јунак да се појави и да рече тоа е тој што ќе може по урнек на таа и таа земја да направи тоа и тоа за толку време, нека каже. Јас мислам дека нема, заради општите прилики нема.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сакам да го повторам прашањето бидејќи министерот не даде одговор.

Ние на Законот за изменување и дополнување на законот за даноците на граѓаните го избришавме вкупниот приход како извор за општата и заедничката потрошувачка, за финансирање на потребите на Републиката. Со овој закон сега ако го симнеме од дневен ред, стапките

на данокот на вкупниот приход на граѓаните ке си остане во тој закон. Дали органот на управата на приходи ќе ги применува односно овие два закони нема да бидат во колизија и со самото тоа сакајќи да направиме добра услуга ќе си направиме мечкина услуга.

Во тој контекст јас предлагам законот да остане, да се прекине расправата, Комисијата за буџет нека ги формулира амандманите со ЗПК  само на оние одредби кои претставуваат ново даночно оптоварување на граѓаните, а оние одредби со кои се усогласува овој законски текст со претходниот текст, за даноците на граганите да остане во текстот на законот што треба да го донесеме. Тоа се членовите 1, 4 и 7. И нормално во поповолна положба ги става член 3, граѓаните од претходното даночно оптоварување. Министерот нека даде одговор на ова прашање.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мислам дека господинот Петров имаше најрационален пристап и дека треба да го поддржиме неговиот предлог. Сето друго што во рамките се дискутираше во воопштени форми во врска со забелешките на Законот и принципиелните наши забелешки што овде беа искажани во врска со очекувањето на новиот даночен систем, сето тоа стои и држи. Но, ние мораме да имаме рационална форма за она што се предалга и она што е живот и што претстои. Законот е пред нас, ние како тела сме тука па дајте да седнеме и во постапка да видиме што е тоа што можеме да го прифатеиме и што е тоа што можеме да го прифатиме како измена. Мислам и стојам на становиште, ако амблок го одбиваме законот, во постапка да не го разгледуваме на оваа седница, дека ќе направиме огромна штета на граѓаните со аргументите што беа истакнати од претходните дискутанти.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Излегов да истакнам две работи.

Ценам дека страна 1 член 3 точка 2 - Оданочување по стапка од 25%, во иста графа Лотарија на Македонија и на пр. продажба на сладолед со весници, списанија и др. е доста несериозна работа.

Од секоја аспект стапката за весници и списанија и поготово за книги треба да биде далеку пониска.

Член 4, став 2 страна 1 од изводот каде се зборува за договор на дело, данок со стапка 50%, ценам дека тоа е контрапродуктивна мерка. Заправо вон работниот однос или плус работа, бројот на луѓето, поготово интелектуалниот труд се поретки и човек да се ангажира, од заработени 1000 динари, 500 да ги плаќа данок, мислам по секоја логика ќе се дејствува дестимулативно. Едино може да остане прифатливо ако е Законот, како што слушнав од привремен карактер, инаку едно наше трајно решение како определба, без друго би требало да постои стапка од која висина треба да се оданочува работата, придонес од договор на дело, кога последно време одат кон тоа да се приватизира се што е можно тогаш ние фактички ќе доаѓаме до едно огромно значење за злоупотреби или едно огромно дестимулирање на инвентивниот, на креативниот труд, на интелегенцијата на ова општество, па сакав да обрнам внимание на овие две работи.

АБРУРАХМАН АЛИТИ:

Имаше овде повеќе предлози, од неприфаќање да се донесе денеска законот до расправа по него итн. и излагањето на министерот треба да се има предвид.
Мислам дека е рационално и целисходно ако денес се договориме да го прифатиме предлогот за донесување на закон, а законот да го донесеме на наредна седница на Собранието, со цел овие недоразбирања

овие предлози што во дел може и Владата да ги прифати, во меѓувреме да ги расчистиме и така да бидеме и порационални и да го донесеме овој закон .

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Слушајќи ги повеќето дискутанти забележав дека сите имаат забелешки на предложениот предлог-закон за изменување и дополнување на предлог-стапките за даноците на граѓаните. Мислам дека Владата треба еднаш ова Собрание треба еднаш сериозно да го сфати дека овде има луѓе со разни професии и дека работите си ги знаат. Затоа мислам дека од сите дискутанти произлезе, не би рекол едно огорчување туку еден притисок кон Владата, мислам таква забелешка се слушна денеска, дека Владата околу овие законски предлози што ги дава треба да биде малку попродуктивна. Тука би ги спомнал и системските закони кои сеуште не ги донесовме. Знаеме законот за воена обврска колку време го чекаме иако Владата викаше дека го има подготвено.

Мислам дека  не е прашање дали граѓаните за месец или два, ако се одложи нешто дека ќе изгубат многу, туку Владата да подготви еден целосен закон за даноците на граѓаните и така граѓаните само ќе добијат а нема да изгубат.

Ми се допадна предлогот на господинот Абдурахман Алити и мислам дека е прифатлив. Да не испадне дека ова Собрание е сервис на Владата. Еднаш Владата треба да почне да го третира Собранието дека не е сервис на Владата туку си има своја законодавна улога ова Собрание и мислам малку посериозно да не сфати Владата.

ЃОРГИ НАУМОВ:

Повеќето од вас овде на говорница рековте дека Владата е несериозна и не донесува крпеници од закони иако потпретседателот на Владата на Република Македонија, д-р Блаже Ристевски кажа, сепак сакам да ве потсетам. Ми се чини Владата и Собранието работат по одреден план, програма за работа. Според програмата за работа на Собранието на Република Македонија можете да видите кога Ви е на дневен ред, во кој месец, во кој квартал од годината треба да се донесе системскиот закон.

Ако ние го конципиравме корејскиот систем, ако го конципиравме политичкиот систем со донесување на Уставот на Република Македонија, уште тогаш, при донесување на Уставот на 17 ноември минатата година, заедно со донесување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија се договоривме дека во периодот 6 месеци ке донесеме 15-16 системски закони. Јас од ова место можам да ви кажам дека сите тие 15-16 системски закони едни поминаа во Владата а други се во тек на расправа во Владата. Од 17 ноември до сега има не повеќе од 2,5 месеци.

Според тоа, немојте да сметате дека Владата е семоќна и може за два- три месеци да изгради нов правен систем. Нов правен систем не се гради ниту за два месеци, ниту за шест ниту за една година. За овие 6 месеци ако успееме да ги донесеме односно Вие пратениците да ги донесете а ние да ги предложиме овие 15-16 системски закони, а потоа и натаму ќе има закони кои ќе бидат како измени и дополнувања. Само толку, колку да сватат пратениците дека не се работи за крпеницизми. Ова се нужни измени. Со тој уставен закон исто така рековме дека во рок од една година ќе треба да ги усогласиме и постојните закони и сојузните закони што ги примаме како републички.

Според тоа, ве молам овој закон што е предмет денеска на расправа да го имате на разгледување.

СТОЈАН АНДОВ:

Расправата овде имаше и контраверзии. Но, мислам дека преовлада едно сознание дека постои потребата да се донесе законот за се менуваат стапките на даноците. Таква потреба постои и таа потреба никој не ја спори. Меѓутоа, се спори овој предлог што е овде даден, има многу амандмани, што е стар, како велат крпеница итн.

Затоа, мислам дека може би е потребно, и тоа господинот Халити го предложи, сега да се договориме,  и да се усвои предлогот за донесување, потребата за доенсување на закон. Само тоа да го одлучиме. Инаку, да ја задолжиме Владата да подготви предлог, кој покрај сите амандмани што ги има дадено и што се расправало во работните тела, да ги почитува и аргументите изнесени овде, на денешната седеница, па тогаш да расправаме за усвојување на тој предлог на закон.

Според тоа, да не го симнуваме денеска предлогот за донерсување, туку да не одиме по усвојување на предлогот. За оваа околност треба уште да го разјасниме само овој проблем што господин Петров го најавуваше, дали со тоа што денеска не се донесува Законот за измена на стапките на даноците на граѓаните, ке дојде во спротивност на два закони.

Колку што сум информиран од секретарот и инаку што знам, мислам дека во начело, како велат они "лекс постериори перогат априори",  работата е правна, не е економска но врз основа на тоа на чело што секој втор следен закон фактички го оневозможува спроведувањето на претходниот закон. Според тоа, штом сме донеле закон

кој не предвидува можност да се наплатува данок од вкупен приход, не може да се почитува ниту претходниот закон кој ги утврдува стапките на даноците  од вкупниот приход. Според тоа,тоа прашање не постои и затоа сме слободни да одлучиме на овој начин, сега, ако се прифати овој приод, да утврдиме потреба за донесување на закон за стапките на граѓаните, па нека го подготви Владата, ако може, што може повеќе да вгради од елементите бидејќи втората фаза сега ќе била готова од новиот даночен систем,  а тоа што не ќе може и ќе мора да биде дел, крпеница да биде, нека биде крпеница, ама да биде по пристојна и да лични на ново, да не предизвика толку незадоволство колку што предизвика во оваа расправа денес.

Затоа предлагам и ставам на изјаснување кој е за да се усвои предлогот за доенсување на закон за стапките на даноците на граѓаните, молам да крене рака (88) .

88 пратнеици гласаа за.

Кој е против, (1)

Дали некој се воздржа од прашање (не).

Констатирам дека се усвои предлогот да се донесе закон за стапките на даноците на граѓаните.

Предлагам да се изјасниме и по заклучокот:

Собранието ја задолжува Владата да подготви предлог на закон за стапките на даноците на граѓаните во кои, максимално колку е можно ке бидат вградени елементи од новиот даночен систем кој е во проучување и во напредна фаза на студирање сега. Доколку не е можно, нека се почитуваат сите предлози и да се проучат. Сите предлози на работните тела искажани во амандманите и овде во расправата денеска.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ве молам, во врска со почитувањето на тоа што низ амандманите и во расправата овде беше кажано е сосема во ред и ние сме должни и има потреба да ги земеме предвид.

Мегутоа, вградување на елементи од новиот систем во Законот за стапките на даноците не е компатибилно, и молам тој дел од заклучокот да не се утврдува, бидејќи новиот дел ќе влезе во системот на даноците,а стапките го следат него.

СТОЈАН АНДОВ:

Ќе бидеме доведени во ситуација наскоро да го менуваме и законот за даноците и законот за стапките.
Гопсодинот министер нека објасни дали ке бидеме принудени многу брзо да гледаме ист закон.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Прво, доаѓаме во една контрадикторна ситуација. Нема закон кој не се менува и погрешна е филозифијата да очекуваме дека еден закон ке биде траен. Особено во овие закони каде што системот е во еден а придружник е инструменти во друг проект врзани и заради инфлација и заради економска политика и заради други елементи на социјална, други елементи на економската политика.

Второ, кога ке биде новиот даночен систем? Јас спомнав до 15 јануари го добивме ракописот . Денеска го офорумуваме вториот дел втората фаза од Студијата. До 15 февруари ќе изградиме став по тој концепт со забелешки на авторите што од тоа може да доди што не може, ако има такви елементи.
Договорот со авторите е за следните месец дена да се даде и третата фаза.Значи, од авторите најрано може да го очекуваме проектот до 15 март.

Фазата во Владата колку ќе трае, јас не можам да проценам. Меѓутоа, ако одиме по тоа дека е тоа еден од најсложените законски проекти, можно е Владата да го врати на доработка, можно е Владата да даде и дополнителни сугестии и слично.

Јас не очекувам, зборувам сега од аспект на Министерството за финансии, дека ние во Министерството за финансии пред 1 април можеме да го доставиме до Собранието.

Според тоа, сите рокови ке бидат усогласени со Програмата на задачите и терминот што е таму определен за овој законски проект ке биде исполнет. Затоа слободен сум да спомнам и одговорност за неизвршување. Затоа, законот за новиот даночен систем да не го врзуваме со потребните инвервенции во постојните прописи и не само во овој, туку и во другите.

СТОЈАН АНДОВ:

Да го уважиме ова укажување на министерот за финансии, ако навистина од 1 април бидат во состојба нешто да дадат, да издржиме толку.

Предлагам да формулираме заклучок:

Собранието ја задолжува Владата да подготви предлог на закон во кој ке ги земе предвид сите искажани предлози и сугестии во расправите во работните тела, решенијата содржани во амандманите и од денешната расправа во Собранието.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака (80).

80 пратеници се за овој предлог на заклучок.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето (Никој).-

Констатирам дека Собранието го усвои овој заклучок.

Минуваме на точката 8. Предлог за донесување закон за продолжување на важноста на законот за привремени мерки за данокот на промет на производи и услуги со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за продолжување на важноста на законот за приврмени мерки за данокот на промет на производи и услуги.

Кој е за молам да крене рака.(Мнозинство пратеници се за).

Кој е против? (Нема)

Дали некој се воздржува (3).

Констатирам дека заклучокот е усвоен со мнозинство гласови.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството пратеници се за)

Кој е против? (Никој)

Има ли воздржан? (3)

Констатирам дека со мнозинство гласови е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлгот на закон. Отворам општ претрес по предлгот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74)

Кој е против? (3)

кој е воздржен?(Никој)

Констатирам дека  Собранието го донесе законот за продолжување на важноста на законот за привремени мерки на данокот на промет на производи и услуги.

Во отсуство на претседателот на Собранието, со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господин Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Минуваме на точката 9.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за административните такси,  со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на ЗПК и Комисијата за финансирање и буџет Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за административните такси.

Кој е за, молам да крене рака?(Мнозинството пратеници се за)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој  се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството пратнеици се за

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлгот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претерес.

Отворам претрес по тесктот на предлогот на законот.

Ве известувам дека Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК поднесоа амандмани.

Со поднесените амандмани претставникот на Владата не се согласил односно не се произнел.

Отварам претрес по амандманот на член 1 Тарифа број 3 точка 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на предлагачот да се изјасни по овој амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ

Амандманите на Комисијата за финансирање и буџет од 1 до 11 се прифатени. За тоа има извештај упатен до Собранието. Известувам дека сите 11 амандмани фактички се прифатени.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи нема претрес, амандманите се прифатени, отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Молам кој бара збор?

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Во својство на известител на Законодавно-правната комисија само да појаснам дека станува збор за повратното дејство на Законот и неговата примена од 1 јануари 1992 година и ве потсетувам согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија законите се објавуваат во Службен весник и влегуваат во сила 8 дена по нивното објавување. Ако Собранието одлучи поинаку, повлелете,

Претставникот на Владата на Законодавно правната комисија немаше да речам мандат да се согласи, инаку нема што да се согласи со уставна одредба.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Претставникот на Владата се согласува според тоа немаме ни амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За предлогот гласаше 71 пратеник.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за аминистративните такси.

Преминуваме на 10-тата точка - Предлог за донесување на закон за продолжување на важноста на Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, Извештаите на комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон .

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донеусвање на закон за продолжување на важноста на Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година.

Кој е за, молам да крене рака.

(Повеќето пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака. (повеќето пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 3 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За Предлогот гласаа 72 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за продолжување на важноста на Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година.

Преминуваме на 11-тата точка-

Предлог за донесување на закон за насочување и користење на ануитетите од средствата на фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини кои се формираат по основ на задолжителен заем, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно правната комисија, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за насочување и користење на ануитетите од средствата на фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените Републики и автономни покраини кои се формираат по основ на задолжителен заем.

Кој е за, молам да крене рака .(повеќето пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака. (повеќето пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на Закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 2 по кој не се произнесе претставникот на предлагачот, а пратеникот Симеон Наумовски поднесе амандман за внесување на нов член 3, со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

ПОВЕКЕ ПРАТЕНИЦИ:(од место)

Се повлекува.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Се повлекува.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 3 поднесен од пратеникот Симеон Наумовски. (пратеникот го повлекува амандманот)

Благодарам, немаме амандмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 62 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за насочување и користење на ануитетите од средствата на фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини кои се формираат по основ на задолжителен заем.

По повод донесувањето на законот за насочување и користење на ануитетите на средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански развиените републики и автономни покраини кои се формираат по основ на задолжителен заем, Комисијата за стопанство му предлага на Собранието да го усвои следниот Работен заклучок:

1. Се задолжува Владата на Република Македонија на Собранието на Република Македонија да му предложи законска регулатива за купување на ефективни девизни средства од граѓаните од страна на банките во Републиката по девизни курсеви слични на курсевите по кои се продаваат девизните средства на нелегалната девизна берза.

2. Овој Заклучок да се достави до Владата на Република Макеоднија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (повеќето пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Преминуваме на 12-тата точка- Предлог за донесување на закон за учество на Републиката во обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1992 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно правната комисија, Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за учество на Републиката во обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1992 година.

Кој е за, молам да крене рака. (повеќето пратеници кре-ваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака ( повеќето пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

творам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

ЈОВАН НИКОЛОВ:

Почитувани пратеници, во општина Титов Велес од вкупно обработливи земјоделски површини од околу 30 хектари, во индивидуалниот сектор се 16 илјади хектари. Од овие површини под користење се опфатени околу 40% односно околу 5 до 6 илјади хектари. Поголемиот дел од обработливите површини се сконцентрирани во пониските места, додека во ридскопланинските се околу 90% и не се обработени. Скоро половината од населените места се со драстично намален број на жители. Од вкупно 67 илјади жители на општината, во градот живеат 47 илјади жители, а во селските населби во пониските дел живеат 15 илјади, така што во ридско-планинскиот дел има околу 5 илјади жители со околу 1.300 семејства. Посебно е карактеристична старосната структура каде што семејствата се состојат од 1 до 3 членови скоро неспособни за работа.

Со динамичното поопштествување на времето од 1960 до 1970 година најголемиот дел од подоброто земјиште е во општествениот сектор така што и така големите површини во ридско планинскиот дел не преставуваат некој поголем потенцијал. И да има земјишен потенцијал, гледано од аспект на површини, сите неможат да се сметаат за брзо активирање, поради тоа што најголемиот дел од тие површини е граничен или сосема неможен за примена на механизација. Ако се има предвид фактот дека во општината нема повеќе од 50 запреги може да се заклучи колкави се можностите за производство во тој дел на општината. Се работи за Азот, тоа е ритско планинско место по течението на Бабуна па се до Солунска глава.

Од тие прични и поголемиот фонд на земјоделски површини во индивидуалниот сектор во ридско планинскиот дел не треба да се земе со голема сигурност поради неможност да бидат искористени. Поради тоа земјоделците кои живеат во ридско планинскиот дел не обезбедуваат ни гола егзистенција и оправдано е да им се даде нешто само заради тоа што таму живеат за да можат овие луѓе кои што во поодамните години живееле со поголем процент да ги задржиме или да останат во тој дел. Се работи за Богомила, која од населено место од 4 илјади жители сега  е сведена на 600 жители.

Во ридско планинскиот дел единствено е можно развојот да се насочува на сточарство и некои мали индустриски објекти кои би го задржале ова население во Азот, Богомила и течението на Бабуна.

Според тоа, мислам дека во Законот за учество на средства за побрз развој на недоволно развиени подрачја , треба да влезе и овој регион на кој ако не се помогне мислам дека со текот на времето ќе дојде до комплетно иселување и напуштање на овие краишта. Тоа е целиот десен дел од Реката Вардар. Вие знаете дека во општината Велес само 2 населени селски места можат да бидат земјоделски.

а тоа е реонот на Чашка и на Градско. Другите за да ги задржиме треба да се помогне во делот на развојот на сточарството и во делот на развојот на некои мали индустриски објекти.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отвоарм претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за економска политика и развој и Законодавно правната комисија поднесоа амандман на член 2 став 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака ?

64 пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го доенсе законот за учество на Републиката во обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1992 година.

Преминуваме на 13-тата точка- Предлог на закон за основање на Македонска информативна агенција "МИА".

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Предлогот на законот и извештаите на Комисиајта за општествено политички систем, Законодавно-правната комисија и Комисиајта за меѓунационални односи ви се доствени, односно поделени.
Со оглед на тоа  што на Предлогот на законот се поднесени голем број на амандмани, за кои се потребни по темелни проучувања, Комисијата за општественополитички систем и Законодавно правната комисија,предлагаат Предлогот на законот Собранието да го разгледа како нацрт, согласно член 328 од Деловникот на Собранието на Република
Македонија.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака

Благодарам.

Дали е некој против? (8 гласа)

Дали е некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Отворам пртрес по Нацртот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот ТушеГошев.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, веке подолго време имаме прилика да видиме дека Македонската држава има потреба од основање на една информативна куќа заради објективно оринетирање на граѓаните од настаните во земјата и светот, како и потребите на републичките органи и организации заради комуницирањето во светот. Но, исто така сме присутни и можеме да видиме дека Владата повеќе пати поднесува законски проекти со кои сака да ја оснива и таа информативна агенција

Сметам дека како законски проект кој се нуди како основачки акт на јавно претпријатие, нема потреба од него и од неговото донесување, И тоа може да се стоти само со една одлука за основање на јавно претпријатие, согласно на Законот за јавните претпријатија. Во овој контекст да нагласам дека согласно "Службен лист број 74 од 1990 година" за Уредбата  за упис во судскиот регистар, поточно членот 12 се кажани кои се условите за да може да се основа едно јавно претпријатие. Па во овој контекст, да помогнеме, за основање на таква агенција е потребна само една одлука или акт за основање , доказ за износот на средствата за основање и почеток на работа на претпријатието, односно потврда од основачот за предавање на предметите со попис и процена, заверен потпис на лицето овластено за застапување, одлука на Собранието на општествено-политичката заедница дека јавното претпријатие ги исполнува пропишаните услови за вршење на работите предвидени со закон. Претпријатието од став 1 на овој член е должно на регистарскиот суд да ги достави Статутот и доказ за именувањето на директорот во рок од 15 дена по истекот на рокот, предвиден со актот за основање, со пријава за упис на промената на лицето овластено за застапување.  Сметам дека во овој контекст, да не продолжиме на безброј закони и Република Македонија да ја претвориме само во држава со многу закони а не во правна држава.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали ушсте некој бара збор?

Има збор Љубомир Јакимовски.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Јас се извинувам, не знам, меѓутоа, ми се чини дека е направена деловничка грешка, бидејки се прејде на усвојвуање на

извештаите на комисиите без расправа. А, точката на дневниот ред плус тоа е предлог на закон за основање на информативна агенција. Барем пред предлотот, пред разгледувањето на текстот на предлогот може би требаше да се отвори расправа за нужноста, пардон ова не е предлог. Пред извештаите требаше да се отвори расправа за Предлогот на законот и потоа да се разгледуваат извештаите на комисиите кои што, ете, предлагаат враќање на овој текст на фазата на Нацртот Мислам, не знам, одговорете ми дали е направен деловнички пропуст, со тоа што не беше отворена расправа ни по извештаите на комисиите туку веднаш се пре‌јде на гласање.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас ве молам господине Јакимовски, јас предложив бидејки извештаите на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем ги имате кои предлагаат, согласно член 328 од Деловникот на Собранието, Предлогот на закон да се претресе како Нацрт на закон.Собранието гласаше и го усвои тој предлог на двете комисии.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Добро, но мислам дека требаше да се отвори расправа по тие предлози, бидејќи тука очигледно не беше дека сите се согласни со тоа и некои кои се против, барем да имаат можност да кажат зошто се против тоа.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Повелете, повелете кажете.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Јас како член на Комисијата за општествено-политички систем, надлежна комисија која што го разгледуваше овој Предлог на

закон и на Комсиијата бев против тоа, овој закон да се врати, покрај тоа што од извештајот се добива впечаток дека сето тоа таму е решено едногласно. Тоа е решено со мнозинство на гласови 4 за и 2 против.

Лично мислам дека овој закон и целтата работа околу овој закон претерано и непотребно е исполитизирана сум на мислење дека овој закон не треба да се враќа во фазата на нацрт, бидејки се работи за егзистенцијално прашање, а забелешките од типот на формално-техничкиот карактер и формално-техничката содржина на Законот, можевме, со малку може би поголем напор да ги надминеме и на оваа седница и со разгледување на предложените амандмани. Вака ми се чини дека со одложувањето на оваа точка, со враќањето во фазата на нацрт, се одложува почетокот на оваа агенција. Имам мислење дека таа дури и премногу доцна доаѓа. Можеби таа требаше да ја имаме уште во август, кога во нашава држава се случија многу значајни настани, пресудни, историски настани, кои што ете, се немаше можност и се немаше начин адекватно да се презентираат и информираат надвор од македонската држава. Сведоци сме дека трае еден процес на меѓународно признавање на државите кои што останаа по распаѓањето на Југославија, и во тој контекст, и покрај извештајот на Арбитражната комисија, Бадинтеровата комисија, кој што тврди дека Македонија ги исполнува условите за меѓународно признавање, сепак тоа меѓународно признавање не уследува. Мислам дека оваа агенција ако не е пресуден, сепак, голем удел и големо влијание би можела да има, дури, и на тој план, за меѓународна афирмација на македонската држава. Само можам да изразам жалење за тоа што се прави тоа на овој начин, што навистина непотребно се политизира еден закон кој што нема никаква врска со политиката.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Ештреф Алиу.

ЕШТРЕФ АЛИУ:

Почитувани пратеници, начелно од професионален аспект тврдам дека ова Собрание не треба да се позабави за информативно средство кое што треба да и припаѓа на државата Македонија. Свестен сум дека целиот информативен простор на Република Македонија треба да се покрие професионално, да се следи и да се запознае светот , но не преку државата, туку преку Собранието на Република Македонија.

Втора работа, со која никако не се согласувам од принцип, тоа е дека не треба да се вика МИА. Македонија треба да престане да ја користи таа придавка до недоглед со претензии или со предомисла дека чини нешто во бојата на националноста, во бојата на македонството. На Македонија и треба современа информативна агенција која над се, идеал ке ја има реалноста, т.е. реалното информирање, реалното комуницираше, со граѓаните внатре во Републиката, со соседите и со сиот свет. Таква една агенција ќе биде во потполна функција на граганите на Македонија, ќе се оправда себе си и во светот со респект ке се цитира.

Јас од образложението дадено, конкретно од господинот министер на една од предходните седници, зошто има потреба и од поткрепата дека таа и сама ќе се финансира, апсолутно не сум задоволен и не стојам на такви позиции.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека претседавачот непотребно не отвори претрес по однос на предлогот на Комисијата за општествено-политички систем, по Предлогот точката на дневниот ред да се преиначи во предлог за донесување на закон со Предлог на закон во Нацрт на закон, заради тоа што независно од исходот на гласањето, сметав за потребно да го кажам ова истото, тогаш надевајќи се дека ќе го променам текот, однсоно исходот на гласањето, ова Собрание на оваа седница да го донесе Предлогот за донесување на закон за основање на македонска информативна агенција, како и да го донесе Предлогот на законот.

Од тие причини, сега сакам да го нагласам следното. Прво, како Собрание и како пратеници во овој Парламент треба да признаеме и пред самите себе си и пред македонската јавност дали воопшто сакаме да се основа таква информативна агенција во Републиката. Ако даваме аргументи дека со основањето на една ваква агенција ќе се создаде монопол на информативниот простор и тоа со образложение вакви кои доаѓаат од центри кои навистина денес го држат монополот врз информативниот простор во Републиката, тогаш сметам дека  се сосема неосновани и неодржливи. И од тие причини сметам дека ова Собрание си паѓа во контрадикција  со сопствените, претходно донесени заклучоци.

Јас само како хронологија, како хрнолошки редослед на нештата  ќе наведам неколку податоци. Владата предлог за доне-свуање на закон ми поднесе уште на седница од 18 јули минатата година. Постапакта отпочна. Сите работни тела на Собранието и Комисијата за општествено политички систем и Комисијата за финансирање

и буџет и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно-правната комисија , сите го прифатија Предлогот за донесување на таков закон и ја задолжија Владата со препорака да донесе и поднесе на ова Собрание предлог на закон. Понатаму, Владата повторно достави предлог за донесување на закон на седницата на Собранието што требаше да се одржи на 25-ти септември. И Собранието повторно во процедура го одби Предлогот за донесување на закон, со заклучок Владата повторно да поднесе предлог на закон. На 3, 4 и 5-ти декември минатата година на некоја, не знам која по ред седница, ќе цитирам од Собранието каков заклучок донесе: "Собранието го разгледуваше Предлогот за донесување на закон за телегравска агенција на Македонија и по претресот усвои заклучок кој гласи: Собранието го разгледа и усвои за донесување закон за телеграфска агенција на Македонија. Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон за формирање на новинска агенција, при што да ги има предвид извештаите на работните тела и расправата на седницата на Собранието. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, стенографските белешки и другите забелешки од пратениците да се доставаат до Владата и до Министерството за информации".

И Владата ни достави таков предлог на закон. И јас сега не знам од кои причини, надлежните комисии кои го разгледувале во постапка, веднаш го преформулираат предлогот да се тоа, ова Предлог на закон со што ја задолживме Владата да се преиначи во Нацрт на закон. Па ќе оди на јавна расправа, во недоглед. Затоа сметам дека треба да бидеме малку реалистични, пред себе си и пред македонската јавност, и да кажеме дали ова Собрание, навистина, има намера да основа таква агенција, или пак целта му е да создава лажно убедување дека имаме намера да формриаме таква агенција,

меѓутоа, од формално правна гледна точка, Предлогот толку се одолговлечува, што едноставно на крајот и некој кажа, па нема ни потреба да се основа. Од надлежнтие работни тела, барем колку што јас во колуарите наслушнав, образложението беше дека овој предлог нема финансиска конструкција. Па норамлно, една држава кога се формира дека за сите нови институции кои што ги предлага, можеби некогаш нема да има и финансиска конструкција. Ние Владата ја задолживме уште кога расправавме за различните опции за конституирањето на државата, да ни поднесе целосен предлог, со двете опции, колку ќе ја чини Македонската  држава да биде во рамките на некаква асоцијација со другите републики и колку ќе ја чини ако биде самостојна држава. Ние таков предлог не добивме. Меѓутоа, Уставот го усвоивме. И кога го усвоивме Уставот и кога предвидовме и вооружени сили и сопствен монетарен систем и нови републички институции и нов републички судски совет, никој не постави прашање господа, колку чинат овие институции за да дадеме реална претстава на граѓаните, колку ќе ги чини новата држава. Ниту дадовме финансиски конструкции, ниту пак некој го поставуваше тоа како прашање или забелешка за да не го донесеме новиот Устав на Република Македонија како самостојна држава. Затоа сметам дека барањата за некаква финансиска конструкција или предлози од формално правна природа само и само да се  одолговлече процесот на конституирањето, основањето на оваа агенција, за мене се неодржливи и неосновани, и одат во прилог на оние кои засега го држат монополот во информативниот простор во Републиката им одат во прилог на оние кои едноставно го кочат процесот на меѓународното признавање на самостојноста на Република Македонија.

Еве од кои причини: моментално средствата за јавно информирање во Република Македонија 90% од информациите ги примаат од ТАНЈУГ, како што армијата изнесува се од оваа држава Македонија, затоа што си бара нова држава Србославија. На ист начин агенцијата ТАНЈУГ која е државна агенција, основана со акта на Сојузното собрание си бара своја држава, нормално држава Србославија. А ако 90% од информациите за постоечктие средства за јавно информирање ги добиваме, се добиваат од ТАНЈУГ со седиште во Белград, а званичната политика на Србија е да не се признаваат републиките кои останаа , може би во остатокот на некогашната, бивша СФРЈ, тогаш сметам дека и карактерот и однесувањето на таа агенција ТАНЈУГ кој го снабдева информативниот простор, се со цел меѓународно да не се признае Републиката и да остане во остатокот од Југославија. Од тие причини сметам дека агенцијата беше не од денес за некое друго идно време, да ја основаме, туку уште во моментот кога го донесувавме Уставот.
Затоа сметам дека недонесувањето односно одлагањето на постапката за донесување и оснвоање на информативна агенција на Република Македонија му оди токму во прилог на тоа дека кога ќе расправаме по последната 22 точка дека ова Собрание навистина со своите постапки не придонесува, бар во областа на законодавната дејност за меѓународното признавање на Република Македонија. И од причина со сосвтените заклучоци сами ги кршиме. Никој друг.

Сметам дека ниту спроед постојниот Деловник, за мене лично ова Собрание и со сопствените заклучоци од седницата од 3, 4 и 5 декември воопшто немаше основа предлогот за донесување на закон односно Предлогот на законот да го преиначи во Нацрт на закон. Токму од причини што Владата респектирајки ги разните, можеби, контрадикторни предлози, ама во форма на амандмани од пратениците

повторно може да остане при своето решение или при решение кое ќе задоволи предлог на еден пратеник. И ова Собрание треба да се изјаснува повторно по Предлогот на амандманите на пратениците. Некој ако има забелешки во поглед на текстот, на содржината на Предлогот на законот, може тоа да го формулира во форма на предлог, а ако мисли дека ќе состави подобар закон, тогаш нека го предложи сам како овластен предлагач и Законот, наместо Предлогот на Владата.

Затоа сметам дека ова Собрание повторно треба да го врати Предлогот за донесување на закон за формирање на македонска информативна агенција, а да го отфрли претходно утврдениот предлог за преиначување на Предлогот на законот во Нацрт на закон.

И друго сакам да кажам дека во оваа Република, во поглед на името на агенцијата ми се чини дека и тука беше забелешка ако го промениме името на Македонија, може би сите национални колективитети ќе бидат задоволени и тогаш ке имаме претседател онаков како што ќе се вика името на државата, Владата, како што ќе се вика името на таа нова држава. Мегутоа,се додека оваа држава се вика Македонија,а ќе се вика вечно, се што постои во неа ќе биде македонско, независно дали некому тоа му одговара или не.

ТОДОР ПЕТРОВ

Молам, како реплика на ова.

Ние донесовме наш заклучок во кој сосема децидно кажавме дека ја задолжуваме Владата да предложи предлог на закон. Ова Собрание, значи комисите постапија спротивно на Собранието.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитувани дами и господа, јас стојам зад тоа дека навистина дека на оваа Македонија и треба една ваква агенција. Меѓутоа, на оваа говорница често во овој Парламент, во текот на една година, слушаме некои изјави, можеби и така прикриени, латентни што одат во прилог и на онаа политика што се води надвор од нашите граници, т.е. во соседните земји. И овој пат: и во оваа прилика беше кажано дека оваа Агенција не треба да се вика македонска информативна агенција. Јас длабоко сум уверен дека навистина во името не се крие и суштината и содржината на работата на оваа агенција. Тоа се два спротивни поими. Меѓутоа, она што го истакна и Тодор Петров, тоа сакав уште еднаш овде да го потенцирам, а и да потенцирам за сите вас кога се водат вакви дискусии кога се изнесуваат вакви ставови од оваа говорница треба многу повеќе да се внимава, затоа што таквите дискусии одат во прилог на оние што сакаат и оваа Македонија да не се вика Македонија, да не се вика претседател на Република Македонија, да не се вика тој македонски пат и т.н. Мислам дека таквите изјави овде на говорницата треба малку да се скратат, исто така треба и овие пратеници да се ослободат од таа длабока хипокризија која ги има зафатено. Време е да се обрнеме на она

што треба суштински и содржински да го работиме. Јас само на тоа сакав да ви обрнам внимание.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувани пратеници и јас би сакал нешто да кажам во врска со основање на информативна агенција на Македонија. не сум против тоа. Сум и тоа да се донесе што побрзо, еден таков закон и да се формира таква агенција. Меѓутоа, не само за овој прдлог на закон, туку и за некои други закони дали ќе се прифатат и набрзина ќе поминат во овој Парламент многу зависи каков текст се предлага во Предлогот на законот. Кога расправавме за даноците многу зависеше од тоа колку текстот на Предлогот на законот беше провокативен за дискусија во Парламентот. Исто така и овој предлог закон е провокативен и затоа и комисиите расправаа многу сериозно, затоа што имаше што да се расправа. Меѓутоа, некои од пратениците тоа многу погрешно го сватија во овој случај. Зошто? Дали ние како пратеници, или јас како пратеник Албанец во овој случај не треба да реагирам на членот 2 од Предлогот на законот каде се вели децидно дека се дистрибуираат, прибираат, подготвуваат и т.н. информации само за Македонците во дијаспората. Нормално, дека ќе се реагира на такви работи господо, затоа што ние мораме да ја сватиме оваа агенција и како наша, и како моја информативна агенција, дури имаше од Владата амандман да оваа информативна агенција служи за информирање на иселениците од Македонија.

Јас не ги сметам тие граѓани надвор од Македонија дека се иселеници на Македонија. И не се сите иселеници, ниту Македонците, ниту Албанците, ниту Турците, ниту Ромите. Сите овие

граѓани не се иселеници. Затоа реагираме на вакви моменти. Реагиравме дури и во Комисијата за меѓунационални односи што беше едногласно прифатено таму. Ние имаме и амандман на ниво на Комисија за меѓунационални односи и на такви пропусти мораме да реагираме.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Ценам дека нема потреба со секој и во секоја прилика да се полемизира. Јас со господинот Тортевски најмалку чувствувам да реприцирам. Но се спротивставувам најостро на неговото барање вие останатите да си ги отворите очите и да внимавате што зборруваше некој со име и зборови Ешреф Алиу пред него. Многу ми е жал што досега дотичниот господин не ме убедил дека поседува такви способности да ги прочита задните намери, лошите намери, на моето искажување тука, кога би било така, ние сите би си отишле дома и проблемите на Македонија би ги решил господин Тортевски, Котевски, бидејќи тој ги поседува сите способности да претчувствува, да претсткажува секој што мисли, што има задна намера што крие во себе и луѓе кои еве дури си дозволуваат на оваа говорница и тоа слободно да пројавуваат голема хипокризија. Нека размисли секој за себе што е оптоварен, секој за себе малку повеќе нека води сметка колку е тој терет тежок и непотребен. Јас сум длабоко убеден за овој Парламент е непотребен. Но право си има секој граѓанин, од знаење преголемо или од тотално незнаење, да си носи таков терет. Јас молам просто секој и секогаш  во свое име нека каже што сака, но во име на нација никој не поседува такво покритие да се пројави тука и да прозива други, да отвораат очи

Само со фактот што јас се викам Ешреф Алиу не му давам апсолутно ни нула, нула, нула милион промили право на господин Котевски, што е со име и презиме и со чувство Македонец, кон ова земја да се поднесе попоштено да ја сака повеќе, да се грижи повеќе за оваа земја и би му завидувал до колку би бил убеден дека е спремен да се жртвува повеќе од мене. Благодарам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас ве молам господо пратеници да се воздржите од лични квалификации и дисквалификации во натамошниот......

Господинот Голубовски имаше збор.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Пред малку од говорницата беше искажан став дека ете и меѓу Комисијата за меѓунационални односи едногласно поддржала некакво мислење. Во смисла на тоа сакам да ги известам пратениците, а преку тоа и јавноста, бидејќи сеуште се водам формално како член на таа Комисија, дека јас во врска кога беше Референдумот на припадниците од албанското малцинство најавив повлекување во случај ако тие не се оградат од таа активност, јас веќе не присуствувам на ниедна седница, па во случајот и на таа седница каде таков став бил донесен едногласно.

Значи, се изземам од ставот на таа Комисија и воедно давам до знаење дека и формално деновиве писмено ќе ја упатам оставката. Се разбира во врска со името на информативната агенција дека таа мора да биде македонска, македонска и македонска и тука нема што да се разговара повеќе.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Доколку бидам поддржан од 10 пратеници, бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно да се изјасниме за законот, Мислам дека тоа право го имам според член 127 од Деловннкот за работа на Собранието на Република Македонија.

АЛИП ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувани пратеници, во расправата по Нацртот на овој закон, по половина час да му текне на некој да побара поединечно гласање поради тоа што се сомнева во гласањето.....,
ве молам расправаме по нацртот на законот. Јас колку што знам расправаме по нацрт на закон, бидејќи јас за тоа се изјаснив и се отвори расправа по Нацртот на законот. По половина час да му текне на некој да побара поединечно гласање со сомневање, некој да се изживува овде крајно е неодговорно и нечесно према останатите и да се става овој закон на исто рамниште со Уставот, тогаш не сме побарале финансиски средства колку ќе не чини државата, па сега сме барале за законот, мислам дека е неодговорно до таа мера, да тој тоа што го кажа треба да се преиспита што зборува.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Јас побарав збор, навистина не добив, меѓутоа, изгледа господата која се нарекува од левиот блок заборави кога го донесувавме и расправавме по Уставот дека тие истите се посоменваа во своето гласање после 24 часа и побараа да се преиспита валидноста на тоа гласање. Мислам дека не држи место од господинот

Џаферовски да половина час е многу касно, иако јас побарав збор и не добив навремено, а тие по 24 часа побараа....ете теи се во право ние на некој начин не сме. Секогаш сме виновни.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ако господинот Џаферовски ја наведува временската дистанца од половина час за некое приспитување ние оваа седница ја почнавме во 11 часот со дневен ред Предлог закон за основање агенција а не нацрт на закон. Од тие причини сметам дека она што го кажав сосема кореспондира со дневниот ред. Гласа целово Собрание за предлог за донесување закон со предлог на закон.Тогаш никому не му текна точката да ја преиначи во Нацрт на закон, сега им текнува после толку време откога почна оваа седница со усвоен дневен ред пред неколку дена.
Плус тоа, ова Собрание само си паѓа во контрадикција па и другарот Џаферовски тој гласаше за заклучок да ова Собрание од Владата добие предлог на закон, а сега гласа за Нацрт на закон. Кој е недоговорен нека оцената пратениците и јавноста.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Точно е тоа дека ова Собрание донесе заклучок да ја задолжи Владата да изготви предлог за донесување на закон меѓутоа тоа никако не значи дека било како текст да помине во ова Собрание и да се усвои законот. Затоа надлежната, матичната Комисија за политички систем го разгледа поднесениот предлог на закон и бидејки имаше многу забелешки како и порано кои не беа вградени во законот, потоа и ЗПК исто така имаше свои забелешки, донесе

заклучок да му предложи на Собранието на денешната седница законот да се разгледува како Нацрт а не предлог на закон. Нема ништо овее спорно кој кога зошто гласал и како гласал, Ние гласавме за заклучокот на Комисијата, односно на двете комисии, го усвоивме заклучокот и тоа значи дека законот се гледа денеска како нацрт, а не како предлог за донесување на закон.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас не сакам да бида погрешно сватен, но мислам дека некои сили во овој Парламент вршат опструкција за да не се донесе законот за македонска информативна агенција. Тоа е очигледно.

Само да ве потсетам на една работа.Ако гледавте телевизија синоќа, господинот Ерол Ризаов, кажа дека ниту во турските средства за јавно информирање не е објавена веста, т.н. република Северен Кипар, за која знаеме дека од никој не е признаена, меѓутоа Танјуг ни ја пласираше таа дезинформација, а нашите средства за информирање толку добро "ја голтнаа" што два дена ја објавуваа во нашите средства за јавно информираа.

Зачуден сум од господинот Туше Гошев кој исто како што имав поднесено амандмани имаше поднесено амандмани кои за мене барем, неговите амандмани беа прифатливи, а мислам и моите за него беа прифатливи. Значи, и со забелешките од некои комсии и други поднесени амандмани ова прашање можеше да се разреши уште на денешната седница.  Затоа мислам опструкции од таков вид, 3-4 пати да предлагаме само да се донесува предлог на закон а не нацрт на закон не држат. Да бидеме јасни, дали на оваа

Македонија и е потребна една независна информативна агенција. не навлегувам во тоа дали Владата, како и што го даде предлогот на законот, а јас чувствувајќи се како демократ, поднесов амандмани а ингеренциите ова Собрание ги има и сите пратенички групи и партии што се застапени во ова Собрание. Затоа мислам дека и господата од албанските партии тука се чувствуваат навредени и сл., меѓутоа, да ги потсетам дека информативните агенции во сите држави, вклучувајќи ја тука и Албанската држава носи име на пример Албанска телеграфска агенција. Мислам дека тоа непрејудицира дека е таа чисто македонска и дека е само македонска.

Што се однесува до Комисијата за меѓунационални односи мислам дека таму најдовме едно разбирање, и незнам зошто господинот Голубовски такви опструкции прави, затоа што е во контекст. Ние самите да не си правиме меѓу себе и во овој Парламент да утре некоја си држави си земе за сходно да каже тие не си ги решиле внатрешните прашања на најдобро цивилизациско ниво, па да каже не ја признавам Република Македонија од тие и тие причини. Јас не навлегувам во вашите побуди господине Голубовски.

Мислам дека господинот Цветан Јовчевски си го кажа своето деловничко право, а сега опструкции да правиме дали било после 1 час или 1 час, јас верувам дека половина од пратениците овде во овој Парламент незнаат за што гласаат. Убеден сум во тоа. Ве уверувам дека сум убеден во тоа. Можеби ќе се покаже на гласањето што го предложи Цветан Јовчевски, по Деловникот, ако иам поддрша од 10 пратеници, секретарот е тука може да го толкува тоа.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

За збор се јави потпретседателот на Собранието Киро Поповски.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници и своето лично мислење и мислењето на Пратеничката група на Социјалистичката партија на една од минатите седници веќе го искажав дека што побрзо и поитно треба да се донесе овој закони да се формира една ваква агенција во интерес на новата наша македонска држава. Мислам дека на тој начин ќе се овозможи поширока афирмација не само на политички план, туку и на стопански и на секаков план, сите резултати и комуникации на Република Македонија со целиот свет. Меѓутоа, имам впечаток дека после изјаснувањето на Собранието до вас се усвои како нацрт денес, дискусијата завлегува во такви води кои што не се расправа по суштината на прашањето во Законот, туку имам впечаток дека може само да ја наелектризира атмосферата во однос на некои формално-правни прашања меѓунационални, а повод да биде самиот закон. Отворено да кажеме, истото доколку повторно гласаме, јас би гласал веднаш да гласаме веднаш за ова како предлог на закон, дотолку повеќе како што колку што имав можност да се информирам и од членовите на Владата поголемиот дел амандмани што се предложени во комисиите Владата ги прифатила. Мислам дека можеме во процедура да некои амандмани кои што не беа прифатени од Владата да ги расправиме во една нормална атмосфера и денес да ги усвоиме. Меѓутоа, би предложил во интерес и на Парламентот и во функција на квалитетот на овој закон што треба да се донесе да не меѓу парламентарните групи или меѓу пратениците, да не створаме конфронтација околу

формалната процедура или околу самиот текст. Бидејќи во основа сите сугестии и предлози битните би рекол се прифатени од Владата. Да дадеме можност Министерството во најкраток рок да ни донесе еден пречистен текст, не нов текст, туку пречистен текст на наредна седница кој што без проблеми би го усвоиле. Зашто, имам впечаток доколку почнеме сега во една ваква атмосфера која што веќе е создаден овој закон да го гледаме имам впечаток дека само конфронтациите натаму ќе се зголемуваат. Ценам дека имаше право господинот Петров кога рече дека никој не парламентарна група, туку ниеден пратеник не го оспорил до сега потребата  од донесувањето на овој закон во целата оваа постапка до сега што ја водевме во Собранието по повод иницијативата за донесувањето на Законот за МИА.
Од тие причини во интерес да не создаваме конфронтации, а мислам дека јасни се инструкциите од комисиите и од Собранието до Министерството, мислам дека на наредна седница ние ќе имаме комплетно прочистен текст кој што веднаш можеме да го усвоиме. Доколку сега повторно одиме на пребројување, па меѓусебно конфронтирање, само уште повеќе ќе ја усложниме целата работа. А, по основните прашања мислам дека нема разидување, како амандмани што се прифатени и од Владата тие веќе имаат поддршка. Единствено овие нови амандмани што се од Комисијата за политички систем кои што непосредно пред седницата расправаа. Од тие причини мислам дека незнам зошто и од Владата некој не каже дека средства за оваа агенција се обезбедени од Буџетот, колку што јас имав можност да видам и низ буџетот. И тоа не е спорно. Мислам дека  нема никакви битни разлики меѓу парламентарните групи, ниту меѓу пратениците. Се согласувам со забелешката што беше дадена и мислам дека таа е суштинска и тоа е исто така во духот на предлогот што е даден во Законот дека не се однесува само за гласилата што се наменети за македонците во дијаспората , туку тоа се за сите граѓани што се од

Македонија во дијаспората и на тоа претпоставувам дека ниеден пратеник во ова Собрание исто така нема забелешки. Според тоа, не гледам некоја суштинска забелешка. Меѓутоа, да не отвораме повторна постапка околу тој предлог, туку да дадеме некој налог, Министерството да даде само прочистен текст и на идната седница без било какви потешкотии да го усвоиме овој закон. Во спротивно ценам без потреба ќе се отворат такви конфронтации кои што само можат да ја усложнат или да ја вратат на почеток целата работа. Не гледам битни разлики за донесувањето на самиот закон.

ФАИК АБДИ:

Еден добар дел од мојата дискусија господинот Киро Поповски ја кажа, но сакам да кажам ретко кога на денешнава седница сме биле на некој начин сложни за доста прашања што расправавме до сега. Како некој да не урочил и пак почнавме да се расправаме. Навистина тоа не чини. Јас не можам да верувам дека господинот Алиу мислел на промената на името на Македонија. Не ми се верува. Можеби тој мислел нешто друго, а од каде да знам јас што тој во душата мислел. Ако нешто се вика македонско информативно гласило, агенција дали е тоа само на македонците или мислел да биде тоа информативна агенција на Македонија. Едно или друго, незнам што, тука некаде, а не да се смени името, тоа е срамота, дали тоа може да биде. Но, како и да е има една работа за која ние расправавме на Комисијата за меѓунационални односи и со нашите забелешки се сложи претставникот на Владата дека во овој член 2 покрај се ова што пишува, треба да стои дека за потребите на информирањето на Републиката МИА прибира, обработува и дистрибуира информации за животот на македонците во дијаспората.

Под ова "Македонците" да се подразбере Македонците, Албанците, Турците, Власите, Ромите, итн, значи сите граѓани. Тоа е целата работа и ништо друго не е во прашање. Сметам дека ако е точно она дека ние спиевме пред малку, па не знаеме што гласаме и така помина тоа на мала врата, а и јавноста не следи, мислам дека не чини за нас како пратеници. Како дозволивме да дигнеме рака од предлог-закон да биде нацрт-закон и сега бараме да биде повторување. Немојте сега, што спиевме, спиевме. Не обрнувавме внимание. А тоа значи треба да обрнеме внимение на секоја точка. Мораме да бидеме сериозни, ние овде сме пратеници, законодавци, овде се носат закони. Сега не може ајде враќај ја топката назад уште еднаш гол да постигнеме, ако може. Така не може. Ќе остане она што луѓето гласаат. Јас не дигнав рака ни за, ни против, ни воздржан. Се чудам што е сега ова. Но, тоа било и поминало. Потребата од ваквата агенција мислам дека е многу голема, поготово, кога низ свет има и вампири и вештици и што уште не зборуваат за Македонија. Голема потреба е. Голема корист е ако формираме ваква агенција. Мислам дека што побргу мислам поубаво е. Танјуг сака, не сака ќе даде, нема да даде, тоа е работа на Танјуг. Меѓутоа ние мораме да имаме своја сопствена агенција. Кога сакаме да имаме сопствена држава ќе имаме и сопствена агенција.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Додека ние македонците се караме цело време еве веќе неколку месеци ќе правиме агенција, нема да правиме, грците веќе ја направија Македонската агенција, господа, во Солун. Кога реков Македонци, мислев на дражавјанство македонци, не мислам по националност. Затоа продолжете и понатаму карајте се, па до каде ќе стигнеме незнам, а грците си направија исто македонска агенција се вика и во Солун е.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Треба да делуваме малку посмирено. Јас незнам сега зошто се враќаме на некоја работа за која сметав дека е завршена. Тоа ми изгледа мене вака. Сите сме на лов, зајакот е тука, а викаме каде е трагата. Јас сакав да престанам еднаш со овој мој хумор, но тоа ми е врежано внатре во душата и ми се чини дека најблизок сум и меѓу вас и меѓу народот и меѓу семејството мое. Немам ништо против што рековте. Апсолутно. Сите бевте во право, но истовремено ме загрижува една суштинска работа. Без разлика кои сме што сме, тие сме и друг пат тоа сум го нагласувал. Сите викаме што побргу да ја направиме таа наша држава  таква каква што е. Меѓутоа, до сега направивме нешто големо, го проектиравме, а сега треба да се носи материјал за да биде таа зграда, таа држава. И кога донесовме едно камче, другиот оди го ваѓа и го фрла во темелот. Таа агенција и без таа агенција ние надвор во светот и внатре сме ништо, затоа што живееме на заем од секојдневниот живот и на нашиот човек и во светот. Кога велам на заем значи некој не користи, некој за арно, некој обратно.

Ако ја нападнеме Владата дека донела предлог-закон, а ни го достави, тогаш или нешто кај Владата не чини или пак ние што го прифативме предлогот не сме добри. Кога Владата носи предлог, јас многу пати слушнав од нашето Претседателство дека Владата е таа која ги носи законите а ние кои ќе ги усвоиме или ќе ги отфрлиме. Владата донела предлог за закон и нема што сега некоја комисија или некоја личност или некој пратеник тоа да го преправа. Што побргу одиме до таа агенција, толку побрзо одиме до вистината за нашата државност. Нема време за чекање, затоа што секој саат, јас и друг пат напомнав некому му годи, а на народот апсолутно не

му годи. Молам, да не продолжувам, еден од нашите пратеници, од мојата партија предложи да се пребројат гласовите именично. Јас ќе прекинам и се слагам именично да се гласа и да се дојде до вистината со која сум самоуверен дека сите тоа го сакате.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Се плашам една процедура и постапка која што требаше да не доведе што побргу до политичката идеа и сите овие интереси кои се врзани за формирање на една таква агенција не не одведе во ирационалност да расправаме повторно за меѓупартиски и меѓунационални и други односи. Се плашам дека тоа што и денес можеме да го завршиме е во функција што побргу да дојдеме до таа идеа, ќе си го скратиме ако не видиме процедурално што се најкратките патишта до тоа да се дојде.

Прво, да кажам дека Комисијата за општествено-политички систем на неколку пати во сите фази от иницијативата да се формира агенција преку сите предлози во пишана форма најсовесно и да кажат во полна соработка со Министерството за информации ги гледаше и на ова Собрание му сугерираше соодветни заклучоци, предлози итн. Во таа функција и овој заклучок односно овој извештај што го има оваа Комисија, а кој е идентичен и со Законодавно-правната комисија е на таа линија. За подобро осознавање на постапката само неколку елементи на генезата на овој предлог на донесување на овој закон да кажам, а тоа е дека по усвојувањето уште во декември минатата година дека Собранието го прифаќа Предлогот да се донесе законот и ја задолжи Владата да изготви предлог, дури на 17 јануари по прв пат Комисијата се сретна со Предлог-законот за агенцијата МИА.

Притоа, ги имаше предвид амандманите на господинот Стојков и го имаше усното образложение на министерот за информации во однос на забелешките кои на таа седница членовите на Комисијата ги изнесоа. Притоа, министерот како претставник на Владата се обврза врз основа на тие забелешки на одреден начин ги вгради низ амандмани кои Владата самата имаше намера да ги предложи. Седницата на Владата беше закажана за 21 јануари, денот кога беше на дневен ред беше поставен и предлог-законот за МИА.

Комисијата која истиот ден беше закажана во 8,30 часот не доби амандмани од Владата, бидејќи во меѓусебното доставување на амандманите нешто затаи, па во согласност со предлагачот ја одложивме Комисијата за во 11,00 часот. Се извинувам што вака детално образлагам, меѓутоа, морам да кажам неколку факти. Меѓувремено до Комисијата односно до секој пратеник беа веќе доставени повеќе амандмани од пратеници, меѓу кои овде и Тодор Петров и Туше Гошев итн, за кои Комисијата не можеше да ги има предвид бидејќи не беа благовремено доставени. Со оглед на тоа дека министерот немаше со себе документ  валиден од Владата, потпишан од претседателот на Владата за амандманите кои Владата сама ги усвои понуди усмено образложение на амандманите, што се разбира, деловнички не беше никако прифатливо и по договор пак со предлагачот ја померивме седницата се со цел да имаме што повеќе амандмани во однос на целокупната проблематика на Законот.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (продолжение)

Во меѓувреме го дознавме и ставот на ЗПК кој формално правно наоѓа пречки  за донесување на законот пред се по основ на потребата со законот да бидат предвидени средства за основање на агенцијата, бидејќи ако ние како Собрание сме основачи и ако ги почитуваме законите, тогаш Законот за претпријатието е дециден во однос на прашањето за формирање на јавно претрпијатие. При тоа процедуларно постојат пречки бидејќи тие средства треба да бидат предвидени и според членот 298 став 2 од Деловникот за работа на ова Собрание надлежното тело треба да даде виза за тие средства. Зошто тоа тело не расправало и не дало виза, јас не можам да одговарам ниту сакам во тоа да навлегувам.

Со оглед на тоа, бидејќи таа седница беше на 21-ви истиот ден кога беше поставена точката на дневен ред за МИА во опасност точката да не помине, во договор со Министерот Треневски и членовите на Комисијата го дадовме овој Предлог заклучок сега да се разгледа во нацрт мислејќи дека на 21-ви тоа ќе биде со што сосема кратко, не е тоа јавна расправа како сака овде да се наметне тоа е можеби само процедурална една фаза која во постапката може да се спаси она што може да се спаси мислејќи дека во оваа недела сигурно ќе дојдевме до пречистен текст на предлогот и ќе го донесевме законот.Се со идеја, бидејќи имаше контраверзности и во амандманите што се предлагаа, а имаше и премногу амандмани на секој член на законот. Оттука нема ниту малку ова што господинот Тодор Петров сакаше да го искаже дека некој си зел за право како работно тело да го заобиколи Деловникот, тоа воопшто не држи а можеме слободно да го спориме, тој може слободно да ги прочита членовите од Деловникот каде тоа е регулирано и да види дека и денеска, ако не одиме на еден поблизок заклучок кој би значел или донесување на

Нацрт  со обврска Владата да ги има предвид сите предлози и пречистен текст за усвојување на наредната седница или она што Комисијата за општествено политички систем се обиде уште денеска да го направи пак во договор со добра волја на Министерството за информации да одржи седница повторно ги разгледа сите амадмани и во неможност да се усогласи со ЗПК која немаше намера да го менува ставот по основ на Предлогот на закон практично го одложи донесувањето на законот на оваа седница. Ве молам во таа смисла да дискутираме . Јас се оградувам од сите други дискусии кои се наметнати во однос на името тоа воопшто ниту било дискутирано ниту било предлагано, а добро знаете дека секоја комисија на одредена паритетна основа по партиска и незнам по која линија е составена.
Јас ве молам, навистина, ако можеме процедурално да излеземе од овој круг, меѓутоа, во функција или на подобрување на текстот или на постапката за забрзување на постапката за доне-сување . Ако ние се договориме со паузи тоа да го направиме, ако мисли некој дека од денеска е тоа проблемот со кој треба да излеземе во светот дајте ќе направиме пауза, ќе ги активираме телата, Владата нека седне во друга просторија нека заседава, ако мислите дека е тоа, но немојте да се етикетираме и да одиме на нешто што навистина никому, барем јас не почувствував ни во работните тела нити во нешто друго. Во однос на ова што предлагате да се гласа поединечно моја среќа што седам позади и видов како се гласа и кој отприлика гласа за овој предлог. Сега премислувањето по партиска линија мене ми е многу јасно, меѓутоа, тоа не води кон ништо тоа нема ништо да докаже, па дајте да се договориме што е тоа што процедурално денеска можеме да излеземе за подобро и побрзо донесување на овој Предлог закон, бидејќи таков заклучок имаме.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Уште на почетокот сакам да се искажам позитивно кон ставот дека Македонија има потреба да донесе една одлука или закон за формрирање на една ваква агенција така што да не се создадат дополнителни забуни дали е некој за или против за формирање на една ваква агенција. Меѓутоа, сметам дека причините се од суштински карактер уште повеќе што концепциски некои ставови не се расчистени до крај и не се разјаснети.

Прво, по мене, проблематичен е фактот кој е основачот на ваквата агенција. Дали тоа ќе биде Собранието или Владата. По мое лично убедување би требало да биде овој Парламент, овој дом како највисок орган на власта а не Владата на Република Македонија.

Втор проблем кој од концепциска гледна точка е неизводлив е фактот што средствата за финансирање на работата и основањето на оваа агенција според предложениот предлог-закон се добиваат од три вида на извори.

Прво, од Буџетот на Република Македонија,

Второ, од пазарното делување на агенцијата и

Трето, од средства од домашни и странски лица кои ќе вложуваат во оваа агенција.

Ако имаме три вида на извори на средства основањето и делувањето на оваа агнеција тогаш апсолутно ќе имаме и три вида односно три начина на управување со оваа агенција. Со законот тоа не е расчистено. Овде се вели во членот 8 дека орган кој ќе управува со МИА е Советот кој е составен од 6 члена кои ги именува Владата. Ако некој ќе вложува средства во МИА, тогаш автоматски му се овозможува тој и да управува со МИА, а дали тој што ќе вложува ќе се стави во положба или под капа на управување на Владата тоа е прашање.

Втора работа кон ова прашање односно вложувањето на средствата што со законот овде не е ограничено, не е ставен лимит до кој степен приватното лице односно странскиот граѓанин може да вложува во оваа агенција така што можеме да дојдеме во состојба кога еден странски вложувач ќе вложи 60 или 70% и буквално целата агенција ќе ја управува согласно вложените средства. Освен тоа има и некои работи кои по мене се спорни, а тоа е гледано прво од правна гледна точка.

Со право забележила Комисијата за општествено-политички систем каде се оспорува членот 1 за тоа што и според мене нормата односно членот не може да се формулира и да почнува вака како што почнува "заради остварувањето на правото на граѓаните на објективно и целосно и навремено информирање, ќе се формира агенција МИА", тоа може да стои само во образложението  каде ќе се образложат причините зошто се формира една ваква агенција.

Понатаму во членот 2 каде се зборува со иста синтагма почнуваат и првиот параграф и вториот, и третиот и четвртиот прибирање, прибирање додека во третата алинеја околу информирањето за животот на македонците во дијаспората, сметам дека тоа се подразбира и дури не треба да стои во Законот, се подразбира дека во делокругот на МИА ќе биде вклучен и тој сегмент.

На крајот, сметам дека некои прашања јазично не се добро формулирани како на пример ставот 3 од членот 3 каде се вели: "средствата од ставот 1 и 2 на овој член се сметаат  како влог на Република Македонија кои како средства...", значи средствата  како средства мислам дека овде  треба да стои изворот и средствата. Се на се мислам дека овој закон вака како што е  треба да се изработи и навистина да дојде еден концепциски поиздржлив закон со сите овие мани, ако можам така да се изразам, да биде пречистен.

АЦО СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, денешната дискусија на дискутантите ја сфаќам на начин што сепак по сите дискусии се оди на тоа и на оваа седница да се одложи прашањето за донесување на овој мошне значаен закон.

Основањето на Македонска информативна агенција - МИА по мое гледање ја гледам како конститутивен елемент на државата. Зошто ова прашање неуморно го одлагаме навистина не ми е јасно од причина што беше покренувано наназад на многу седници, а еве на денешната седница најдовме некои процедурални пречки ова прашање да го гледаме сега како нацрт, а понатаму по текстот на Законот на една од наредните седници, а јас лично се сомневам дека тоа ќе биде на наредната седница.

Кога реков дека овој закон го гледам како конституивен елемент на македонската државност пред се мислев на потезите кои треба да ги прави оваа држава кога веќе сака да создаде своја македонска држава.

Да ве потсетам во однос на некои процедурални работи што ги правевме наназад, а што ова Собрание ги премолча, па денеска за овој мошне значаен закон еве пак наоѓаме пречки да го одложиме.

Ќе ве потсетам само на донесувањето на Уставот кога тој недефиниран акт беше покажан пред Европската заедница како таков, ние ги покажавме одредбите кои ги содржеше тој Устав, а Уставот сеуште не беше конечно донесен на ова Собрание. Што ќе се случеше ако и Европската заедница на пример ја признаеше Македонија како држава, со што ние ќе се пофалевме во оваа држава односно ќе искажевме подготвеност дека како држава можеме да делуваме. Во замена на информативниот простор по мое лично гледање и убедување

владее страшен хаос. Формирањето на ваква агенција е од непосредно најдиректно значење за оваа нација. Совеста кај нашиот граѓанин е до толку збунета во смисла на тоа што навистина не може да изгради свое мислење, односно да ги оцени исправно потезите на македонската држава односно патот и правецот на кој се формира државата.

Да ве потсетам само на некои земји скоро сите земји имаат свои национални агенции. Тоа е РИА во Русија,ДПА-Германија, АФП-Франција, БПА-Бугарија, ПАП-Полска, АТ-Албанија , ХИНА-Хрватска итн., не можам на другите во моментот да се сетам, меѓутоа, јас уште еднаш ви обрнувам внимание дека ова прашање основање на МИА да го гледаме како конститутивен елемент на државноста на Македонија Ние одиме до таму што наоѓаме процедурални пречки како божем ова прашање ќе се постави пред меѓународниот суд во Хаг на правдата, па сме направиле некоја грешка во процедурата. Да одиме првенствено на значењето односно неопходноста на формирањето на оваа агенција, да не одиме на одлагање, туку да најдеме можност и простор и начин ова прашање уште денеска да го дефинираме и како таков закон, а гледам и дискутантите за тоа се залагаат дека немаат наводно ништо против да се донесе ваков закон, меѓутоа, пак се инсистира на не-. какво одлагање, па да најдеме денеска време и простор овој закон да се донесе.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Мислам дека ако го отвориме весникот "Нова Македонија" и денеска ќе видиме дека вестите стојат со назнака од "Танјуг". Време е еднаш во процесот на осамостојувањето на Република Македонија и во процесот на нејзиното меѓународно признавање ние со вистинските информации пред светот и пред Европа се легитимираме со наша информативна агенција која на одреден начин законот прави напори да

ја претстави и тоа да биде на денешен ден.

Сакам само да ги потсетам пратениците за една средба што ја имавме со претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров во времето кога се носеше Уставот на Република Македонија во разговорот што го имаше пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со претседателот недвосмислено беа искажувањата на претседателот дека во овој момент на Македонија и е потребен Устав. Дајте да го донесеме Уставот, а потоа ќе се договараме како ќе го надградуваме понатаму. Поаѓајќи од тоа извинете ние сме свесни дека Уставот го донесовме на еден величествен начин тоа значи дека Уставот секогаш ќе биде во функција на остварувањето на основните цели на Република Македонија, а тоа е да се обезбеди еден рамноправен живот, а денеска во овој момент и потребата Македонија како Република да биде меѓународно призната. Оттука сметам дека со основањето на МИА истата треба да биде ставена токму во функција на побрзото признавање на Република Македонија. Нам ни се чини дека со агенцијата МИА ќе ја легитимираме Републиката во нејзината права вистина и поаѓајќи од тие позиции неопходно е уште еднаш денеска да се преиспитаме не како пратеници, туку сите што овде учествуваме во работата на овој Парламент и да видиме потребата и неопходноста од доенсувањето на овој закон, бидејќи ќе повторам овој закон може и да се надоградува на наредната седница. Ние ќе ја оствариме нашата задача како пратеници доколку на денешната седница го донесеме овој закон. Каква би била постапката за донесување на овој закон. Мислам дека е многу умесен предлогот на пратеникот Зоран Крстевски да се направи пауза да уследи еден договор меѓу парламентарните групи и во продолжението на седницата ова го ставиме на дневен ред предлогот на законот за МИА.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, не сакам да говорам околу потребата или непотребата од донесување на овој закон. Дали ќе треба да се разгледува како нацрт или предлог на закон, што е усвоено, што не е усвоено, меѓутоа, во ЗПК дојде да заземеме став дека треба да оди во Нацрт поради односот на министерот спрема амандманите, дали треба да се прифатат, а тие беа поставени од пратениците Туше Гошев, Тодор Петров, Стоиле Стојков, не најдовме за сходно да најдеме вградена содржина на овие текстови и затоа беше таквата одлука. Меѓутоа, сваќајќи ја лично својата одговорност при создавање на една држава ни треба едан ваква информативна куќа го прифаќам предлогот на господинот Зоран Крстевски нивната матична комисија и ЗПК заедно со министерот за информации направиме уште еден напор да најдеме заеднички јазик овој предлог го претвориме како предлог на закон кој денеска би го усвоиле да имаме барем еднаш во овој дел една конструкција да направиме разлика што треба како нужност на државата Македонија , а што партиско натпреварување.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Кога човек ке поверува вака најискрено дека навистина седиме како сериозни партии, како пратеници ќе биде малку изненаден.

Следејќи ја внимателно дискусијата на пратениците, пред се, од ВМРО ДПМНЕ сум изненаден од две причини. Првата причина е што ВМРО - ДПМНЕ се огласува јавно итн. преку средствата за информирање и овде од оваа говорница на овој парламент и официјални соопштенија дека  е во опозиција. Од друга страна овде веќе два саата упорно го брани предлогот на Владата, на министерот. Тоа е првото збунување.

Второто збунување е што истата партија ВМРО-ДПМНЕ во последно време (реакција во салата)

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам за тишина. Ке добие секој збор.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Често преку своите јавни соопштенија, настапи, изјави и во парламентот и во јавноста кажува дека власта во Македонија е сконцентрирана во неколку личности пред се, во Претседателот на Владата,  во претседателот на Републиката, дека ние како Парламент, како парламентарни групи  сме исфрлени од позицијата да можеме да ја контролираме таа власт и извршната, дека проекти кои се нудат во Парламентот се исфрламе и надвор од законодавната власт итн. Тоа е евидентно, а од друга страна се залагаме за проекти што ги нуди Владата да ги прифаќа сите оние проекти  кои нас како парламент не ставаат негде на постранична позиција. Јас ќе спомнам само два примери. Првиот пример беше по прашањето за доследна градба на Уставот на Парламентарен систем. И покрај инсистирањето на пратениците од СДС за чист парламентарен систем во Репбуликата  ВМРО ДПМНЕ се залагаше за концептот каде што се даде рамнотежа на власта и на претседателот на Репбуликата и на Владата (реакции во салата) ако имате

после мене кажете нешто со аргументи, и тие се факти кои зборуваат.

Овие претходни напомени ги кажав за да ги поврзам со следниот случај. Предлогот за агенција која ја прекрстивме во МИА како што ја викаме од почеток си има своја генеза. Нашите отпори како парламентарна група во однос на тој предлог и инсиситирање за подобрување на тој предлог се однесуваат само во врска со решенијата што се нудеа од почеток и што сеуште до крај не се исчистени во овој текст што го имаме. Се нуди еден така да речам автократски текст од кој агенцијата ја прави Владина аагенција и ја прави закоштената и ја исфрлува надвор од контролата на овој Парламент. Лепењето етикети дека некој е против таа агеницја, апсолутно потврдената потреба за таква агенција во Македонија никој не ја порекнува, ниту во оваа процедура комисиски ниту некој кажа дека нема потреба од таква агеницја. Проблемот се однесува само на решенијата кои се нудат преку агенцијата, на начинот на нејзиното организирање и на нејзиното функционирање и кој е тој страв да докрај ние како парламент инсистираме на демократски решенија и решенија кои ќе го акцептираат целокупниот корпус што досега е во Републикава Македонија, Јас мислам дека има и неколку други причини што ваквиот проект наиде на вакви отпори, а тоа е прво, секој оној кој минимум ги познава односите, а тоа се искажа и законодавно правната комисија неколку пати дека самиот проект во почетокот беше тотално во спротивност со законот за претпријатијата. Се сакаше, се целеше да се формира агеницја како јавно претпријатие, а во својата суштина со одредби директно спротивни на Законот за претпријатијата каде што се регулираат одредбите во однос на односите помеѓу основачот и агенцијата за јавни претпријатија и другите суштински прашања. Одкога после таквите укажувања беа акцептирани некои сознанија од работните тела од самиот предлагач и понатаму се остана на прашањето да координирано Владата не

дејствуваше во делот на обезбедување на финансиски средства. Ние пред десетина дена го разгледувавме Нацрт буџетот и нигде не сретнавме дека се предлага, дека се обезбедуваат средства иако во меѓу-време утврдивме потреба и го усвоивме предлогот за доенсување на таков закон. Дека треба да формираме, а како основачи должни сме да обзебедиме и финансиски средства за таа агеницја и нужнмо од образложениeто на законот што беше кажано дека на таа агенција и треба основачки влог за кој треба таа да почне да функционира. Ако нас ни треба само законот, а потоа да најде таа агенција на практични пречки и за нејзино функционирање и тоа ако ние како пратеници го дозволиме од овие клупи, па понатаму да има проблеми таа агеницја со нејзиното практично функционирање тогаш ништо не сме направиле.

Што е тоа што смета ако во една фаза , што мислам дека беше вториот главен проблем, а тоа е дека не беа консултирани јавно и целисходно сите интересенти во Македонија во однос на формирањето на ваквата агенција да кажат свое јавно мислење, па такви бранови на мислења предизвика самиот предлог од почеток и денес во јавните гласила и другите средства за јавно информирање во Македонија. Зошто да бегаме од една процедура на демократско искажување ако веќе постои таков интерес за таа агенција во Македонија и ние тоа го спречуваме овде, па ќе гласаме сега по список и ќе гласаме ако треба, но јас тврдам тие што се правници знаат секој закон кој така е носен каде до крај не се согледани сите потреби има многу краток век, дека ке доживее брзо промена или неговата практична примена нема да биде целосна како што треба да се применува. Ако овој парламент има за цел да донесува такви манливи закони да јго кажеме тоа, јас мислам дека немаме потреба никако парламент ни како држава. Ако веќе се пројавува таков интерес да се прави

и јас стојам на мислењето дека од почетокот од кога е почнат овој проект до денеска многу се доцни. Само причините мислам дека треба да ги бараме во Владата, во предлагачот односно затоа што недозволено упорно инсистираше за решенија за кои немаше доволно слух ниту овој Парламент во субјектите ниту во комисиите, ниту пошироко во јавноста. Во таа смисла мислам дека треба сите да признаеме дека причините на таа страна лежат.

Јас имам само толку да кажам слушајќи упорно голем дел на овие дискусии, инаку лично би гласал онака како што ќе се согласи Парламентот во оваа ситуација затоа што сметам дека потребата и овде ја утврдивме на овој Парламент е апсолутно непобитно утврдена и неопходно.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници, се јавив за реплика на излагањето на претходниот излагач да го потсетам на неколку факти, имено при донесувањето на одлуката за преминување на ВМРО ДПМНЕ во опозиција едно од причините беше злоупотребата на парламентот од страна на таканареченото претседателство, мислам дека очигледен пример беше на овој случај кога потпретседателот на Собранието кој што е кандидат на партијата СДСМ на која што припаѓа претходниот говорник дозволи говорницата да биде употребена за политички маркетинг и да не се води сметка за дневниот ред туку да се напаѓа партијата ВМРО ДПМНЕ без било какви аргументи и без било каква поврзаност по точката на дневиот ред и предлозите кои што беа истакнати од страна на пратениците во врска со информативната агеницја МИА и тука слушаме веќе 15 минути чиста демагогија.

Исто така морам да потсетам дека во партиската програма на ВМРО ДПМНЕ е формирањето на информативна агенција МИНА и со пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ веќе пред четири месеци даде иници-

јатива за формирање за ваква информативна агеницја. Така што не се работи за поддржување на предлози на Владата или за предлози на поединечен министер туку се работи за одговор на иницијатива на пратеничката група од страна токму на Владата на Република Македонија.

Исто така во парламентот не би требало ние во парламентот да се пуштаме во политички маркетинг и да не правиме разлика помеѓу она што е државен интерес и политички интерес на одредени политички партии. Јас апелирам на пратениците да престанеме со непродуктивни дискусии, да се потсетиме на тоа што значи формирањето на една ваква информативна агенција МИА.

Факт е дека голем број од пратениците на ВМРО ДПМНЕ а пред се пратеникот Стоиле Стојков, предложија голем број на амандмани токму на предлогот на Владата на предлогот на законот за МИА и факт е дека и Владата прифати поголем број на амандмани.

Исто така не стои забелешката дека во буџетот не се предвидени средства за информативната агенција МИА, факт е дека ние расправавме за нацрт буџетот и сеуште тој не е оформен ниту во форма на предлог и не е усвоен буџетот за 1992 година. Така што овие забелешки сметам дека нестојат.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:
Јас ќе се обидам на неколку констатации изнесени од пратеникот Наќе Стојановски кој што навистина не држат. Целата дискусија во основа беше демагошка, немаше никаква основа, Димовска одговори на некмолку работи. Прво за опозицијата мислам дека треба да се разликува опозиција, а потоа конструктивна опозиција, а беше произнесено дека ВМРО преоѓа во конструктивна опозиција и дека ќе го брани и дека ке го штити она што е на линија на нејзината програма.

Потоа овде беше изречено дека оваа агенција ке биде владина агеницја што апсолутно нема никаква врска ниту Владата во текот на градењето на текстот на овој закон потполно се откажа од секаква ингеренција врз овој закон. Собранието ја основа, Собранието наименува директори, уредници, и се друго. Владата нема нема никакви ингеренции натаму врз таа агнеицја. Од каде Владина агенција не ми е јасно.

Потоа смета дека треба да се извршат консултации со интересентите или корисниците на услугите на агенцијата. Пратеникот Наќе Стојановски очигледно не ги чита собраниските материјали бидејќи во образложението на текстот стои дека се извршени интензивни и чести контакти со евентуалните корисници на услугите на оваа агенција, така да и тоа не држи место. Потоа рече дека ми се случува во парламентот многу брзо да донесуваме, избрзуваме со некои закони или акти кои што потоа брзо паѓаат. Тоа е точно и најубав пример и најсликовит пример во тој однос е уставот на кој што токму неговата пратеничка група инсистираше или сега и вака и никако поинаку, а потоа испадна за две седници тој устав се menuваше.

ПЕТРЕ ТАЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници, незнам дали со оваа точка требаше овде да се прави анализа на една водечка политичка партија. ВМРО ДПМНЕ да знае господинот Наќе секогаш ќе поддржува се што е во интерес на Македонија. Тоа и досега го правела, а тоа што било во интерес на Македонија е и идеите на ВМРО и иницијативите секогаш таа ваша партија господине Наќе ви кочела. Не е време сега или утре. Јас лично минатиот пат ја напаѓав Владата. Кога владата

и политиката на оваа Република кога не е во интрес на оваа Република. Во летото од оваа говорница господина ја започнавте канонадата против господинот Мијалков, ВМРО цела ноќ го бранеше. И што стана. И кога ке излезете овде друг пат кога ги правите тие анализи почнувам да чувствувам страв.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само им благодарам на троицата колеги пратеници што ме слушале со внимание, затоа што побудија таков интерес да одговорот сите тројца. Али следејќи ги консеквентно до крај очигледно некои раобти недослушале, а тоа си е и нивни проблем. Иначе што се однесува до Петре Трајковски нема потреба да чувствува страв, затоа што ние сме демократска партија, а не сме партија која се служи со други методи како што докажаа некои  други партии а евидентно тоа го почувствувавме ние неколку пратеници од наша партија и на наши плаќи.Благодарам.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Нема да правам никакви политички опсервации ни некои субјективен одраз ни една објективна стварност кој како мисли за партиските погледи и завидување јас чисто сакам рационално да ја постигнаме целта надвор од политизирањето на таа состојба сега што се ствара во парламентот. Ние сме денеска дојдени да направиме агенција ако веќе имаме желба да ја направиме и ако расчистивме дали да биде таа агенција како јавно претпријатие, или агенција на Република Македонија на сите граѓани, или пак да биде агенција на Владата или како управна организација, по законите за органот и целокупното лавирање између потребите и желбите и начинот на спроведувањето

на стигнување до целта повторно се врака во целокупната расправа денеска, а и од сите други проекти кои веќе ги нудеше Владата во таа смисла.

Не сакам да елаборирам за начинот за тоа што ако еден закон од 12 членови како што предлагаше господинот Зибери ги содржи сите определби како што треба да ги содржи по законот за претпријатијата ќе создадеме нов законски проект како што е законот за претрпијатијата јас го мислам овој закон како оснивачки акт на едно јавно претпријатие. И ако во овој оснивачки акт веќе во образложението на законскиот текст го одбирал членот 24-а од претпријатијата, ја одбрал формата како јавно претпријатие и во правото име на еден израз два пати за иста работа не се донесува Закон, не се решава затоа што јавното претпријатие, начинот на оснивањето на јавното претпријатие, неговите ингеренции, начинот на регистрирањето пред регистарскиот суд, рамковната структура на управувањето на тој правен субјект е регулирано во Законот за претпријатијата. И јас оттука логички размислувајќи согласно на членот 51 став 2 од Уставот треба да ги почитуваме сите закони, дури Владата и Собранието на Република Македонија треба да ги почитуваат, нема потреба од донесување на таков законски проект ние повторно ја повторуваме материјата која веќе ја имаме донесено. Оттука сметам дека најпросто кажано за да ја стигнема целта за која сите имаме добра желба, ако расчистивме дека таа треба да биде агенција на Република Македонија, а не да биде агенција на Владата тогаш Собранеито да донесе само еден оснивчаки акт од два члена, дека Република Македонија оснива агенција за потребите таму искажани, а рамковната структура на управување, сите елементи кои треба да ги содржи јавното претпријатие предвидено

во членот 24-а и 24-б, 54, итн.по Законот за претпријатијата е веќе регулирано и ќе биде кажано и спроведено во статутот на стопанскиот субјект кој мора да го донесе согласно на член 12 од уредбата за упис во судскиот регистар во рок од 15 дена пред регистарскиот суд за да може тој субјект да има стопански валиден субјективитет во меѓународниот промет во вршењето на основната функција за која ја формира Република Македонија. Основното лабирање беше предлогот на Владата затоа што Владата не го почитува членот 24-б во врска со членот 53, 55 од Законот за претпријатијата. Основањето на Собранието, учеството на Собранието во Советот на МИА предлага Владата да именува, што мислам дека нема право во таа смисла, и спротивно на членот 53 од Законот во врска со члоенот 24-б од Законот за претпријатијата каде се кажува дека одредбите важат потполно подеднакво како за сите стопански субјекти и за јавните претпријатија. Од тука настанува причината затоа што Владата сака и понатаму да именува и да разрешува директори во тој стопански субјект или во тоа јавно претпријатие. Немајќи ја Владата таа функција ниту законската основа на тоа Владата сака да донесе некој законски проект и му нуди на Собранието, а на Собранието незабележувајќи од исполитизираноста на состојбата и борењето на некои во спроведувањето на своите субјективни погледи во една објективна околност која сега се нуди на овој Парламент не сака веќе донесен законски проект да го почитува. А знаете Вие кој не го почитува, вредноста на еден народ е према почитувањето на законите, тоа е цивилизациски процес и сега да не го имитирам господинот Фаик Абди да го кажам тоа на латински јазик. За тоа сметам дека сега нема потреба од донесување на накој законски проект кој веќе е донесен. За мене е прашањето донесувањето само на еден основачки акт за основање на агенција, а разрешувањето дали ќе биде

тоа мешовит облик на организацијата на имотот на таа МИА, согласно на член 2 став 3, став 4 или во врска со член 24 тоа ќе се уреди со статутот на стопанскиот субјект. Ако сака стопанскиот субјект да биде во мешовита сопственост или да биде во приватна сопственост тогаш се менува и рамковната структура на управување согласно на членот 58 став 1 од Уставот каде кажува дека основ  за управување во стопанскиот субјект е имотот и трудот кој треба таму да биде внесен.  Се се тие прашања кои веќе се расчистени со Законот и со Уставот, јас незнам зошто денеска  таа толку силна расправа и проблем во врска со таа работа. Јас  затоа предлагам да Република Македонија не го наруши дигнитетот на леглислативата на овој Парламент.  Да донесуваме закони за се и сешто нема потреба, ние веќе имаме  закони. Ние со една одлука за основање на стопанскиот субјект и давање една согласност на статутот на тој стопански субјект ја постигнуваме целта.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Треневски, министер за информации.

МАРТИН ТРЕНЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници.

Искрено да ви кажам не бев свесен дека Македонската информативна агенција ќе наиде на вака тешки породилни маки. Тоа посебно ме чуди од сознанието дека на нашите татковци кои ја создаваа оваа држава во текот на НОВ им требаше само осум дена од донесувањето на одлуката за формирање на новинска агенција, стануваше збор за ТАМ, до нејзиното реализирање. Да потсетам одлуката за формирање ТАМ е донесена на 2-ри септември 1944 година во "Св. прохор Пчински, а реализирана е само 8 дена во селото Горно Врановци. Ние веќе навлегуваме во 8-ми месец како расправаме за Агенцијата и белким се приближуваме кон некое рационално решение. Јас се надевам дека ќе биде донесена наското.

Ке бидам сосема краток

Собранието ја задолжи Владата односно ресорното министерство за информации на седницата од почетокот на декември да понуди на Собранието предлог на закон за формирање Македонска новиснска агенција. Таков предлог понудивме. Лично присуствував на расправите и во ЗПК и во КОмисијата за општествено политички систем, и според моите наоѓања главните забелешки во првата комисија беа околу тој проблем за кој зборуваше господинот Гошев, пред малку, кој да го именува директорот на Агенцијата.

Ние, како ресорно министерство и Владата во целина, бидејќи овој текст што беше понуден беше претресуван во доста наврати, се определивме за едно решение Владата да предлага, од чисто прагматични причини затоа што тој директор наАгенцијата, кој и да е , сеедно практично секојдневно ќе биде осуден да комуницира со Владата, со ресорните министерства за финансии, за

за информации итн. Од тие причини велам се определивме за едно такво решение а не Владата да става рака или капа на слободата на јавното информирање.

Во Комисијата за општествено политички систем како клучен проблем беше истакнат проблемот околу финансиите. Тој проблем не постои затоа што министерството за информации веќе упати барање до Министерството за финансии во Предлогот на буџетот за 1992 година да предвиди средства не само за Македонската информативна агенција или сеедно како ќе ја наречеме, еве и тоа се оспорува, туку побаравме средства и за меѓународен прес центар во Скопје, бидејќи веќе се соочуваме со околноста кога десетици странски новинари доѓаат, ние сме интересни во меѓународни рамки, така што велам, за неколку клучни проекти кои се врзани за проблемот на информирањето.

Текстот на законот што беше понуден, беше понуден во функција на оснивачки акт на јавното претпријатие, Слушнавме има забелешки околу таа работа. Владата настојуваше клучните забелешки во амаднманите на господинот Стојле Стојков, на господинот Гошев и некои други пратеници што понудија амандмани, настојуваше да ги задоволи што е можно повеќе. Тоа денеска го нагласи на повторната седница на Комисијата за општествено политички систем дека ние сме подготвени до максимум да ги уважиме настојувањата, забелешките искажани во амандманите и во тој контекст предлагаме секаде, каде што во Законот стои "Владата", да се преиначи да биде Собранието. Потполно ја препуштаме контролата, управувањето итн. во Собранието, само дајте оваа новинска агенција конечно нека стартува. Верувајте, со нејзиното чување во ладовина се нанесуваат огромни и ненадомесливи штети на самата наша држава која што, верувам, сите толку исконски од срце сакаме да биде

што поскоро и меѓународно призната и верифицирана.

Ке завршам со следното, суверената Македонска држава, ако има потреба од сопствена дипломатија, од сопствена армија, исто така има и од сопствена новинска агенција. Мислам дека околу тоа немаше спорни опречни дискусии. Така што, да ја направиме. Па, со законодавството кое допрва ќе следи ќе ја делкаме ќе ја усовршуваме, меѓутоа многу е битна нејзината функција. Таа нека тргне Верувајте, има интересирање од десетици новинари професионалци од сите постојни куќи во Републикава кои се заинтересирани да прејдат во таа агенција, ги нудат сопствените услуги и искуство да гос тават во функција на интересите на оваа Република. нека стартува нека почне да дејствува, а, велам, се што е спорно, подготвени сме да прифатиме и да ја усовршуваме.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (небара)

Со оглед на тоа што од овие две Комисии, од Комисијата за општествено политички систем и ЗПК е побарано како во ваква форма да продолжи разгледувањето на законот, поради тоа што има многу забелешки, а кој во моментот не се дадени во форма на амандани, значи ќе треба да претстои тие две комисии да ги формулираат своите забелешки како амандмани и низа овие дискусии што беа овде поединечни исто така да бидат формулирани како амандмани а понив ќе треба усогласување и со Владата и меѓу Комисиите.

Дали не е поцелисходно овој Предлог на комисиите со заклучок на Собранието да го усвоиме Нацртот, а на првата наредна седница Владата да достави до Собранието Предлог на закон? (пратениците не се согласуваат)

Ако со тоа не се согласувате, бидејќи предлогот имаше два конретни предлози, тогаш ќе објавам пауза за ручек, а во меѓувреме пратеничките групи да се обидат да се усогласат.

Пауза до 16,00 часот.

(после паузата седницата продолжи со работа во 17,00 часот)

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Констаитрам дека во салата се присутни 77 пратеници, па според тоа можеме да продолжиме со работа.

ве известувам дека претставникот на предлагачот на Законот за Македонската  информативна агенција побара оваа точка да се помести како последна топка во дневниот ред заради дополнителни консулстации со Владата.

Според тоа, рпедлагам да продолжиме по дневниот ред, определувајќи се оваа точка да биде последна.

Минуваме на точката 14

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитувани пратеници програмата за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патнамрежа во Републиката ја донесовме во април минатата годиана. Во оваа Програма после една дискусија влезе и патот што сега во Извештајот се дава, а тоа е третата лента за бавни возила на патот Титов Велес-Штип. Уште тогаш имав чувство дека тој пат нема да се реализира минатата година иако влезе во Програмата, поради дискусиите што беа од министерот за урбанизам тогаш.

Иако имаше и пратенички прашања во минатата година, одговор беше дека информираноста на пратениците, на делегатите на Републичкиот СИЗ за патишта не се доволно информирани итн.

Мислам дека еднаш треба да знаат и Владата и министрите дека се она што се предвидува односно што ќе се усвои на Собранието дали е Програма, дали е Закон , мора таа извршна власт да го изврши. Доколку нестигне да го изврши треба да побара од Собранието менување на делот од Програмата што неможе да го реализира.

Тоа Владата не го побара. Јас се сомневам бидејќи е наредна точка, точка 15 Усвојување на нова програма за патишта во 1992 година, јас се сомневам дека и таа ќе се реализира. јас барам што е гаранцијата дека тоа што ќе го усвоиме на седницата на Собранието дека ќе има своја реализација.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господин Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Кога станува збор за Извештајот за извршената годишна програма, се напомна дека третата трака, претставува проблем како што кажа и претходниот дискутант, не е извршена. Точно, се согласувам, меѓутоа тоа е една желба. Има повеќе желби и тука треба да се свати стварноста зошто не е изградена.

Ако погледнеме во Извештајот за годишната програма, таму има некое образложение, меѓутоа тоа образложение мислам дека не е целосна информација за самите пратеници и не е издржано. Меѓутоа, кога ќе ја разгледуваме Годишната програма за 1992 година, ќе видиме дека и тука е спомната таа трета трака. Но, желбите се едно, стварноста друго.

Ние како матична комисија, во Комисијата за градежништво по оваа точка доста дискутиравме. особено за третата трака на Велешко брдо односно трета трака за Плетвар.

Логично би било, според однапред кажани некои работи, дека требало таа трака да се изведе. Ако малку постудиозно се погледне ќе видиме дека таа трета трака на Велешко брдо односно Плетвар е само некое моментално решение што сметам дека треба да се погледне дали една таква работа со што ќе решиме еден проблем за краток период, дали треба тоа да се изведува или треба да бараме некое трајно решение. оваа трета трака од магистралниот пат, со изведување нема нешто многу да придонесе во подобрувањето на условите на самиот пат од проста причина што карактеристиките на патот во однос на еден магистрален пат, јас мислам не ги задоволува. Само за илустрација да напомнам, тоа се по должните падови поголеми од 8%.

Една инвеситија во ова време за трета трака на Велешко брдо, односно Плетвар, дали е оправдана, тоа треба да покаже времето, односно студијата. И, не случајно треба она што се спомнува да се направи Визибилити студија, да се види колку е тоа оправдано, бидејќи неминовно се наметнува една друга потреба наместо едно времено решение треба да се изведе едно трајно решение. А, тоа е предлогот Крива Круша - Отавица - Башино село тој пат да се изведе со тоа што сметам дека 80% од проблемот на патниот и товарниот сообраќај на тој дел од патот би се решил, а со понатамошната изградба на тој пат Тиров Велес - Прилеп би се решил и проблемот со третата трака на Плетвар. Што би значело сега се наметнува прашање дали е потребно да се гради трета трака и не случајно е ставена во Програма, меѓутоа ние како матична комисија тука веќе условувавме дали таа воопшто треба да се гради пред да се донесе оваа Визибилити студија. Затоа што ние ќе имаме едно трајно решение, а со тоа ќе се изгради една трансферзала попречна на нашата Република која е

од доста важно значење со тоа што ќе имаме врска на граничниот премин Бугарија, па потоа следи Кочани-Штип-Титов Велес - Прилеп-Битола и поврзуваше со граничниот премин према Албанија Кафасан.

Кога ова го велам, како припомош може да послужи ова што денеска се случува на граничниот премин Гевгелија каде имаме блокада на патниот сообраќај. Кога би имале еден ваков пат, сметам дека таквата блокада многу не ќе значи за нас.

Не би сакал сега да елаборирам кои предности ги има патниот правец Крива Круша - Башино село - Прилеп бидејќи само да напомнам дека таа траса е пократка некаде само за 28 км. или 30%. Треба да ги имаме предвид и другите параметри, а тоа е времето за кое многу малку знаеме да го цениме а сакаме да одиме во Европа.

И другите карактеристики се во прилог на овој патен правец, со тоа што би дошло ова решение дека би било по издржано одколку да правиме времено решение, како што спомнав, тоа би било решението од 5 до 10 години, а со тоа една таква инвестиција сигурно нема да се исплати.

Само за илустрација толку во однос на овие трети траки.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Збор побара господинот Панче Насев,а јас сакам да спомнам дека станува збор и дека расправаме за Извештајот за извршување на Програмата за 1991 година. После е програмата за 1992 година.

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Почитувани пратеници мислам дека неосновано и минатата година и оваа година третата трака на Велешко брдо не се става во функција на изградба. Таа трака е 3 км, тоа е пола трака, една трака значи пат од 1,5 км, нормален пат. Дали заслужува внимание Парламентот да расправа за 1,5 км, пат 2 години, а знаеме колку

време и колку бензин се губи и колку нервоза на тој пат наместо да се изгради една трака од 3 км.

Новиот пат што треба преку Отавица да се гради, немам ништо против да се направи. Меѓутоа, тој пат чинипреку 100 милиони долари. Не верувам во идните 5-10 години ќе се изгради. Според тоа, ние треба да решиме да направиме она што може да се направи, да биде во функција а тој пат, кога ќе се направи, нека се направи, немаме ништо против. Меѓутоа, сигурно нема да се направи.,

Второ, ние да се враќаме до Штип, треба да се направи втората трака на автопатот преку Катлановско брдо. Вака, сега, по оваа трака по Вардар ние треба да дојдеме до Башино село па да се враќа ме на Отавица и да се вклучиме за Штип. Значи исто е, нема ништо да добиеме. Ниту во време, ниту во км.

Исто така мислам дека треба да се направи и третата трака на Плетвар. Тоа е 10 к м. една страна, а тоа значи изградба на еден пат во должина од 5 км. Мислам дека треба да се направи траката во Велес. Тоа е стар проблем.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Бојковски.

ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници мислам дека,особено членовите на Комисиите не треба , ако не се известители да изнесуваат овде дискусии од Комисиите во кои е расправано за реализација на Програмата, особено не да дискутираат за предности или непредности на поедини решенија, затоа што оценка за тоа треба да дадат стручни комисии и Комисии што ги формираат за тие проблеми.

ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ: (Продолжение)

Мислам дека сега раправаме за извештаи за реализација на Програмата за 1991 година и нема потреба да даваме оценки дали трета трака на Плетвар или трета трака на Велешко Брдо има предност пред патот кој воопшто досега не е спомнат во ниедна програма Велес-Битола, несакам за нив воопшто да дискутирам, затоа сакав само да истакнам да не создаваме забуна меѓу пратениците за овие проблеми. Да се задржиме само на оценката за Програмата, а извршувањето и Програмата за наредната година е наредна точка и тогаш известителот на нашата Комисија ке излезе и ке каже за се она што е разговарано и заклучено на седницата на нашата Комисија. Овие паушални оценки мислам дека пратеникот може само во свое име да ги изнесе овде, за да не создава забуна дека тоа е оценка и заклучок на Комисијата за урбанизам и градежништво, за да не ги доведуваме пратениците во некое убедување дека нашата Комисија има некаков став околу ова прашање.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, јас би сакал да речам исто за тоа фамозно Велешко брдо само една реченица, меѓутоа, пред да ја кажам таа реченица ке ја наведам последната реченица на страница 12 каде што се предлага реконструкција и надградба, која ме доведе на оваа говорница и ме предизвика да ги кажам тие две реченици. Дури, нема да ја прочитам целата реченица, само од последната запирка натаму. Се вели: "до денес не е добиен ниту еден позитивен ниту негативен одговор, па не знаеме каква е судбината за реализација на овој инвестиционен зафат иако истиот е на прво место во

новелиранаta студија за развој на патната мрежа во Репбулика Макеоднија". Читајќи го овој дел на извештајот, се стекнува впечаток дека СИЗОТ за патишта е некаде во Тунгузија, а Министерстрвото за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, било на огнена земја. Не навлегувајќи во тоа дали ова решение е најоптимално, дали нема подобро од него, можеме да извлечеме каков таков заклучок за нашата неажурност, балкански менталитет и недоговорност. Ке беше смешно, ако не беше жално. Ова го велам само како пример. Камо среќа да беше само тоа.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Бидејќи последниот дискутант голем дел од дискусијата мија зеде, а се однесува за изградба на лентата за бавни возила на патот Титов Велес - Прилеп, јас само ке го прашам министерот за урбанизам дали одлуките и програмите што ги доенсува СОЗ-от за патишта, а Собранието ги потврдува за Министерството за урбанизам се обврзни. Зошто? Ако Собранието на СИЗ-от за патишта во Програмата за 1991 година  го внел патот односно изградбата на лентите за бавни возила на патот Титов Велес - Штип и има одреден износ, Собранието истата програма ја има потврдено, чија политика спроведува министерстгвото за урбанизам, и дали политиката на ова Собрание. Одговор на ова прашање најдобро е да даде министерот за урбнизам, бидејќи и оваа година истиот патен правец е ставен во програмата и да не се случи и оваа година ние да го потврдиме како Собарние, а наредната година кога ке го гледаме овој извештај, ако се уште седиме во овие клупи да констатираме дека се уште поради тоа што министерството за урбанизам не дало решение за локации овој патен правец не е почнат со изградба.

JОВАН НИКОЛОВ:

Во врска со третата лента на Велешко брдо, овде кога се доенсуваше програмата за 1991 година беше речено деак ке се изнајдат решенија со почетокот на патот Титов Велес-Крива Круша Прилеп, да се реши и овој проблем, барем така министерот објасни со патот најверојатно Отовица- Башино село - Крива Круша. Овој проблем на Велешко брдо е како проблем од неколку причини. Професионално сум врзан и знам колку сообраќајни несреќи се настанати на овој пат со смрттен исход заради закрчување на овој пат. Потребата од неговата изградба е неминовна. Решение мора да се најде, дали во рамките на решението на трансферзалата, или сега. Ако трансферзалата се решава, се почне да се решава од оваа година, 1992 година тогаш сигурно не би било исплатено, и така беше и објаснувањето на министерот да се градат заправо две ленти. Но ако со тоа не се почне, затоа што со тоа ке се добие исто така да се растовари тој пат, ако не, тогаш мора, ако трансферзалата се одлага, не смее да се чека за пет, 10 или повеке години оваа лента да не се гради затоа што економската оправданост од една страна застојот, потрошувачката на гориво, а од друга страна заради жртвите кои настануваат тука секојдневно во собраќајните несреќи има потреба да се гради.

Истовремено, во извршувањето на патиштата и патната мрежа за 1992 година би поставил уште едно прашање, кое е од витален интерес за граѓаните од населбата градско - Титовелешко. Со отворањето на автопатот граѓаните од селото Градско се отсечени од автопатот. Виталните интереси на таа населба се загрозени заради тоа што магистралниот пат кој што досега постоеше беше артеријата на целиот економски развој на таа населба, почнувајќи од отворање на приватен сектор, дуканчиња, продавници, изнесување на свои про-

изводи на тоа население на тој пат за продажба, а од друга страна бензинските пумпи кои што се направени во таа населба. Фактички целиот развој на таа населба беше поврзан со тој магистрален пат. Сег доаѓа уназадување. Во велешка општина освен населба Градско како селска населба и населба Чашка друга на постои, затоа што сите други села се пасивни. Тоа значи и оваа населба да ја изгубиме како таква, како селска населба, ако не успееме да им дадеме приклучок и исклучок од автопатот на оваа населба. Сигурно дека министерството ке најде начин и решение за да може овие луѓе на некој начин да бидат приклучени односно да се приклучат и исклучат од овој пат. Еве зошто. З атоа што со продолжување на градењето на автопатот спрема Стоби тие се повеќе ке се оддалечуваат од магистралата. Тоа значи и се повеќе економски ке бидат отстранети од тој дел. Јас мислам дека во извршувањето на автопатот треба да се размнислува во тој дел, кога е градено да се пушти, а незнам дали има можности понатаму, а сигурно има можности - јас мислам тука е министерот за урбанизам - Кичевскиот пат кој што веднаш непосредно после наплата може да се користи како приклучок за населба Градско односно приклучување и исклучување.

СТРАШО МИЛКОВСКИ:

Ние господа пратеници расправаме за Извештајот за извршување на Годишната програма. Евидентно е прашањето зошто е вршена опструкција на третата лента на патот Велес - Штип, сигурно дека стои. Меѓутоа, за да ја скратам оваа дискусија би сакал да кажам дека истиот овој проблем и сега се наметнува кога ке расправаме по годишната програма за из градба и реконструкција на патишта. Комисијата за градежништво долго време дискутираше по овој проблем и мислам дека сега треба да го усвоиме извештајот

за извршување на годишната програма, а потоа да го сослушаме извештајот на Комисијата за градежништво. Јас не би сакал да го толкувам затоа што не сум овластен, па ке дискутираме по овој проблем ако има потреба.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор?

Има збор претставникот на МИнистерството за урбанизам Александар Лепавцов.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Почитувани пратеници, интересно е тоа што во рамките на целокупната програма духовите се разбрануваат за едно релативно мало парче, но во секој случај дискусијата е интересна. Овде јас го имам одговорот на пратеникот Санде Давчев поставено на 25 седница на Собранието одржана на 16.09.1991 година, одговорот е на три страници, и мене навситина не ми е јасно како не дошло денес до вашите маси. Но, добро, се случува и тоа.

Прво, оваа лента беше предвидена да се гради во 90 година, поднесеното барање на Репбуличката СИЗ за патишта од 30.01.1990 година за издавање решение за локација за изградба на оваа делница, тогашнито републички комитет го одби со образложение во кое меѓудругото стои дека делницата Титов Велес - Крива Круша, а посебно на делот од Титов Велес - Преод е со изразито неповолни технички елементи, па поради тоа се вршени проучувања и се правени анализи за избор на најповолно решение  за овој дел на патот, врз основа на кое е констатирано дека оптимално решение се обезбедува со варијантата крива Круша - Отовица, спој со автопатот дека решението што се нуди со изградбата на лента за бавни возила  нема докази за економска

оправданост, а поради надолжни наклони кои се над дозволените по прописи и понатаму ке преставува сообраќајно неповолно и времено решение и дека со изградбата на врската Крива Круша - Отовица, постојниот пат Титов Велес - Крива Круша ке го изгуби значењето на магистрален и регионален пат, а за тоа и изградбата на лента за бавни возила ке биде сосема непотребна и економски неоправдана.

Воедно, во ова образложение од Комитетот е напомнато дека  според Студијата за развој на основната патна мрежа во СР Македонија во 2000-тата година оваа Делница од патот М -27 е меѓупрвите во однос на ставката на рентабилитет а нејзината реализација е предвидена до 90 година и дека сите патишта со повисока стапка на рентабилитет освен патот  Титов Велес-Бабуна - Прилеп, се веќе реализирани.

Републичката СИЗ за патишта до Врховниот суд на Македонија, поднесе тужба против ваквото решение на републичкиот комитет во која меѓу другото наведува дека ваквото образложение е неодржливо и дека органот погрешно се впуштил во оценка на целесообразноста на барањето а не ја ценел законитоста на истото.

Врховниот суд на Македонија решавајќи по тужба на СИЗ-от за патишта на 19.10. донесува пресуда со која истата се одбива како неоснована, при што во образложениeто меѓу другото стои: " овој Суд оценува дека тужениот орган правилно постапил што се впуштил и во оценка на целесообразноста на барањето, затоа што карактерот на барањето неизискува само да се оцени неговата законитост туку и неговата оправданост".

Со годишната програма, за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Репбулика Македонија за 1991 година, игнорирајќи ја напред наведената постапка,

Републичката СИЗ за патишта повторно ја планира изградбата на оваа лента за бавни возила. Обновеното барање за решение за локација, доставнео до ова Министерство е дополнето со Анализа на оправданоста за изградба на т рета лента, пат - М -27, делница Крива Круша - Титов Велес, изготвена од Гранит - проект - Скопје. Во неа проектантот оправданоста од изградбата на оваа лентља ја условува со времето на изградбата на планираната патна мрежа односно патот М-27, Крива Круша - Отовица - Титов Велес - Бабуна -Прилеп, тоа што го кажа еден од дискутантите пред малку.

Оваа Студија која според препораката на Собранието треба да биде основа за изготвување на Среднорочната програма, новелираната Студија до 2000-дата година беше ревидирана во месец септември со сериозни забелешки на влезните податоци и применетиот методолошки пристап. Студијата е вратена на доработка.

Од сето напред изнесено би можело да се оцени дека пратнеичкото прашање на оваа дискусија што беше тука и по својата содржина и по својата дикција е иницирана од недоволната информираност на пратеникот, како и на делегатите од Репбуличката СИЗ за патиуштa за целокупната постапка околу изградбата на таа лента за бавни возила, а особено за улогата на министерството во таа постапка. Се оценува дека со настојувањата за изградба на оваа лента и лента за бавни возила на патот Грдско - Прилеп - директно се влијае за одложување на реализацијата на делницата Крива Круша -Отовица, Бабуна - Прилеп, кои со досега изготвнеите студии се со највисок стрепен на рентабилност, а истото не е од интерес не само на наведените општини во пратеничкото прашање туку и пошироко во целата република.

Јас имав прилика да се запознам со проектот изработен од гранит. Во главата "анализа на оправданоста" на страница 3 е таа е описна, интуитивна и се разбира со стручна аналитика, но не на ниво физибилити студија. Тоа е така, лично ги прегледав двата проекта а пред тоа имаше еден проект направен од градежната фирма Пелагонија на ниво испод оваа анализа на оправданоста, а никако во висина на физибилити студија. Во проектот се вели дури и тоа дека изградбата не е оправдана на страница 5 при изградба на нов пат однсоно тоа е така за дел од транспортот во смер Градксо-Велес-Крива Круша, а секако за новиот пат Велес - Штип, Прилеп-Штип, Скопје-Штип и обратно, но ако се одложи изградбата на овие патни делници. Тогаш третата лента би била оправдана, што тврдење во проектот е многу проблематично, бидејќи и од оној квантум на сообраќај од 20% кој што се букира во таа насока, ке се изгуби еден дел со новоградбата, бидејќи кон тие 60%, се мисли на делот од Отовица, спрема Крива Круша, ке се иницира додатен сообраќај.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ: (Продолжение).

Значи, основно во проектот,а не физибили ти фи студијата се заговара пресуден би бил факторот време и изградбата во однос на изградбата на патот М-27. По изградбата на М-27 по старата траса каде ќе се изградат третите ленти, се смалува транспортот за 25%. Значи, тоа што го велам логично се претпоставува и во тој проект. Ние на Комисијата се договоривме оваа програма да оди без забелешки, не се кочи примената, а за третата лента да се изготви физибили ти студија во интеракција со делниците кон Штип, односно Прилеп. Впрочем, тоа и самиот проектант го вели на страница 7, точка а. Значи, воопшто не е направена анализа за трошоците во кое време праг на рентабилитет, туку се оди на страна дадени градежните трошоци визави малата должина, големите успони итн. Според тоа можам да предложам дека прашањето за третата лента во духот на заклучокот на Комисијата, собраниската Комисија да се разгледа заедно со СИЗ-от на патиштата, парламентарната комисија надлежна за тоа и претставниците на заинтересираните општини. Ова не е повлекување, туку уште еднаш да се каже дека патиштата се превасходно економски проекти и такви ќе станат само од оној момент откога тоа ќе се докаже. Нема тука интуиција, нема тука манипулирање само со градежни трошоци без визави експлоатациони трошоци итн., се тоа што влегува во една сериозна стугија, и се разбира најмалку емоции, а уште помалку одредени манипулации.

Според тоа, ако ние таа трета лента не сме ја изградиле за одреден квантум на сообраќај во последните 8 до 12 години, па сме дозволиле една година тоа да отиде повеќе, бидејќи тие 8, 12 години она што сме го граделе онака, сега бараме и за такви делници одреден економски доказ, па вие самите видовте дека дури во септември е направена потребната документација за изградба на таа лента и тоа не на ниво на физибили ти студија. Според тоа работите се многу логични и добро е што ние на Комисијата во која што беа претставници на Републичката СИЗ за патишта, неговиот раководител, главниот инженер, јас и членовите на Комисијата рековме дека по ова прашање нема да затегнуваме тука и овој проблем нека оди, со тоа што во наредните еден или два месеци да се изготви таа физибили ти студија, а физичкиот обем што нема да има проблеми доколку се докаже дека тоа е во ред и тоа да се направи во многу брз и краток рок.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Санде Давчев.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Јас можам да кажам дека камо среќа ние да бараме студии такви, не за еден, шест км, туку за сите патишта. Но, изгледа дека ние само за 1,6 км, кои ако некој патува накај Штип ќе види што значи тоа Велешко Брдо, бидејќи од Источна Македонија, почнувајќи од Кочани, Радовиш и Струмица секое домаќинство живее и од земјоделска дејност и освен патишта има и теретно возило, колку е оптоварен тој сообраќај некој да патува по него, дури тогаш ќе види што значи таа трета лента, а се работи само за 1,6 км. Јас мислам дека порано еден дискутант рече дека и на третата лента за Прилеп, таа не беше минатата година ставена во програмата. Таа е ставена оваа година и ако не сакаме да градиме трети ленти, зошто

сега и таа ја форсираме? Јас тоа прашувам. Инаку, ние од министерот одговорот беше доставен, но министерот требаше да бара измена на Програмата лани, па да му ја усвоиме таа измена, тогаш да не се гради трета лента. Тоа беше дискусијата се она што се усвои тука на Собранието, ако една програма се усвои таа треба и да се реализира.
АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Почитувани пратеници, вистина на прв поглед логично е да се бараат некои економски оправдувања за еден таков краток потег итн., но ние веќе треба да прекинеме со изградба на патишта без навистина добри студии. Вие знаете дека еден км автопат оди до три милиони долара. Ваков ранг далеку помал итн. но ние не можеме да вложуваме веќе онака по некоја интуиција итн. Она што вие го имате во материјалот таму некоја ранг листа на приоритети итн, за еден општ преглед базиран на одредени навистина техноекономски параметри итн. е во ред. Но, еднаш за секогаш треба да знаеме физибилити студија се прави за точно дефиниран проект, дали е тоа пат, дали е тоа фабрика итн. Според тоа, она што вие го имате тоа е како да некој да ви рече направете физибилити студија за Вардарска долина. Таква работа не може.

Понатаму, зошто не е барана измена итн. Јас малку овде ќе елаборирам со некои работи, бидејќи навистина при една ваква констелација на работите, при еден ваков правен интерес за тие три, два км пат морам јас да елаборирам со некои други работи, а тоа е односот Републички СИЗ за патишта и Министерството за патишта. Вие многу добро знаете дека СИЗ-овите, не зборувам само за СИЗ-от за патишта, туку воопшто СИЗ-овите беа на министерствата, над ресорните министерства по својата филозофија на постанок, по

својата моќ на инвестирање итн. Министерствата беа само едни самоуправни органи кои што мораа да дадат разни согласности, па дури да дадат согласност за локација на рафинерија дали таа само треба да биде или не треба, тоа е друга работа, тука бил некој СИЗ главен или некој друг итн. Да не се враќаме сега на тие истории, но сега веќе тој систем ние го рушиме се доближуваме до еден европски систем. Според тоа, јас би сакал некој од вас овде да ми каже каде во Европа постои фонд или СИЗ за патишта или воопшто некое тело кое што раководи со политиката на патиштата, а тие се државни објекти, кое што не е под диреkна ингеренција на соодветното Министерство, би сакал радо да го слушнам тоа. Тогаш би добил нешто повеќе во своето знаење.

Второ, значи ние, кога овие програми ќе бидат пуштени кај нас, ние сме во улога на еден како да кажеме регистратор кој што може да даде свое мислење во врска со програмата итн. Ние тоа мислење сме го дале, дали да се гради во 1992 година или да не се граде, еве зборувам конкретно за овој пат, но исто така сме дале и некои други забелешки на таа програма, кои што ете не беа инкорпорирани. Според тоа, државната власт преточена преку надлежното министерство со своите стручни служби исто така, визави стручните служби и на СИЗ-от за патишта нема бонитет, нема сила. Мислам дека скоро таа работа ќе биде решена, а нормално дека стручните луѓе кои што се во СИЗ-от за патишта исто така ќе станат членови на ова Министерство.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:

Почитувано Претседателство почитувани пратеници, ќе бидам краток во врска со извештајот. Јас би имал само неколку прашања. Дали Македонија има студија за изградба на патишта и да

утврдиме кои се тие стратешки правци во Македонија кои треба понатаму да се градат и да се изградуваат. Мислам дека продолжува старата политика од каде се функционерите натаму се влече да се градат патиштата. Доаѓам од Струмица каде што оваа општина вие знаете од какво значење е за Македонија и пошироко, земјоделско подрачје, а единствена општина каде што Струмица - Штип патот е со коцка. Најлош пат има во Македонија.

Второ, имам дирекно прашање бидејќи овој пат беше внесено и во програмата за 1991 година, а нема ништо направено, нема ни една лопата песок фрлено за реконструкција и изградба на овој патен правец, а во извештајот пишува дека не е завршена постапката за експропријација на тој дел од теренот.

Поставувам прашање до надлежните органи, посебно за министерот за финансии, бидејќи имотно-правните односи спаѓаат под нив, зошто и што е причината што не е ништо направено за експропријација на тој патен правец, каде лежи причината и бидејќи овде се назначува како главна причина за отпочнувањето на работите на овој патен правец за реконструкција точно вршењето на експропријација на тој патен правец. Барам одговор пред овој Парламент и инсистирам во Програмата за 1992 година сето она што е пропуштено во 1991 година да биде надокнадено во 1992 година. Зашто, тоа може да се влече со години и сега од 1991 година не можеме да извршиме реконструкција, ова е експропријација, во 1992 година не можеме да издаваме дозвола за изградба и тоа да оди во бескрај. Затоа, барам овде јавно одговор од министерот за финансии зошто до сега не е извршена и подолго трае оваа експропријација.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, пратеници, комуникациите како едно доста важно прашање, сигурно дека е тоа што побудува еден ваков интерес по програмата која што е предмет на сегашната расправа. Имав прилика Програмата, посебно на овие сегменти кои што беа присутни во расправата малку да ја погледам, поготово, да кажеме за ова спорното прашање со третата трака која непосредно треба да го олесни патниот паравец Титов Велес - Штип - Кочани и во таа смисла сакам да дадам еден придонес на она што е кажано во Програмата како и на одредени излагања кои што беа присутни.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам, уште еднаш потсетувам дека расправаме за извештајот од 1991 година, а не програмата за 1992 година.

За збор се јави господинот Наум Симјановски.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Пред да започнам да дискутирам ја потврдувам констатацијата на претседавачот дека оваа е точка 13 од дневниот ред на оваа седница а таа гласи: Извештај за извршуваше на годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионална патна мрежа во Република Македонија. Затоа мислам дека сите овие дискусии, мислам грото од овие дискусии се вонпредметни од оваа дискусија. Имено, единствено што требаше да се задржиме е за стварните вложени средства за оваа година и стварните реализирани средства. Од прочитаната програма која што ни беше доставена единствено не е извршен патот Третата лента на Велешко Брдо која навистина е дискутабилна. Таа проблематика провејува и за годишната програма за 1992 година. Во овој момент мислам дека треба извештајот да го усвоиме со констатација предложениот извештај единствено таа ставка не е реализирана, па потоа да преминеме на точка 14 каде

што подетално ќе продискутираме за годишната програма за реализирање на градбата на патната мрежа во Република Македонија.

ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ:

Јас навистина се наоѓам изненаден она што ние на претходните седници го усвојуваме наредните седници да кажуваме дека тоа е дискутабилно, дали е рентабилно итн. Се јавив сега за збор само да укажам на тоа дека веројатно кога некоја група без разлика дали е таа во Министерство или е во Владата некоја програма не сака да ја реализира  ке најде начини како да каже дека таа програма не е рентабилна, не се исплаќа, кратка е само три км. итн.

Оттука, јас поставувам прашање дали и програмата што моментално ние и во наредната точка ќе ја усвоиме, ке се реализира, бидејќи уште сега одговорот на прашашето на пратеникот Давчев, министерот одговара дека ставила Комисијата за урбанизам прашања повторно да се направи анализа. Сметам дека ако ние нешто усвоиме без разлика дали тоа реално и исправно сме го усвоиле, се додека тоа не се измени нема потреба некој да не го спроведува.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Воопшто не е спорно дека она што ова Собрание го усвоило дека тоа треба да се изврши. Значи, не станува збор за неизвршување на работа, програма усвоена од ова Собрание. Тоа што не е извршено во 1991 година, таа трета лента јас ви кажав дека за тоа постоеше еден проект во 1990 година и еден друг проект кој што го направи Гранит 1991 година во септември месец. А исто така ви кажав дека до Врховниот суд имаше и тука читав, кој, како што итн. Исто така и во самата програма на СИЗ-от, она што еден пратеник кажа многу убаво на страница 12, прочитајте го и ќе видите. Па јас ве прашувам, дали може во декември да се прават патишта?

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Бидејќи дискусијата вака се разви во еден друг тек, отколку што требаше да оди, можеби попаметно ќе беше прво да ја разгледавме, од обратно да појдевме, да ја разгледавме годинажнава програма, па потоа да го заклучувавме извештајот.

Сакав да нагласам само една работа. Третата лента која што беше усвоена во минатогодишната програма беше условена со изработка на студија за приоритет. Говорам за третата лента за Велешко Брдо. Таа беше условена, навистина, тоа е факт, тоа е заклучок од Собранието и од Комисијата. Бидејќи министерот кажа дека студијата е изработена во септември како конечна верзија и дека има повикување на таа почетната студија, значи новата студија дека ќе треба да се изработат физибилити студии за овој коридор да го наречам, јас би предложила како што неколку дискутанти предложија да го усвоиме извештајот за минатата година со овие образложенија кои што беа дадени и со уште една констатација дека во минатата година програмата беше усвоена условно со изработка на студијата за приоритет.

Уште нешто би кажала, бидејќи гледам дека многу од консултантите имаат амбиции за дискусија за следната точка, секоја општина си има свој пратеник во Собранието на СИЗ-от за патишта и јас мислев дека секој од пратениците на јавната расправа додека беше дадена програмата, беше консултиран со своите општини и воопшто не се ни надевав дека вакви недорасчистени работи ќе дојдат до Собранието.

Затоа, јас уште еднаш ќе предложам да го усвоиме извештајот, а кога ќе поминеме на другата точка дури тогаш ќе се развијат дискусии кои што ќе бидат многу подолги од овие.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Господа, не мие јасно зошто расправаме за овој материјал сега овде. Бившите собори имале надлежност да одобруваат, донесуваат и прават програми за работа. Тие биле и извршна и законодавна и секаква власт. Собраниево денеска има само закодавна власт и нема никакви потреби освен да биде запознаено преку извршниот орган, а тоа е преку Владата. Односот Влада и овие СИЗ-ови нека си останат меѓу нив. Ние овде да се препираме за програми на СИЗ за патишта или некој друг СИЗ, ако одиме понатаму секој од овие органи ќе ни носи по една програма, ние неможеме да си ја работиме својата законодавна работа. Предлагам поради ненадлежност ова да не го расправаме.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Тоа откако ќе ги усогласиме прописите господине Стојановски.

Дали уше некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Се извинувам, господинот Тошевски бараше збор.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Беше поставено прашање околу експропријацијата на земјиштата каде што треба да се градат патните правци. Според прописите инвеститорот кој обезбедува одлука за инвестирање во рамки на пресметката, обезбедува средства и за експропријацијата. Прашањето да се упати директно на инвеститорот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Благодарам.

Кој е за заклучокот молам да крене рака.(Пратениците креваат рака)

Кој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 15-та точка - Предлог на одлука за потврдување на Годишна програма за изградба,одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1992 година.

Годишната програма, извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за стопанство, ЗПК, предлогот на одлуката и мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Госпоѓа Лазаревска, во име на Комисија, бидејќи така се договоривме.

БИЈБАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Ќе го примевме извештајот што беше донесен на Комисијатам навистина бурни расправи се водеа на Комисијата по ова прашање и конечно се дојде до едно заедничко решение дека Комисијата ја претресе Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа и го прифати заедно со извештајот од претходната точка и го прифати во предложениот текст.

Значи, Годишната програма се прифаќа во целост. Исто така е прифатено и Мислењето на Владата на Република Македонија како и се разгледани амандманите кои што беа предложени досега. Ние денеска имавме една накнадна седница на Комисијата бидејќи беа доставени неколку амандмани. Јас овде би сакала да кажам една напомена дека, и една молба да амандмани од ваков карактер да не се доставуваат по завршена седница на Комисијата, затоа што од едноставна  причина. Ако минатата седница беше изгласана Годишната програма овие амандмани воопшто не ќе беа доставени.

Но, бидејќи амандманите веќе беа доставени, јас би го прочитала извештајот во однос на амандманите. Разгледани се амандмани кои што беа поденсени од пратенидите Петре Трајановски, Димитар Димитровски, Бранко Арсовски, Тодор Петров и од група пратеници за патниот правец Штип-Струмица. Ве известувам дека Комисијата заклучи да амандманите поднесени од пратениците Димитар Димитров и Бранко Арсовски се содржани во потточката - инвестиционо одржување од Годишната програма која се разработува со финансиската програма на Републичката интересна заедница за патишта.

Амандманот на пратеникот Петре Трајановски а содржан во мислењето на Владата на Република Македонија која предвидува изработка на техничка документација, а која ќе даде одговор на потребните средства за интервенција на овој патен правец.

Амандманот поднесен од група пратеници за патниот правец Штип-Струмица е веќе содржан во Годишната програма со определен обем и како таков е одбиен од Комисијата.

Комисијата уште еднаш денеска ги претресе амандманите поднесени од пратеникот Тодор Петров и констатира дека првиот амандман исто така е предмет на инвестиционо одржување и ќе биде

разработен во финансиската програма на Републичката самоуправна итнересна заедница за патишта. Пред да почнат дискусиите јас би сакал уште една напомена да кажам дека оваа Програма ја донесува СИЗ-от за патишта ја потврдува Собранието со сите забелешки што ќе бидат присутни. Одговори на сите накнадни прашања би требало да дадат претставниците на СИЗ-от за патишта затоа што Комисијата за урбанизам и градежништво не може да навлезе во оваа проблематика во тој обем во кој што е навлезено Министерството и СИЗ-от за патишта. Затоа на моменти бевме ставени во позиција на арбитри. Јас би ве молела да ако има незадоволни во однос на одговорите од Комисијата од приложувачите на амандманите одговор да побараат од претставниците од СИЗ-от за патишта.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитувано претседателство.

Овој амандман што го поднесов не е случајно, а се работи за патниот правец Куманово-Скопје, стариот пат во должина од 7.500 метри. Сакам **да ве известам дека повеќе до 30** години овој патен правец е запоставуван, секогаш бил во предигра а никогаш не го доживеал крајот, нити влегол во игра. Се дискутира за истиот правец толку време колку што е стар автопатот, кога се девалвира овој патен правец. Можам слободно да кажам дека истиот патен правец е потценуван. Инаку овој патен правец поврзува голем број на населени места, во кој живеат повеќе од 20 илјади лица, а да не зборувам што значи врската на овие населени места помеѓу Куманово и Скопје од економскиот, демографскиот

и сообраќајниот аспект, Делот се уште не е асфалтиран се наоѓа во многу лоша состојба и според мое лаичко размислување нема никакви услови за негово користење. Има голема причина оваа година да се доврши ако надлежните имаат волја и разбирање. Редно е еднаш после толку години овој патен правец да се реши, а на тој начин да ја повратиме довербата кај населението кое живее во овој дел и му создадеме нормални услови за комуницирање со светот и го спасиме од еколошка последица. Инаку, во делот за евентуално одржување се предвидени средства, но не се назначени за кој патен правец се работи, па барам надлежниот орган да даде конкретно објаснување и ветување дека овој патен працец оваа година ќе биде завршен со асвалтирање на преостанатите 7.500 метри, од село Никуштак-Куманово до село Арачиново -Скопско.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Почитувани пратеници, навистина би било неблагодарно ако во овој момент пред да ја изнесам мојата забелешка во однос на програмата не ја изразам мојата констатација во однос на Извештајот за што беше толку дискутирано. Накратко ќе кажам дека извештајот за ивзршување на Годишната програма за 1991 година навистина претставува една од ретките програми која што во целост е реализирана со оваа забелешка што беше направена, иако работевме во едни тешки услови на стопанисување, во динамични општествени и економски промени.

Впрочем, за тоа говори и податокот што ние кои што патуваме на релација од Ресен или од Битола за Скопје , навистина патуваме по еден современ коловоз, а збогатен последниов месец

со уште една делница на релацијата Градско-Велес, а колку што ми е познато и останатата регионална и магистрална патна мрежа во Републикава е во добра состојба, а зарем е помалку важно кој го изведуваше и како го изведуваше до сега, кој ги проектираше овие работи.

Меѓутоа, во однос на  тоа на Програмата имам една сериозна забелешка. Јас и на претходното Собрание поставив делегатско прашање во врска со реализацијата на граничните премини и пристапните патишта до нив. Меѓутоа, за жал досега немам одговор на тоа пратеничко прашање, а и програмите што се на дневен ред денеска што треба да ги разгледаме, кој што треба да го оживотворат реализацијта на баш ова прашање за граничните премини и пристапните патишта сметам дека не во целост се опфатени во овој материјал. Имено, со Годишната прогрма за 1992 година на страна 3 позиција 2.3. предвидени се билатерални обврски на Репбулика Македониај за отворање на гранични премини и пристапни патишта со планирана сума од околу 130 милиони динари. Во разграничувањето на подпозциите предвидено е позиција за изградба на патниот правец Берово-Клепало, со должина од некаде 9 км, и уште една потпозиција други пристапни патишта и гранични премини. Меѓутоа, се поставува сега прашашето дали ако веќе во Нацрт-програмата беше предвидено 130 милиони динари за изградба само на патниот правец Берово - Клепало тогаш ставањето на другава потпозиција - отворање на други гранични премини и пристапни патишта дали е тоа гола фраза или навистина ќе се реализира, зошто ако за 130 милиони динари беше планирано во Нацрт-програмата за тој правец, тогаш не станува  збор за реализација на патниот правец, за отворање на пристапни патишта и гранични премини.

Од тој аспект сметам дека со оваа, во оваа Годишна програма знаејќи го значењето на граничните премини, а за реализација на тие гранични премини сигурно е потребно и пристапни патишта, за стокови размени и т.н. да не елаборирам колкаво е значењето ние друг пат имаме за тоа и впролем разговарано, сметам дека треба да се одреди реална вредност за реализација на овие зацртани задачи. Значи, конкретно предлагам, оваа позиција во Годишната програма да се предвиди таков износ на средства кој ќе овозможи во целост зацртаните активности да се извршат. Зборот станува за регионите, за граничните премини конкретно мислам на регионот на Ресен и Охрид.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Господинот пратеник постави интересно прашање и јас ќе пробам да дадам еден задоволителен одговор. Сумата е така комбинирана да во игра на распределбата на повеќето патни правци е одредена тоа што е одредено. А има и логика да вака се направи, затоа што патниот правец Берово-Клепало работите с одвиваат колку што ми е познато и веќе во добро темпо се ивзршени а бугарската страна доста слабо работи на тој патен правец. Од друга страна со билетаралните разговори кои што ги водеше Владата со албанската влада беше договорено да се отворат нови гранични премини во Охридско-Преспанскиот регион. Со оглед на тоа што има доста слава инфраструктура виза ви патното поврзување на нашата држава со Албанската држава и виза ви тоа што во прво време имаме една таква филозофија да тие патишта бидат од скромен бонитет но према техничките прописи во фаза се изготвување на кроки проекти а извршено е техничкото

усогласување на местото на спојувањето на тие патни правци, бидејки треба да се направи техничка документација, а потоа да се пристапи кон изградбата на тие патишта за кои што сите тие четири премина не е дефинирана временска сукцесија, мислам декас е логично одредувањето на овој квантум на средства, а тоа не значи дека со ребалансот би можело да се доделат потребниот број мислам потребниот износ виза ви реализацијата во таа временска сукцесија.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господа пратеници, сакам нешто да ви предложам. Со оглед на тоа што се имаат пријавено за дискусија 10 пратеници, еве 11 со господинот Стојан Мицевски, а се работи за амандмани на Програма што ја донесува Самоуправната интересна заедница за патитша е не пропис што го носи Собранието, мислам дека би било порационално ако е во состојба претставникот на СИЗ-от за патишта да се произнесе по сите овие амандмани за да имаат можност и пратениците после тоа и да зборуваат. Ако не да одиме по редот.

Има збор претставникот на СИЗ-от за патишта.

ПРЕТСТАВНИК ОД СИЗ ЗА ПАТИШТА:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, до овој момент амандамнтие кои ги имавме на увид, можам да кажам дека најголем дел по својата природа имаат карактер на инвестиционо одржување и она што е содржано во Извештајот на Комисијата тие ќе бидат предмет на разработка на финансиската програма која детално ги разработува средствата од инвестиционото одржување. Имаше и такви амандмани кои имаа карактер на менување на годишната програма односно утврдување на една поинаква динамика во извршувашето на работите, меѓутоа, материјалната основа со која располага заедницата во дадениот момент не овозможува да бидат вклучени во годишната програма и секоја интервенција со амандманско решавање значи одлагање  на примената на Програмата.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници, иако министерот во својата интервенција односно излагање беше категоричен дека во иднина критериумите за изградба на патишта во Републиката ќе бидат сосема други, односно економски, а не како до сега на некој начин политички, јас сепак би си дал за право  да дадам своја оценка за Програмата за изградба на патиштата  за 1992 година во Република Македонија. Моја оценка е  дека се применувани критериуми кои беа до сега применувани за време кое измина, а не се применувани критериуми за времето во кое сме сега и кое треба да дојде.

Ова нема повеќе да го образлагам, туку со примерот на кој сакам повеќе да се задржам тоа на некој начин ќе го потврдам.

Имено патниот правец Струмица-Радовиш-Штип и понатаму е дел од таканаречената источна магистрала на Република Македонија, направен е уште во педесетите години, тоа е еден од првите патишта направени и изградени по ослободувањето, веројатно уште тогаш оценет како приоритетен патен правец, но судбината понатаму останува неизвесна до денешни денови. Тој во овој момент е еден од најоптоварените патни правци, ширината и поставеноста на коловозот не одговараат на решенијата и на современите патни средства кои сега се наоѓаат на патиштата на Републиката. Во 1990 година има преку 100 сообраќајни незгоди од кои 14 смртни случаеви и огромна материјална штета. Бројките, исто така, се поразителни и во 1991 година со исто така огромен број сообраќајни незгоди од кои 11 со смртни случаеви. Струмица е подрачје од кое секоја година се произведуваат и потребно е да се превезат повеќе од милион тони земјоделски производи или 66.600 моторни возила со просечен товар од 15 тони. Познато ви е дека Струмица остана и понатаму единствен град во Републиката кој не е поврзан со железничка линија, така што целиот сообраќај и целиот транспорт треба да се одвива исклучиво преку тој патен правец. Во овој момент можеме слободно да кажеме дека последните 30 години многу малку е направено на подобрување на овој патен правец, а за тоа време Струмица има доста издвојувано и плаќано на име патен надомест и тоа при регистрација на моторните возила во 1990 година регистрирани се 18.050 моторни возила, во 1991 година 19.280 моторни возила. На бензиските пумпи во Струмица заедно со бензиската пумпа во Ново Село и Муртино продадени се следните количини на моторни горива преку кои се прибрани огромни средства за изградба на патиштата. Во 1990 година обичен бензин е продаден за износ од 2.977.666 литри, супер бензин 6.675.066 литри, дизел горово Д-1 2.931.178 литри, дизел гориво Д-2 3.579.840 литри или вкупно 16.833.750 литри гориво со една просечна цена од

5 динари на име како трошок на гориво платена е патариан од 80.918.750 динари.

Во 1991 година продадено е обичен бензин 3.191.182 литри, супер бензин 6.379.387 литри, дизел гориво Д-1 3.549.643 литри и дизел гориво Д-2 3.696.338 литри или вкупно 16.765.650 литри по една просечна цена од 10 динари значи Струмица односно луѓето кои живеат во Струмица преку потрошеното гориво ќе платат 167.655.500 динари на име патарина, а за изградба на патниот правец Струмица-Штип во оваа година се предвидува да се изградат само 5 километри од кои само 150 милиони динари за изградба на тој пат. По моја оценка до колку тие средства кои ги уплатуваа граѓаните на Струмица бидат оставени за потребите на Струмица  убеден сум дека за 5 години Струмица сама ќе биде во состојба да го изгради патниот правец Струмица-Штип.

Исто така во Струмица скоро 80% од обработливо земјоделско земјиште е од прва категорија, а според класификацијата на зафаќањата од селаните во Струмица е на највисоко ниво бидејќи според категоризацијата на земјиштето се плаќаат придонеси. Како услов да биде класифицирано земјиштето во прва категорија  се земаат економските критериуми меѓу кои се развиеноста на патната мрежа и оддалеченоста на пазарот. Мислам дека ниту едното ниту другото во Струмица во овој момент не го исполнува односно патната мрежа не е изградена, не е современа, не е направен во услови какви се потребни, а исто така е оддалечено од пазарот. Земјиштето како што реков е категоризирано со прва категорија и придонесите се плаќаат со полна капа како што се вели во народот.

На крај би сакал да напомнам дека Македонија има амбиции да ја гради Вардарската долина. Сигурен сум дека сите институции кои се заинтересирани за оваа долина а поготово институциите надвор од нашата држава  сигурно ќе дадат забелешка додека

не биде оспособен друг патен правец како што е патниот правец Источна магистрала почнувајќи од Дојран, Струмица, Радовиш, Штип, Свети Николе, Куманово, во тој случај сигурно дека ќе дојде во прашање реализацијата на тој проект. Од таа причина мислам дека аргументите што се дадени во ова мое кратко излагање и она што го рече министерот навистина економијата ќе биде во иднина критериум за изградба на патиштата и во тој случај мислам дека патниот правец Струмица-Радовиш-Штип навистина ги исполнува сите економски критериуми да добие приоритет во изградбата на патните правци кои се потребни на Република Македонија.

Од таа причина би сакал да напоменам, ние 10 пратеници имаме поднесено амандман за зголемување на средствата за патниот правец Струмица-Штип, но во разговор со пратениците, а и во разговор со претставниците на СИЗ-от аз патишта кои дадоа длабоко убедување дека навистина патниот правец Струмица-Штип ќе биде земен во предвид во поголем обем од тоа што е планирано во Програмата а во тој случај даваме придонес и го повлекуваме амандманот.

ТОДОСИЈА ПАУНОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, би рекол неколку збора во врска со Програмата, а претходно би кажал дека точката 14 од 21 јануари оваа година не беше на дневен ред таа е дополнета, па малку настана забуна со Иван Иванов кој се јави по Програмата а мислеше дека е таа точка заради тоа што не беше присутен дневниот ред ни кај мене ни кај Иванов. Таа точак не се усвои, но се стави на дневен ред, па можеби ќе беше подобро да се стават двете точки заедно 14 и 15 да се дискутира и по Извештајот и по годишната програма, меѓутоа во ред.

Постојат ретки организации во Македонија кои донесуваа годишни програми како и извештаи на време, а кои се одобруваат од Собранието на СИЗ-от за патишта кои целосно се извршуваат при вакви тешки услови на стопанисување. Меѓутоа се изготвуваше техничка документација, да се дадат средства и да се направи потребната документација. Ретко која организација тоа го правеше. Ист случај беше и со годишните планови, а еве денеска е Програмата за 1992 година мислам дека таа е солидно направена иако беа присутни доста желби од Републиката, меѓутоа се избраа најприоритетните правци кои треба да се извршат во 1992 година. Исто така е присутна и Програмата 1992-1995 година и по таа програма би требало да изнајдеме адекватни решенија . Меѓутоа, во однос на патниот правец Титов Велес-Крива Круша имам личен придонес затоа што јас го покренав прашањето дека за тој патен правец Крива Круша -Езеро Младост да се изработи студија и да се утврди дали е поекономично и рентабилно да се направи тој правец или другиот, меѓутоа, Собранието прифати една ваква инциијатива на СИЗ-от и изготви една документација која сеуште не е комплетирана како што рече министерот. Треба да се спореди и анализира дали прво да се гради третата трака или да го градиме другиот правец кој е многу пократок и порентабилен. Некои од сообраќајните инженери рекоа дека не сме толку богати да градиме два правци и да трошиме средства кои не се рентабилни Ако погледнеме колку се прават заштеди на гориво, на моторните возила, сопирачките и гуртните убеден сум дека доколку се изгради другиот патен правец за 5 години би се исплатил инаку ако не се изгради ние што сме го минале тој пат во зимно време тој е непрооден има соспи и други пречки на тој правец. Мислам дека сеуште треба добро да се изанализира па тогаш да се почне и со третата трака иако тоа беше заклучок на членовите на Собранието на СИЗ-от од источна македонија тој правец од Крива Круша до Велешкото езеро

Младост, меѓутоа откако се изврши избор на нови претседатели на општините тие претседатели бараа да се изгради третата трака Мислам дека стручните служби на СИЗ-от ја извршија задачата во изминатиот период онака како што треба.

ХАМИД АЛИУ:

Почитувани пратеници, поради важноста, поради бонитетот и поради регионот на Дебар како погранично место и како неразвиена општина му предлагам на СИЗ-от и покрај тоа што патот Маврово-Дебар е во среднорочниот план предлагам да влезе во планот за 1992 година поради важноста и тој крај да се развие. Значи во Програмата за 1992 година да биде и патот Маврово-Дебар.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувани пратеници, мојата дискусија ќе биде во прилог на амандманот на господинот Бранко Арсовски за делницата Куманово-Скопје однсоно Скопје-Куманово. Мислам откако се изгради автопатот Братство Единство во 1965 година овој пат остана така без никаква реконструкција и мислам дека со години имаше препирања помеѓу општинските и републичките органи кои треба да учествува со средства за реконструкција на овој пат, па затоа по некогаш се запоставени овие села кои се покрај овој пат, нема никаква инфраструктура односно покрај пат на инфраструктура и да кажам само за илустрација од село Грушино да се оди во Куманово требаат 20 километри да се поминат за да се приклучат на автопатот Скопје-Куманово, а Скопје-Куманово има 20 и нешто километри. Значи нема никаков резон, а од таму има само 7,5 километри и треба да бидат предвидени средства и за патот Куманово-Скопје, односно Скопје-Куманово.

Имам една мала интервенција во текстот на страница 5 учество во изградба и одржување на регионалните патишта предвидени се 74 илјади динари, а во образложението 174 милиони динари, односно 2% од предвидените средства. Еве, тоа беше како и овие локални патишта каде се предвидуваат средства јас имам еден предлог и молба, бидејќи ги знам состојбите на скопските патишта тие се за никаде патните правци Скопје-селата патиштата не се одржуваат така како што треба.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Имам една сугестија до СИЗ-от за патишта и до ресорното министерство, а се однесува на еден пат кој едновреме беше главен пат од Скопје до Гевгелија, меѓутоа, сега носи назив регионален пат. Се работи за патниот правец од Трубарево до Катланово кој има еден континуитет на населеност и често пати се случуваат сообраќајни незгоди каде животот го загубија доста луѓе меѓу нив и многу деца од школска и предшколска возраст, па мислам дека во одделот на инвестиционото одржување би можеле да влезат 13 месни заедници, Собранието на Гази Баба има контактирано со министерството и со СИЗ-от за патишта да се направи една пешачка патека барем до едната страна на патот затоа што е голема населеноста, а оптовареноста е уште поголема со патнички возила и мислам дека животот на луѓето им е многу загрозен.

Како што рече и господинот Рамадани, ова се однесува за друг пат, со изградбата на автопатот тој пат остана напуштен со коцка, возилата на луѓето им се уништуваат, па ако може за понатаму не за оваа година би замолил иако требаше со амандман, меѓутоа нема место, никаде не гледам во инвестиционото одржуваше не е предвидено кој пат ќе влезе во тоа одржување, па мислам најпрвин би требало да се направи една пешачка патека во целиот тој континуитет од Трубарево до Катланово.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Јас би сакала само да ја насочам дискусијава за да не се претвори Парлаемнтот во берза на патишта. Овде имаме понуда од СИЗ-от за патишта и побарувачка од цела Македонија. Јас пак ке повторам дека сите работи што овде се дискутираат или барем 80% од овие работи се дискутирани на Собранието на СИЗ-от за патишта преку делегатите од сите општини.

Има уште една молба, желбите не се прикажуваат во вид на вистински желби туку тоа требаше да биде поденсено во вид на амандман и Комисиајта да го разгледува во писмена форма. Да ги запазиме процедуралните работи. Сега ќе се вратам за еден момент малку поназад за барањето на еден пратеник за објаснувањето на патниот правец Пустец - Стење, ова имам обврска да го објаснам бидејки како претставник на Собранието присуствував на седницата на СИЗ-от за патишта и таму беше објаснето овде и министерот го објасни дека овој патен правец не може да се стави со име и презиме така да кажам, затоа што треба да постои договор и со другата страна затоа што патот што би бил изграден од нашата страна би бил нецелисходен ако не се продолжи и од другата страна. Значи прво да следи договор со таа земја, а потоа да се именува тој граничен премин.

Исто така би сакала дискусиите навистина да се скратат да се уоквириме во границите на годишната програма што ни е понудена и да ги читаме извештаите од комисиите, мислењата на Владата итн. Јас напоменав дека во целост напоменав дека се прифатени мислењата од Владата каде што се зборува за надоместоците за локалните патишта, а кое што е објаснето во распредеблата на надоместо-

ците за патишта содржани во малопродажната цена на бензинот и плинското масло. Јас ви се молам да не се оддалечуваме многу во дискусијата. Ова е програма што е понудена во овој обем.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас малку ке ја скренам дискусијата. Прво, му честитам на министерот за градежништво, урбанизам и екологија за неговата скромност. Зошто го велам тоа? Ние тука иамме една програма од СИС- републичка која што Уставот не ја признава. Ние ја разгледуваме, а правно не држи. Скромноста господине министре не е секогаш врлина дека треба да се премолчуваат работи. Во што ми е зборот? Прашувам, зошто улогата на Министерството за градежништво и урбанизам е следена само на давање на мислење по веке изготвена програма како кога ресорно министерство требало да биде вклучено во нејзиното изгитвување. Како што забележавте вие неколку пратеници поставија ждиректно прашање дирекно на министерот, кажете министре за ова,ж кажете за ова, а министерот во оваа програма господа нема никакво влијание , по мое лично убедување. Кога велам скромноста, веке СИЗ-от како СИЗ го нема, јас им честитам на другите ресорни министри за здравство, за труд и социјална политика, за образование, за култура, си ги зедоа во своите раце сите свои надлежности и добор работат како министерства, единствено Министерството за градежништво, уранизам и екологија не е во можнсот да стави рака по мое лично убедување републичкиот сиз е држава во држава моментално како што јас го гледам. Зошто тоа го гледам? Цирка е 4 милјарди нови динари кои што треба со воаа програма да се реализираат со одреден ребаланс кој што треба да следи уште 2 милијарди, тоа е 6 милијарди нови динари, а министерот нема никаков удел во оваа

програма,  Ве молам, ова треб ада го расчлениме и да ја кажеме онаа права вистина како ние носиме програма, поставуваме прашање на еден министер за градежништво, а тој нема никаков удел во оваа Програма.

Истовремено сакам да напоменам дека кога минатата година кога ја разгледувавме оваа програма од 1991 година на господинот Стевица Божиновски му  поставив прашање за инвестиционото одржување зашто немате оперативна програма?  Рече, ако треба ке доставиме. Еве уште 650 милиони нови динари се предвидени воаа година. Оперативна програма дали ке има повторно ке го прашам до година кога ке носиме за 1993 година, но тоа можеби нема да се вика СИЗ за патишта, туку може би ке се вика фонд затоа што сега тоа е многу актуелно и затоа му честитам на министерот, затоа велам дека скромноста не е скромност од причини се додека смета дека министерот овој СИЗ ке го земе за контрола веке господада од Републичката СИЗ за патишта работаат на одредена републичка програма со одредени луге кои што сметаат дека ако не пости пропадна градежната оператива во Македонија. Многу добро знае господинот Стевица Божиновски Републичкиот секретар на СИЗ-от дека врши визити во Битола дојде ги посети градежните претпријатија беше во Струмица во Штип итн. на кој начин истовремено имам прилика да го видам и дорeдениот документ на градежните претпријатија што ке му стивме на господинот претседател на Влада каде што дава петиција, не е тоа петицијата него да речеме петиција туку мислеше убедување итн. дека е подобро овој СИЗ да премине  во фонд, никако да не премине во Министерството за градежништво, урбанизам и екологија.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам држете се за точката на дневниот ред.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Тоа е. Спроед тоа, во однос на оваа програма кога велам дека се 650 милиони динари без оперативна програма сметам дека оваа ставка на инвестиционо одржување има манипулација, затоа истовремено не се дава никаква оперативна програма.

Друго прашање би му поставил на господинот Стевица Божиновски. Зошто со програмате е предвидено градење трета лента на Плетвар кога според изготвената студија за развој на патната жмрежа патниот правец Титов Велес-Прилеп преку Бабуна покажа многу повисок рентабилитет, а истовремено сметам дека патот на третата лента нема ниту проект, а веке го предвидуваме во Програмата Зошто велам дека нема проект. На 23 кога од Скопје бегаме за Битола со пртениците од Прилеп лугето сега снимаат, техничарите веке се на патот, сега снимаат за трета лента, а од друга страна ние знаеме дека патниот правец Велес Прилеп преку Бабуна веке има изготвено студиа, а исто времено покажан е повисок степен на рентабилитет.

Истовремено во однос на овој контекст сакам да напоменам дали економски е оправдано односно зошто се ангажирани толку средства за изградба на раскрсницата на ниво Кукуречани за понеполни 5 години да се врши изградба на нова во две нивоа никој не му бара отчет и одговорност, зар за ова не треба да се побара од некого. Можете да видите на страна 2352 после толку години повторно откако настанаа одредени проблеми на клучката Кукуречани во Битолско повторно се издвоени 38.250 нови динари. Мене ме интересира како е дозволено баш во тој интервал да се гради мотел на патното земјиште, а потоа рушење. ме интересира кој ги сноси тие трошоци за да се промени таа петља која што се наога на

кукуречанскиот дел, а истовремено гледаме после 5 годиниа да се пласираат нови средства на Кукуречани сега да се прави можеби на две нивоа.

По однос на патната мрежа која што се предвидува прела-гам да правецот Велес-Прилеп преку Бабуна да влезе како приоритетна не смао што покажа повисок рентабилитет, туку истовремено треба да се води сметка ако случајно настане одредена хаварија на тој дел на правец Прилеп-Велес на одреден дел од каде ке се празни овој дел на Велес и Скопско ако затреба, а друг пат на овој дел и не постои.

Во однос на програмскиот дел истовремено сакам да налгласам повторно да не барам, ве молам, ова инвестиционо одржување од 650 милиони нови динари моменталанта репуличка заедница односно СИЗ за патишта да доставува ако постои можност и за м инатата година да достави оперативна програма.

ПАНЧО МИНОВ:

Почитувани пратеници, коментирајки ја Програмата за изградба, одржување и реконструкција на магистралните и регионалните патишта од аспект на третирање во неа на оптшина Кавадарци истата не е предвидена во делот на изградбата на регионалните патишта, туку својот интерес реално го очекува во финансиските планови од позициите на одржуваењ и реконструкција на тоа како што следува.

Како приоритет број 1 со утврдувањето на прекатегоризацијата на патниот правец Кавадарци-Росоман од локален во регионален за што аргументите се позитивни како во економска така и во сообракајна смисла,. за што се залага и господинот министер, бараме истиот да влезе во Програмата за финансирање на регионалните

патни правци и тоа од позицијата за инвестиционо одржување за 1992 година. Само на кусо да кажам дека со овој патен правец фактички понепосредно се пворзвуаат двете општини Кавадарци-Титов Велес. нивните стопанства, а патниот правец Кавадарци - Скопје во двата правци се намалува за 23 км. со што се врши голема заштеда на погон со гориво што сите знаеме е од девизно потекло.

Од позиција на Програмата за експроријација предлагаме и очекуваме да се види за 1992 година експропријација на земјиште и насадите за заобиколниот пат за Кавадарци што би било предуслов и основа за изградба на заобиколниот пат за Кавадарци за наредниот период за 1993 - 1994 година.

За постојните регионални патни правци во општина Кавадарци предвидуваме и окекуваме истите да бидат опфатени со финансискиот план од позицијата редовно летно и зимско одржување и инвиестиционо одржвуање со реконструкција на асфалтот таму каде што е тој дотраен, посебно за патниот правец Кавадарци-Мушев Гроб од аспект на ФЕНИ бидејки истиот со својот рудник гравитира во тој дел.

На крајот сакам да потенцирам дека тргнувајки од тоа што локалната патна мрежа е во големо заостанување за разлика од регионалната патна мрежа залагање беше и на комисиите и многу од пратнеиците дискутанти во примарната расрпава од постојните извори  за финансирање на патните правци поголема застапеност и поголемо третирање на изностие на средствата што се предвидуваат за изградба на локални паатни правци зашто е потребно како што соти во претходниот материјал што го разгледувавме подослена приемна на постојните пропси или измена на истите во оваа смисла.

ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, секако дека Програмат аза изградба и одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Македонија побудува вакви дискусии знаејќи дека истава програма според мене барем претставува една од најголемите инвестиции во 1992 година во Македонија велам дека е тоа нормално да има повеке дискусии а особено што во оваа Прогртама сите ние како пратеници гледаме некои свои интереси, но сметам дека сепак треба да преовладеат заедничките интереси за Македонија.

Во однос на оваа Програма има некои свои забелешки: Прво, дека се дава голем значај на магистралната и регионалната патна мрежа што не сум против тоа да не се градат итн., но исто така сметамд ека во овој смисол дека подеднакво не се води сметка за отварање,м односно изградба на регионална патна мрежа во целата Република како што рече еден од претходните дискутанти дека зависи кој е овде на власт таму повеке се инвестира итн.

Втора забелешка, ми е исто така што некаде се градат трети ленти, потоа заобиколни патишта, не знам нови патишта, а за некаде не сакаме да предвидиме со оваа наша Програма и изградба на патишта кои сеуште не се изградени односно се така запоставени.

Исто така моја забелешка на оваа Програма е во учеството за изградба и одржување на локалните патишта. Ние локалните патишта навистина ни се толку запоставени што само ги спомнуваме во оваа Програма и предвидуваме само 2% од вкупнтие средства. Навистина тоа е малку односно 74 милиони динари кога ке се распределат тие на 34 општини колку се во Македонија, па таму уште по толку замислете што може да се направи со 2 милиони динари, да се интервенира за изградба и одржвуање на локалните патишта, особено кога сите од воаа говорница се залагаме за ревитализација на селото и за

враќање на животот на село. Дали е тоа само кажување, од овдека практично ништо да не се презема. Затоа предлагам да се измени Одлуката за распределба доколку е тоа можно или со ребалансот на оваа Програма да се предвидат повеке средства за изградба и одржување на локалните патишта.

Исто така во оваа Програма имав еден свој амандман а од Комисијата за градежништво и урбанизам ми беше речено дека тој амандман е опфатен во Мислењето на Владата на Македонија. Всушнсот за што се однесува овој амандман. Се работи за патниот правец Македонски Брод-Здуње Скопје за кој што патен правец е зборувано и од оваа говорница, имаше поставувано и пратеничко прашање пред да бидам јас во овој Парлемнетн, секако сте запознати сметам дека треба неколку збора да кажам и за тој пат.

Тој пат се смета како преминален пат и повеке од 40 години е забранет за употреба, не сакам да навлегувам зошто и како, сега кога се создадени услови тој пат да може да се користи за сообраќај мислам дека треба да влезе во оваа Програма. По обавените повеке разговори од страна на Собранието на општина Македоснки Брод со Владата и со надлежните министерства како што стои овде и во Мислењето на Комисиајта дека постојат за тоа услови јас сметам дека овој пат трба да се предвиди со Програмата бидејќи тој пат за Мак.Брод значи живот, зошто Македонски Брбд ако не знаете да кажам на сите дека е оддалечен 150 км. сега од Скопје, а најдалечното село околу 200 км. Кога тој пат би се ставил во употреба Мак. Брод е далеку 90 км., а замислите дека сите други останати села по течението на Треска се оддалечени од 35 до 50 км. Не сакам да зборувам за значењето на овој пат не само за Брод, туку и пошироко за Западна Македонија, исто така Градот Скопје.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господин Вецко Личовски.

ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас мојата дискусија ќе ја насочам повеќе во вид на прашање затоа што има одреден пат кој е оставен на милост и немилост, а досега не е разгледуван ниту во Среднорочната програма ниту во Програмата за 1992 година, макар што на 24.IV.1991 година јас поднесов едно барање што не беше воопшто разгледувано еве и сега не е разгледано.

Имено, што се однесува до изградбата на патот Битола-Кичево останаа неколку села неповрзани. Поврзувањето беше решено со локално поврзување и тоа поврзување на местото село Пуста Река до Крушево. Локалното поврзување беше со селата Прострање, Црската, Цер, Пуста Река,Арилево, Горно Дивјаци, Крушево. Се поврзаа патиштата Прострање-Цер, додека патот Цер-Пуста Река остана неповрзан, а Крушево, Пуста Река се поврза. Во прво време тој беше како локален пат, меѓутоа со тек на време, односно во среднорочната програма за периодот 1985-1990 година тој пат влезе како регионален пат. Местото од Цер до Пуста Река беше пробиено, беа ставени пропустите и патот требаше уште да се пошљунчи и да се асфалтира. Меѓутоа, остана така непошљунчен, неасфалтиран, односно дојде до ерозивно уништување на тој пат така што денеска пропаѓа и воопшто ниту СИЗ-от за патишта ниту сега Министерството има преземено некои мерки.

Затоа прашувам, дали овој пат во Среднорочната програма што треба да влезе или во програмата за 1992 година ќе влезе за изградба или ќе се остави така ерозивно да пропаѓа односно да пропаѓаат средствата вложени во тој пат.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор госпоѓа Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Во мојата дискусија сакам да ги поддржам пратениците кои се залагаат за поголеми износи кај локалните патни правци. Инаку, сметам дека средствата за изградба на локалните патни правци, предвидени во износот 74 милиони динари, за изградба и одржување се доста мали и сигурно не можат да задоволат голем дел од потребите на локалните патни правци.

Ова го предлагам од причини што локалните патни правци се доста значајни за развој на малите селски населби за заживување на селата, за развој на земјоделството и за задржување на населението на село. Бидејќи износот за локалните патни правци се утврдува со Законот за изградба и реконструкција на патните правци би предложила да се преиспита постојниот процент што се издвојува од средствата за висината на локалните патни правци, а со цел за заживување на селото и развој на земјоделството и сточарството.

РИСТО КЕЛЕШОВ:

Почитувани рпатеници, од досегашните дискусии по двете точки јас имам една логика што ја нарекувам еден пратеник еден патен правец.

Логично е, сигурно и маркетиншки, низ призма и обврски наши кон бирачите, нормално, секој пратеник да се залага за реализација на делница од неговата општина, па дури и уште потесно од неговата изборна единица, со цел утре да се појавиме во таа изборна единица и да направиме пратенички споменици од 3,5 , 6,5 , од 7 км. па и поголеми патни правци. Затоа, по ова прашање ниту е можно, ниту може да се очекува меѓупартиски консензус, дури ниту консензус меѓу пратеници во една иста партија.

Затоа би предложил до Владата, односно ресорното министерство или уште поточно до Р.СИЗ за патишта да ги предложат стратешки најприоритетните патни правци од заеднички интерес за македонската држава што треба да се ажурираат за 1992 година.

Инаку, и јас како пратеник од Куманово имам патен правец што овде би го предложил со исто толку силни аргументи како до сега сите предложени патни правци. Подготвен сум да го бранам од сите позиции, стратешки, економски, традиционални и секакви други, меѓунационални и се што подразбира една палета на политичко образложение.

Затоа, на крајот сакам да кажам дека ако едногодишната програма што ја предлага Р. СИЗ за патишта веројатно ресорното министерство ја погледнало и ја погледнало низ призмата на стратешки приоритет од интерес на Република Македнија, тогаш тоа да го прифатиме и да ги надминеме нашите локални интереси односно интересите на нашите избирачки единици.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувани пратеници, дами и господа, нема да одолговлечувам само ќе напомнам неколку работи што беа спомнати.

Се согласувам да не се дискутира премногу, да се имаше предвид она што СИЗ-от за патишта го предлага, меѓутоа сметавме дека СИЗ-овите и патиштата ќе ги предвидат сите оние најпроблематични патишта што треба да се изградат и така тогаш да не дојде на говорница да се истакнуваат овие проблеми. Сметам дека тоа е оправдано, затоа што овде стана збор за економска оправданост на патишта, за тоа како кои патишта се правени со оглед на економското трошење многу литри бензин, многу масло. Се разбира дека тоа е така било кота тоа истото досегашните власти биле од таму, изградиле патиште изградиле бензински пумпи, па сигурно бензин ќе се троши таму, не ќе се трошат јаболка?! во Ресен се трошат јаболка оти има бавчи,

а таму патишта им направиле низ цела источна Македонија, цела Влада од таму до сега, сите патишта направени по пет -шест пати, направија бензинскипумпи, бензин ќе продаваме! не ќе продаваат круши !? И со тоа ќе ја оправдуваме некоја си економска оправданост дали требало таму џаде да се прави или не.

Ако погледнеме за економска оправданост и за задржување на селата, до сега зборуваме, веќе Мариово го запоставуваме. Не само Битолскиот дел на Мариово, туку и Прилепскиот. Ако пошироко го поврземе и со Кавадарци.

По однос на тоа, јас велам дека Битола многу повеќе во тој однос давало средства ако не продавале бензин и други деривати туку преку потенцијалите на земјоделието, нашумското стопанство, на рудникот Ореше и други и тоа каква и каква поголема економска оправданост би била таму. Да не навлегувам во тоа.

Сметам дека во Битола и Битолско, особено во Мариово, да не речам постојат постари патишта од првата светска војна за што ништо до сега не е сторено. Тие патишта поврзуваат голем број на села почнувајќи од Капепица и Бач , до каде е дојден патот, а од Бач до Старавина , лево и десно до границата и наваму Брод, Скочивир Доброенци, Бач ла Живојно на границата Сливница и Ивени, тоа се огромни села и какво не огромно шумско богатство кое во вид на градежен материјал и огрев ја снабдува пошироката околина на Битола па и подалеку од Битола.

Другиот патен правец кој се протега од Маково пак до Старавина, поврзува голем број села и многу големо шумско богатсво лево и десно, земјоделие, најразвиено сточарство, а да не зборувам за богатото рударство. Сето тоа е запоставено, а велиме носиме Програма, ќе го развиваме селото ќе го унапредуваме, а тие патишта одат можеби последен пат за правење.

Јас не сум против магистралните и регионални патишта. Но, пак ќе кажам и така во моментот се многу добри, дај да се свртиме кон поголем дел на Мариово да ги направиме патиштата за да можеме да го повратиме  и да се развива и сточарството и земјоделието и рударството и шумарството, ако сакаме дури и туризмот во најубавата борова шума таму. Преку овие два правци ќе се поврзат Прилепскиот и Кавадаречкиот дел н а Мариово.

До сега тие патишта не се гибнати и кој знае дали се врши таму опесочување. Јас предлагам не инсистирам тој пат да се прифати, меѓутоа надлежниот, Министерството за сообраќај да формира стручна комисија, да излезе на лице место на сите овие патишта што се предлагаат со Програмата за 1992 година, да види кои се најпроблематични, кои економски најрентабилни и кои треба да бидат земени предвид и кои први треба да  бидат земени за изградба. А не само ваму ќе правиме, таму ќе правиме. Зошто не излезе една таква комисија, да бидеме со чиста совест, да види кои правци и кои патишта ќе треба да дојдат во прв ред со Програмата. Се разбира мислам на локалните и други патишта. Јас сум за магистралните патишта, меѓутоа не се во таква положба немало до сега пат онде кај што врвиме  по овие патишта, а во голем дел ги запоставуваме и никогаш тие региони не би се развиле ако вака продолжиме и понатаму.

ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:

Годишната програма за изградба на патишта во Република Македонија веројатно немаше да претставува толку проблеми ако ја усвоевме среднорочната програма. Бидејќи сега сите проблеми сите содржини што ги имаше среднорочната програма сакаме да ги внесеме во една годишна програма која неможе да ги собере, имајќи ги предвид средствата што се можни за трошење на овие.

Разгледувајќи ја Среднорочната и Годишната програма, Комисијата за градежништво предложи и заедно со Министерството беше усвоено Среднорочната програма да се одложи до донесувњето на Програмата за развој на Република Македонија, поврзана со сите наши нови стратешки определби. Ние треба да ја испитаме стратешката положба на Македонија после донесувањето на сите документи и состојби кои се случуваат во нашето опкружување и да видиме кои ќе бидат стратешките правци на развојот на патната мрежа. Дури тогаш, врз база на тоа да донесеме среднорочна прогрма. А, Годишната програма, рековме дека треба да се донесе за да не се застане со изградба на патната мрежа и да не се девалвираат средствата што се собираат по тој основ.

Што се однесува до граничните премини што овде се спомна, исто така тие се оставени бидејќи, намерно оставени, бидејќи во билатералните односи со овие наши соседи треба да се договориме граничните премини да се прават истовремено. Да не ги правиме само од наша страна а од нивна страна да не се направа. Да не навлегувам во тоа, тоа се веќе политички проблеми брз база на што ќе се реализираат и овие премини.

Нашата комисија исто така се залагаше околу проблемот на средствата,. повеќе да се издвојат за локални патишта затоа што во изминатиот период многу малку се полагаше на ова. Неколку дисутанти тоа го кажаа. Но, тоа е сврзано со законската регулатива. Предложивме уште оваа година Министерството да се обиде да ја иземни законската регулатива и заедно со донесување на ребаланс на овај буџет да предвидат повеќе средства за иградба на локалните патишта со што ќе се овозможи изградба на повеќе локални патишта за поврзување на населени места што не се поврзани.

Семтам дека сите проблеми треба да се разгледуваат и решаваат на едно друго ниво. Не на ниво на парламентарна расправа, во Собранието, бидејќи неможеме да ги согледаме сите проблеми. Секој пратеник ги знае проблемите во својот реон во своето опкружување. Како Мариово и Козјачје имаме и други проблеми. Ако почнеме овде да дискутираме за сите, Програмата ќе треба да ја вратиме назад да се доработи овде се искажаа многу предлози за дополнвуање на Програмата што не е можно.

Програмата била на јавна расправа по градовите. Кој имал интерес расправал по неа и преку своите претставници во СИЗ-от сега е СИЗ и тој е додека не го укинеме, не создадеме нови облици на управување со овие средства, СИЗ-от ќе постои, тој е орган, таму имаме претставници од сите градови од сите општини и Програмата е усвоена. Ние само треба да ја потврдиме. Ние поведовме расрпава како да сега треба оваа Програма овде да ја правиме, што е неможно во еден ваков состав и во една ваква расправа.

Затоа предлагам и мислењето на Владата исто така е оваа Влада да биде прифатена, како што е со одредени забелешки.

Сметам дека оваа програма треба да ја прифатиме. Инаку, на друг начин јас незнам како би ја усвоиле. Да ја прифатиме Програмата, а во Среднорочната програма, кога ќе дојде, моите размислувања се таа да биде петогодишна програма сега ќе правиме една програма во новонастанатите услови и да не биде таа продолжувана на оваа програма туку да биде нова среднорочна програма.

ЗУДИ ЕМИНИ:

Јас лично ги прифаќам сугестиите на сите пратеници кои беа на мислење да не се зборува за локалните патишта, бидејќи свесен сум и за тоа дека тоа е во надлежност на општинските Собранија Меѓутоа, бидејќи доаѓам од едно Собрание кое не функционира една година, морам да ставам некои свои забелешки за потребите на општината Гостивар.

Во Годишната програма, а исто така и во среднорочната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Репбуликата се предвидува и посебен фонд за изградба и одржување на локалните патишта, а особено со Среднорочната програма 1992 - 1995 година се предвидува да се изградат 400 до 500 километри локални патишта. Бидејќи во програмата не се предвидени или не се нагласени никакви конкретни податоци, си земам за право да кажам дека гостиварската општина е во катастрофална состојба со локалните патишта, каде што има правци на локални патишта каде не е инвестирано со години, а локалниот пат Гостивар - Чегране,на многу места е непреоден. Со оглед на тоа што на многу места за оваа година се предвидува реконструкција на патот - Тетово - Гостивар, тогаш фреквенцијата на овој локален пат ке се засили повеќепати. Мислам дека има приоритет над другите локални патишта да влезе и во републичката програма за оваа година.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитувани пратеници, пред нас ја имаме Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа на републиката за 1992 година. Убаво е тоа, донесуваме Годишна програма, Среднорочната програма ја одложивме, меѓутоа, треба да се работи, а повеќе од тие позиции логично

би било оваа програма да се усвои. Јас не би коментирал ништо што е дадено во оваа Програма, но барам едно објаснување во смисла што основните средства се обез бедуваат како што се вели овде од надоместокот за патишта што се пресметува и наплатува во цената на нафтените деривати и второ, надоместоци за употреба на патишта што се плаќаат при регистрација на моторни и приклучни возила. Износот во основа ја претставува целокупната сума со овие два основи што се дадени во Годишната програма. Во делот каде што се вели како ке се користат средствата, во делот на инвестиции, во делот за изградба јас воопшто не гледам ниеден регионален патен правец на подрачјето на градот Скопје,  а основно е дека средствата во основа се прибираат токму од овие два извори кои се остваруваат на подрачјето на скопските општини.

Ме интересира, овде беа кажани желби, можностите беа скромни дека во Скопје и скопските општини нормално е дека како регионален пат можеме да зборуваме за Скопје - Куманово стариот пат и што е едноопшто залагање, што беше предмет на повеќето расправи и залагања овде, патот Скопје - Зуње - Македонски Брод. Мислам дека со дел од средствата кои се остваруваат на подрачјето на градот Скопје и на општините овие два патни правци би требало да имаат приоритет. Еве, отворете ги овие страници 2,3, го нема никаде Скопје, а во основа средствата се обезбедуваат во Скопје. Ме интересира по кои критериуми се обезбедуваат средствата и дали на домашните носители, каде што се остваруваат овие приходи, останува некоја сразмера, некоја пропорција или едноставно се прави една солидарност на ниво на републиката, па во овој случај најоштетен е градот Скопје и скопските општини. Барам појаснување во оваа смисла.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам да земам збор за да ја поддржам Годишната програма за оваа година за изградба, одржување и реконструкција на регионалната и регионалната патна мрежа во РепубликаМакедонија за 1992 година и да предложам неколку работи, а сакам да се осврнам и на некои работи што беа кажани.

Мислам дека ова Собрание треба да ги прифати сугестиите на неколку пратеници без разлика на партиската припадност што дискутираа во однос на раз гледување на можноста за зголемување на средствата за из градба и одржување на локалние патишта во општините, што сега изнесува 2% од вкупно планираните годишни средства за тековната година. Тоа е едно прашање кое пошироко треба да се разгледа и во рамките на студијата што треба да се изработи за оваа година, предвидена за буџетот за 1992 година за ревитализација на селските населби и во рамките на тоа целосно да се разгледа прашањето на решавање на инфраструктурните потреби на населените места, особено на оние населени селски населби кои немаат доволно економска моќ да создаваат сопствена акумулација да ги решаваат проблемите во однос на комуналната свера. Тоа е обврска што треба оваа држава и република приоритетно да ја врати на селото како столб што бил за развој на градот во целиот овој петдецениски развој на градовите. Мислам дека ке имаме прилика да дискутираме за таа програма кога ке ја донесуваме но со еден заклучок на ова Собрание надлежното министерство да предложи измена на законот каде што се предвидува во наредниот период за употреба на овие средства од 2% од вкупно акумулираните средства што се.

Второ, во однос на претходниот дел, овде беe искажано мислење од господинот Тонмислав Стефковски дека приходниот дел исклучиво се обезбедува со надоместокот за патишта што се

пресметува и наплатува во цената на нафтените деривати и надоместоци за употреба на патишта што се плаќа при регистрација на моторните и приклучните возила. Притоа, запоставувајќи ги другите уште пет извори кои не се мала ставка, туку поголемиот дел мислам дека 60% е другиот приходен дел, веројатно со намера да си ја потражи сопствената теза дека Скопје е запоставено во тој дел затоа што по овие два основи се прибираат приходи претежно од градот Скопје.

Ако се земе ставката 5, кредит од Меѓународната банка по III секторски заем за патишта и сите кредити досега што беа за изградба на автопатот кој го поврзува Скопје со главниот Автопат " Братство Единство" и патиштата што се предвидени со оваа Годишна програма за доградба на Автопатот, мислам дека тоа се средства во целина кои Скопје ги има акумулирано а служат за потребите на градот за долгорочен период и тоа мое мислење е на сметка на другите населени места, ако веќе така одиме сепаратно во размислувањата.

Јас само би додал во оваа ситуација дека и јас како пратнеик од мојата изборна единица имам потреби искажани за два регионални патни правци, кои беа во постапка при разгледување за конципирање на оваа Програма и со соодветни образложенија даден е приоритет на други патни правци, јас го прифаќам тоа како така, но би молел во оваа прилика Собранието, со оглед на некои актуелни сосотјби што се создадени на регионалниот патен правец во општината Демир Хисар, регионалниот пат број 712, тоа е Ропотово, Кривогаштани, Демир Хисар, на делница од 11 км. и врската на регионалноит пат 615 со регионалниот пат 713 Демир Хисар, Света, пат од регионален карактер и кој поврзува четири општини, општината Демир Хисар, Прилеп, Крушево и Битола непосредно, а преку нив и со

другите општини во Републиката, патче кое е неопходно потребно да се реконструира во овој период од причини што минатата година Вие знаете дека се укина патниот сообраќај на железничката пруга Бакарно Гумно - село Сопотница, поради нерентабилност на патничкиот сообраќај и единствена врска за тие населени места од општината Демир Хисар, Битола, Прилеп и Крушево за некаде околу 30 илјади граѓани мислам дека е овој патен правец. Со оглед на тоа што се компензира таквото укинување на тој патнички воз со воведување на автобуска линија, јас би молел тоа да се има предвид при конципирањето и конкренто оперативно распределување на средствата за финансиаска распределба во тековната година, да може да се интервенира на тој патен правец, на место да се плаќа компензација од Буџетот за патничкиот воз да може да се поправи тој пат.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

По искажувањето на господинот Наќе Стојановски веројатно се стекнува погрешна претстава од неговото искажување а за да бидам попрецизен ке прочитам некколку бројки, па да се види кој говори дека се рабори за 60% или 30%.Значи, обратно, јас говорев дека имам таков интерес, меѓутоа, бројките говорат она што јас говорев дека тоа е тоа.

"Имено, средствата се утврдуваат во износ од 3.716.300,000 итн.", во делот каде што реков по првиот основ надоместок за патишта од нафтени деривати веќе се обезбедуваат 2.250.000.000 динари, во делот надоемстоци за регистрација на приклучни моторни возила веќе 170 милиони, наплата од патарина на автопатот 650 милиони и тоа е веќе бројката што ги исцрпува овие 3 милијарди динари. Според тоа, во основа овде учествува Скопје.

Незнам од каде господинот Наке Стојановски, изведе друга математика.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас мислам кога се презентира треба да се презентира целосно 3 атоа што изворите под 3 и 5 се прикажани, ако во уводниот дел господинот Стевковски читаше, приходите кои се поврзани со движењето на курсот на странската валута, приходите од надоместокот што го плаќаат странки корисници на патот, на платата на патарина на автопатот од странски корисници, како и планираните средства пресметани се врз основа на официјален курс на доларот од 22 динари. Сега кога расправаме тој курс не е толку туку е бројка сосема поинак која односот меѓу овие два извори номинално во динари го зголемува многу повеќе и оттаму јас го изведов тој процент 60 со 40%, што е и реално во овој момент што се  калкулира.

ЗОРАН НИКОЛОВСКИ:  (претставник на СИЗ-от за патишта)

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ке се обидам накусо да го сумирам ова што можевме да запишеме во текот на расправата. Се надевам дека тоа е тоа што го изнесовте.

Годишната програма за патишта е пред вас врз основа на Законот за патишта, според кој Собранието на Републичката СИЗ за патишта донесува програма и ја доставува до парламентот на потврдување. Оваа програма е изготвена врз основа на постојната законска регулатива за остварување на приходите за патишта, презентирани се изворите на приходите за патишта во Програмата, а расходната страна е изготвена пред се, од потребата за одржување на патиштата. Приоритетна потреба е одржување на патиштата за да можеме да го сочуваме она ниво кое го имаме, дури ако можеме да го подобриме, пред се со средствата за инвестиционо одржување.

Инвестиционото одржување, распределбата на средствата за инвестиционо одржување ја утврдува Собранието на републичката СИЗ за патишта во својата Финансиска програма која претставува разработка на целокупната Годишна програма. Доколку Парламентот оцени дека е потребно да биде презентирана финансиската програма пред вас, ние стоиме на располагање, мислам дека нема да има никаква пречка.

Потоа обврска - остварените приходи во расходната страна се пред се за измирување на обврските кои републичката СИЗ за патишта ги има спрема странските кредитори и останатите обврски кои претстојат пред заедницата, пред се учеството во изградбата и одржувањето на локалната патна мрежа.

Морам да истакнам во оваа прилика дека оваа бројка што е изнесенма во Годишнмата програма е само оној дел што е дополнително финансирање во локалните патишта, додека основните средства за локалните патишта се остваруваат од регистрацијата на моторните возила и од приходот од горивото. За распределбата на овие средства, тоа се од прилика околу 130 милиони во 1992 година, процентите за распределбата на овие средства мислам дека е и заклучок на Владата, во текот на годинава со министерството тоа заендо ке го сториме, ке извршиме нова прераспределба на средствата за локални патишта.

Инвестициониот дел на програмата е изготвен врз основа на новелираната студија за развој на основната патна мрежа до 2000-тата година. Во Програмата се пред се вклучени обврските на Републичката СИЗ за патишта по меѓународните кредити, прва позиција е з начи инвестиции со учество на III секторски заем, која е веќе договорена обврска со Меѓународната банка. Сметаме

дека реализацијата во оваа година ке дојде на овој секторски заем. Потоа се реконструкции и надградби и тоа се можностите кои во овој момент ги планираме и изградбата е пред се она што значи одпочнати патни правци во претходниот период. Приоритет во изградбата имаат оние патни правци кои се одпочнати во претходниот период,односно каде што е веќе инвестирано за да биде тоа довршено. Што ке биде натаму, во Среднорочната програма, пред нас е развојниот план на Републиката која сигурно ке ја користи студијата за развојот на патната мрежа, за тоа потоа, веројатно ке можеме да се усогласиме.

Во дискусијата имаше многу барања за одредени патни правци, меѓутоа морам да истакнам дека надлежноста на републичката СИЗ за патишта е само на магистралните и регионални патишта така што голем дел од барањата не се во доменот на Републичката СИЗ за патишта туку во општинската СИЗ.

Што се однесува до финансиската програма веќе истакнав дека републичката СИЗ за патишта односно инвестициониот дел ја донесува СИЗ-от за патишта, но по ваш заклучок ние сме спремни да ја доставиме таа Програма.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Ке бидам многу краток. Ова мислам дека е важна информација бидејќи врз база на овие инфорамции ние ке ја градиме идната стратегија за развојот на патната мрежа во Македонија. Вие многу добро знаете дека целата стратегија на Македонската патна мрежа беше градена во рамките на југословенската патна мрежа која што го акцептираше развојот во оските Север - Југ. и целата работа беше букирана и просторно регулирана во тој принцип. Јас не велам дека тоа беше грешка, но многу работи беа испуштени. Сега се појавува една природна оска, Запад-Исток која што природно се вклучува на оската Север-Југ.

АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ: (Продолжение)

Морам да кажам дека сообраќајните токови север-југ се многу јаки, но исто така се појавувата природно и потенцијално ќе се појавуваат во иднина иницирани сообраќајни токови во оската заапд-исток.

Друго стратегиско ппрашање врз кое ќе се базира развојот намакедонскат патна мрежа е прераспределбата на приходот. Прераспределбата на приходот беше базирана врз едни критериуми кои што беа диктирани од сојузните прописи и т.н. Тоа можеби неконвенираше на одредени републики како што е Македонија, Црна Гора и т.н. но, тој модел на распределба беше наметнат виза ви северните републики. Сега самостојна Република Македонија тој модел е веќе застарен, а и виза ви филозофијата за развојот на овие претходно кажани оски. Но, ние го запоставивме развојот на локалната патна мрежа, но еден од важните фактори беше патот, покрај многуте други за иселуваше на населението и инфраструктурата што се надоврзува на него. Според него претстои еден модел за прераспределба на приходите во кои ќе бидат акципирани врз база на истражувања на нашите стручњаци  што се занимаваат со таа материја, за односот на квантумите на финансиски средства ви зави магистралната, регионалната и локалната патна мрежа од една страна, а сето тоа купувано во врска со проширената репродукција, реконструкциите и одржувањето како гловални структури кои што влегуваат овие инвестициони вложувања.

Трет стратегиски фактор е претстојната филозофија на управувањето на патната мрежа, законто за патиштата и сите оние елементи кои што треба да ги аплицираат двете претходни

стратегиски определби за доброто на нашата патна мрежа.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Јас ниту од претставникто на СИЗ-от за патишта ниту од министерот слушанв нешто за прашањето во врска со регионалниот пат што јас го поставив. Тоа е регионален пат Крушево-Кичево и како регионален пат останата е делница цца 7 км. кои што е пробиен, ставени се пропустите и оставен е ерозивно да пропаѓа. Не ми се кажа што се мисли со тој пат.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали може да констатирам дека е исцрпена дискусијата. (Може)

Пред да поминеме на гласање само да ве потсетам дека матичната комисија предлага да се поддржи Годишната програма, Истото го предлага и Владата на Република Македонија со тоа што има некои укажувања, а матичната комисија ги прифатила. Според тоа ве молам и овие елементи при гласањето да ги имате во вид.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (68)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1992 година со укажувањето на Владата.

Минуваме на точката 16 - Информација за состојбата на политравматизмот во Македонија со мерки на негова превенција и сузбивање.

Информацијата, дописот на Ортопедската клиника - Скопје и извештајот на Комисијатаза здравство ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Има збор господин Трпчевски.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Информацијата има важност од причина што политравматизмот во нашата Република преставува актуелен проблем со епидемиолошки размери со постојан пораст на бројот на повредените, нивната тежина и последици. Травматизмот има медицинско-социјален карактер поради големата фреквенција, реперкусии врз здравјето па и самиот живот на повредените и нивните семејства, загубите во стопанството поради одсуството од работа, големи трошоци на лекување и рехабилизацијата и кај одреден број на појава на инвалидност од различит степен.

Повредите кои настануваатза време на работа и во сообраќајот и големите трошоци кои бараа за нивното лекување барем кои досега паѓаа на товар и онака на оскудниот солидарниот здравствен динар и во иднина дел до трошоците треба да паднат на товар на осигурителните заводи и работните организации.

Најголем дел на травматизирани лица се регистрирани во 1990 година и изнесува 3238 и во однос на 1980 година зголемувањето е 9,8% со вкупна материјална штета од 39.347.000 динари за тоа време.

Во периодот 1986-90 година, најмногу сообраќајни незгоди се случиле на патниот правед Скопје - Тетово - Гостивар, поради густиот сообраќај посебно во деновите на викендот (петок, сабота и недела).

Македонија може да се рече дека има најзастарен возен парк, и тоа кај возилата на приватни лица со старост на 10, 12 и 15 години на моторното возило, па се разбира тоа претставува и те каков ризик за зголемување на сообраќаните незгоди.

Успехот на лекувањето на политравматизираните зависи од_ квалитетно и навремено укажуваше на прва помош, навремено траснпортирање, квалификувано лекување на истите со можност на помали секвели и навремена рехабилитација.

За намалување на бројот на политравматизираните (се разбира и поред мерките кои се набројани во Информацијата) и заклучоците изнесени на Комисијата за здравство го предлагам следново:

Бидејќи го споманв факторот на застарен возен парк во нашава Република како еден и од ризиците за сообраќајниот политравматизам, потребно е помладувањето на возниот парк. По осамостојување на нашава Република потребно е да се овозможи увоз на автомобили од другите држави со ниски царински давачки (како што тоа го направија пред 1-2 години и Словенија и Хрватска). (Во Програмата за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година се предлага во март месед оваа година да се разгледа како Предлог на закон за царински тарифи и тука да се наведат овие царински олеснувања за увоз на автомобили кога ќе се донесуваат законски акти.

Со пропис да се задолжи и да се обезбеди во автомобилот на секој лекар во нашава Република кои ги има над 4.300 лица, поред кутијата за прва помош да има и поголема количина завоен материјал, неколку шини, аналгетични средства, шприцеви, тубуси за интубирање амбу маска за вештачко дишење и да укаже прва помош било кога се наоѓа дома или на пат со возилото, да овозможи тријажа и со најтешкиот повреден да биде придружник до најблискиот трауматолошки центар.

Поради порано изнесената констатација дека најголем број на сообраќајни несреќи за последниве 5 години се случиле на патниот правец Скопје, Тетово, Гостивар, се препорачува Тетово да биде рангиран во трауматолошки центар од II степен. Тоа се предлага и од следниве други моменти: Медицинскиот центар Тетово има изградено современ оперативен блок, постои и приличен број на хирурзи и ортопеди кои би можеле исцело да се занимаваат со оваа пробмелатика, пристапот кон оперативниот блок е овозможен од четири страни и полесните и средно тешките травматизирани болни успешно ќе ги збирнат, а само тие тешките и со витално загрозени по живот со претходна укажана помош ќе можат да ги транспортираат во трампатолошкиот центар во Скопје.

Поради лошиот пристап кон клиничкиот центар во Скопје, а со тоа и до идниот травматолошки центар во Скопје преку улицата Водњанска, потребно е најургентно решавање на ова тесно грло, поставување на улицата во еднонасочна или пак кружно движење да има кон овој клинички центар.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Мислам дека добро е што една ваква информација се разгледува пред Собранието заради тоа што политраумата претставува

еден компексен медицински економски и социјален проблем. Политраума значи симултална повреда на повеќе органи или сектори на човечкото тело под дејство на раздорна сила. Истата е актуелна од медицински аспект, заради тоа што однесува бројни болни и остава рејзидуи. Актуелна е и од економски аспект, заради тоа што неадекватниот третман е доста скап, а актуелна е и од социјален аспект заради што политраумата остава бројни резидуи за чие што разрешување бара средства ангажирање на државата.

Актуелизирањето и обликувањето на овој проблем во една информација го сметам за целисходен. Проектот за формирање и за разрешување на оваа проблематика како еден актуелен политрауматен центар исто така го сметам за целисходен. Сместувањето на овој центар во секторот на Хируршката клиника е неадекватно и истиот треба да го сватиме дека не претставува формирање на некоја установа туку еден повисок организационен облик како функција на хируршката дејност.

Политрауматолошки центар би претставувал еден поли-траумаконзилиум заради компетентно третирање на одредени повреди. Мислам дека со ова не се запоставува ни една компетентна струка од нејзиното учество во адекватното решаваше на политраумaтизираните болни, меѓутоа проекето го сметам исто така за релевантен заради тоа што ствара и основа за едно доктринарно решавање на оваа проблематика не само на едно повисоко републичко ниво туку ги вклучува сите истанции на третманот на оваа категорија на повредени. Заради тоа предлагам Собранието да ја прифати оваа информација.

ТОДОР ГАЈДАРЦИСКИ:

Почитувани пратеници, го поздравувам поставувањето на наредните две точки на дневниот ред на нашето Собрание, но сметам покрај проблемот на политраутизмот кој датира негде од 1952-1953 година кога поради некои недоразбирања во функцијата на Хируршката клиника, чиј тогашен директор професор Драгоевиќ го воспоставил со првиот македонски хирург професор Караѓозов беше формирана Трауматолошката клиника во сутеренот на сегашната Гинеколошка клиника. Дали тоа беше концепција за решавање на трауматизираните болни или спор помеѓу двата професора незнам, но после неколку години престана со функцијата веровато со одењето на професор Драгоевиќ, а од Трауматолошката клиника израсна и продолжи да работи Ортопедската клиника.

Сега да се навратам на Информацијата. Сметам дека има повеќе здравствени проблеми го заслужуваат да се занимава и Владата, па и нашето Собрание. Ако критериум има бројот на починатите, тогаш напред излегуваат срцевите заболувања и срцевата оперативна хирургија, малигните заболувања, болести на бубрези и трансплантацијата на бубрезите и други што веројатно во наредниот период ќе ни бидат предложени. Но, ние здравствените работници сме задоволни што проблемите почнуваат да се решаваат, да се поставуваат на дневен ред. Во врска со самата Информација, во која ни се нудат и доста тесно стручни поими, сакам да го изнесам своето мислење.

Прво, не се нотира финансирањето како проблем кој секогаш бил присутен и кој досега не овозможувал решавање на проблемот, или немало средства или интересите биле истите да се употребат на месно ниво.

Второ, не се прави преглед на потребните кадри, специјалисти, субспецијалисти и други профили од Републичкиот центар па надолу и од која се специјалност.

Трето, не се цитира кој орган, институција бил задолжен према точката 3 од констастациите за обработка на статистичките материјали и дали евентуално истиот ги користел средствтаа што биле наменети за таа работа.

Четврто, не се нотира и субјективно заради некои други нерешени прашања не е доволно опфатен овој проблем, а имено кој процент од внесените болни во операционите сали, во одредени подрачја од Клиниката на хирургија, ортопедија, максиофицијална хирургија, орална клиника, очната клиника, па Градската болница па надолу оние од IV степен се внесени во оперативните сали заради третман на траума. Во мерките на страна 9, точка 6 се изнесуваат дури и средства за адаптација на старата Хируршка клиника, а зборуваат дека истата веќе се адаптира за износ од 47 милиона 538 илјади динари. До скоро добро ќе е ако Медицинскиот факултет излезе со концепција за неговата целосна функција па веровратно па и за ова гореизнесеното. Меѓутоа, нема логика во Републичкиот центар се предвидува дневна болница. Таа може да биде за Скопје, но не и за Републиката зашто што ќе работат трауматолошките од II до IV степен ако не ги згрижат и повредените на кои не им е потребна хоспитализација, односно има потреба од дневна контрола во амбулантата. Прескапо ќе чини, но да се надеваме дека доктрината која ќе се предложи согласно материјалот ќе го регулира тоа.

И на крајот д кажам дека невработените лекари точка 9 од мерките јас не би ги нарекол лица кои ќе даваат прва помош.

Прескапо е финансирањето и да произведуваме лица, а не доктори по медицина. Би предложил да тие, или дел од нив се ангжираат во функцијата на интензивна медицинска помош, а без разлика дали ќе бидат во сталeн работен однос или од повик.

На крајот, бидејќи имаме предложени заклучоци од страна на Комисијата за здравство, предлагам во Предлог-заклучоците добиени од Комисијата за здравство и тоа:

Прво, точка 3 - Републичкиот трауматолошки центар да е во Хируршко-ортопедските клиники, значи додаток е ова второто.

Второ, во едукација во вториот пасус на точка 3 да стои - идукација и оспосовуваше на хирурзи и ортопеди за правно згрижување на повредените.Значи додаток се вторите.

Трето, во последниот расус наточката три се усвојува Информацијата и се препорачува пред дефинитивното оформување да се произнесат сите клиники што учествуваат во згрижувањето наполитрауматизните односно хирушките клиники, Ортопедската клиника,Максофацијалната клиника, Клиниката за очни и ушни болести,Наставничкиот совет при Медицинскиот факултет,а за ова да биде информирано Собранието.

СЛАВЕ НАУМОВСКИ:

Почитувани пратеници, сакам да бидам сватен добро-намерно, бидејќи сум трауматолог, хирург...

Мислам дека информацијата за состојбата на политрауматизмот во Македонија со мерки за негова превенција и сузбивање ќе имаше полна тежина ако беше составен дел на една интегрална информација за состојбата и нивото на изграденоста на ургентната медицина како докринарен систем на лекување во која спаѓаат и нтернистичките заболувања, како што кажа д-р Гајдарџиски, каде што

кардиологијата, нефрологијата, абдоминалните заболувања, гастро-индоцијалните , токсикологијата и педијатриските заболувања, а кои бараат итна и неодложна медицинска интервенција. Во таа смисла изолирано од предложените мерки за интервенции и сузбивање само на политраутизмот не се рационални. Сметма дека концентрирање на сите сили,средства и специјализација на кадри за ургентна медицина, иако ние имаме и полно други кадри кои веќе можат да ја работат  таа работа, за оформување на Републички ургентен центар е поцелисходно отколку изолирано фромирање.

Дури и локацијата на Центарот мислам може да претрпи измени со последните настани од последните 2 недели, со што се ствара шанса бившата Воена болница стане тој центар со комуникациите кои ги има и инфраструктурата односно кој е веќе готов Центар. Сметам дека брзо ќе биде составен дел на Медицискиот центар.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, верувам дека сите или поголемиот број од вас ја проследија оваа информација со внимание. Жалам што е малку подоцнежно ставена на дневен ред, како точка 16, бидејќи овој проблем како еден тежок социјално-медицински проблем заслужува полно внимание да го разгледува и респектира овој Парламент.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (Продолжение).

Мислам дека информацијата е доста широка, стручно напишана а воедно извештајот кој што го добивте од Комисијата која што расправаше во два наврата ги искажа причините зошто оваа тема се наоѓа на дневен ред, како и што од поширокaта расправа предлага како заклучок. Според тоа, моето јавување беше повеќе зошто е доста речено за да не го задржувам вашето внимание повеќе од потребно да ги збогатам заклучоците со нешто што е овде спомнато во текстот, меѓутоа не е во смисла на работен заклучок, а тоа е во точка 3 каде што се вели дека Собранието укажува на потребата од формирање на ваков траумоцентар на ниво на Републиката со цел да се сузбие она што до сега е присутно, односно недоволната грижа и недоктринарен пристап на лекување на болните на политрауматизираните пациенти. Во вториот став каде се вели дека "ке се подобри организираноста во делот на превентивната здравствена заштита, едукација и оспособување, односно дооспособување се мисли на хирурзи за правилно згрижување на повредените, заради побезбедно транспортирање на повредените ќе се овозможи зајакнување на врските на патиштата". Сакам да предложам дека ќе се овозможи и регулираше на сообраќајот на ул. Водњанска. Овој проблем е долго време присутен и долго време наговестуван од страна на сите клиники на медицинскиот факултет од Службата за итна медицинска помош на град Скопје, како и од службите за итна медицинска помош од сите градови во Републиката, затоа што улицата е претесна, се бара нејзино регулирање во подолг временски период, па мислам дека сега се создадени такви можности. Бидејќи ако овој центар се отвори, а воедно и сега потребите што се наоѓат на Клиниката, верувам дека ќе има потреба од подобра комуникација,

бидејќи се она што го доживуваат службите за итна медицинска помош во еден пребукиран сообраќај во Скопје е се со цел да се спаси живото на пациентот е безвредно кога ќе се стигне во оваа улица каде што нема добар пристап до хируршките клиники и до било која друга клиника ако сакате и до кардиологија, заради тоа што и таму се носат итно болни, така што овој проблем како таков останува, а мислам дека треба да влезе во работните заклучоци и овој парламент понатаму да се позабави и со операционализација на овој заклучок односно со решавање на оваа делница.

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, иако од дадената информација за превенција и сузбивање на политрауматизмот во Македонија е пошироко елаборирана, јас и сакам да дадам акцент на некои проблеми како да така кажам директен учесник во давање на помош како стручно лице на тешко повредените.

Крива Паланка со мало хирушко одделение во изминатиот период се среќаваше со доста тешки проблеми во разрешувањето на состојбите на политрауматизираните пациенти, поради тоа што состојбите во организацијата на здаравствената служба на ниво на Македонија не беше така добро организирана, така што ние често пати бевме во состојба одредена категорија на пациенти, било тоа да настрадале во сообраќајна несреќа или пак на некој друг начин, доколку и покрај известувањето со телефонски разговори итн, ги праќавме во Скопје често пати такви пациенти во текот на шетањето од една во друга болница со изговор дека нема место и немаат можности да укажат прва помош одеа од градска во државна болница, до воена болница и за несреќа некои така во така во таа игра на шетање го завршуваа својот живот.

Од тие причини сакам да кажам дека ова, иако можеби касно ова информација и ова што треба сега да се спроведе е сосема на свое место и мислам таа прераспределба на здравствените установи, пред се, на хирушките во четири групи кои се доктринарно распоредени како попостоењето на стручниот кадар, исто така и по големината на регионите кои ги опскрбуваат, мислам дека е сосема на место и од причини што на пр. ние во Крива Паланка не само што ќе бидеме во состојба како мало хирушко одделение што треба и како треба за одредени итни интервенции да постапуваме, ќе бидеме и во состојба кои пациенти ќе треба да се пратата во Куманово, кои треба да се испратат во главниот град Скопје.

Второ, што се однесува до екипирањето на стручните соработки со другите хирушки служби, мислам дека тука пред се ортопетската служба, гинеколошката, уво,грло и нос. и сите овие други максилофацијална хирургија итн. најверојатно тие во склопот на таа прва група во клиниката тука во Скопје ќе бидат сите опфатени и така еден пациент кој што ќе дојде од внатрешноста или било од каде во овој главниот во првата група кој што спаѓа, тој ќе биде во можност за релативно кратко време да биде стручно и најсоодветно разрешен, а со тоа мислам најмногу добивале пациентите, а и ние кои што работиме со тие пациенти.

На крајот сакам да кажам дека програмата, барем за моето подрачје, мислам Информацијата така како е дадена ни оддалеку всушност не е какви се состојбите. Ние за една година, за извештајниот период кој тука кажува дека има еден до два смртни случаи, поради вакви несреќи, поради полутрауми е далеку поголем , да не кажам некаде скоро до 10 случаи, а за тоа колку остануваат трајно тешки инвалиди, колку се прават материјални штети итн. тоа се други

проблеми за кои ние немаме веме сега да елаборираме.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

За збор се јави господин Јован Николовски.

ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:

Почитувани рпатеници, имаше доста дискусии за еден проблем кој што мислам дека е доста важен, но пратениците со невнимание го проследуваат. еве зошто? Оваа инфорамција треба да се свати,прво, што значи економскиот и социолошкиот момент од последиците од полит-рауматизаицјата. Изгубените животи, материјалните штети за лекувањето на политрауматизацијата, рехабилитацијата на политрауматизираните бара еден организиран пристап во решавање, а со цел да се намалат материјалните штети и да се спасат животите на болните и што помалку да имаме инвалиди меѓу повредените.

Кај нас во Македонија во колку мислам дека организационо решавањата на политраумата досега не беше поставена на здрави основи односно немаше ни доктрина во решавањето, па ни организациона поврзаност во решавањето на проблемот на политраумата. Време е во интерес на Републиката, во интерес на повредените да направиме една поорганизирана заштита на болните. Сигурно ако ја гледавте информацијата ќе видите дека во неа се дадени одредени концепти, како е организирано решавањето на политраумата надвор во светот. Во врска со тоа морам да кажам дека поаѓајќи од значењето на решавањето на политраумата, воопшто на акциденцијата, не е тоа само тоа сообраќајната и другата политраума и светската здравствена организација за здрвје до 2000-тата година го постави прашањето на решавањето на политраумата. Ако светската здравствена организација се зазела за одреден став да го решава овој проблем сигурно произлегува од сите проблеми кои што досега стојат во решавањето на политраумата.

Сигурно, формирањето на еден трауматолошки центар не значи дека тука ќе влезат да го решаваат одредени луѓе од некој интерес. Тој центар го сметам како поливалентен центар каде што ќе се вклучат стручњаци од поедини регии, за што знаеме што е тоа политраума и ќе појдеш на лице место и ќе го решаваат проблемот на повредениот, односно тој да биде квалифицирано решен како случај. Политраумата не значи, траума само на екстремитетот, туку траумата значи повреда на повеќе органи каде што едниот е витално загрозен. Значи, каде што постои опасност по смрт на повредениот. Тоа е политраума. А ние траумите како трауми поединечно или мултипни каде што немаме загрозување на животот не се тоа политрауми и тоа мораме да го сватиме. Факт е тоа на нашите магистрални патишта, на нашите регионални патишта луѓето умираат без организирано да им се пружи помош. Јас оваа Информација ја сфаќам не само формирање на еден трауматолошки центар, но една хоризонтална поврзаност и вертикална поврзаност на сите здравствени организации кои што се должни да пружат здравствена помош на повредените. Тоа не значи дека секој болен односно повреден по цена, незнам која, треба да се трансформира во тој трауматолошки центар. Но треба да се направи оценка на повредите сигурно трега да се донесе доктрина низ скоровите кој што ги применуваат сите во светот за проценка на повредите и низ таа проценка треба да се каже дали е тој транспортиран, каква помош ќе му се пружи за време на трнапортот, мислам онаа реанимација за транспорт и дали се воопшто ќе се транспортира или пак ке се овозможи онака како што се поделени тој трауматолишки центар и другите од прв ред, втор итн. трауматолошки суп центри да ги наречеме, одредени случаи да се решаваат во тие центри таму каде што неповредениот по секој цена да се транспортира во тој центар по цена на неговиот живот,, но да се транспортираат односно да се донесат стручњаци кој ќе го решат тој проблем на повредениот во таа здравствена установа. Тоа е поефективно

и поисплатливо, заради што нема опасност за закажување на виталните функции на повредениот за време на транспортот. Тоа е многу важно. Мислам оваа информација така треба да се сфати од еден таков интере. Значи прво организациона поврзаност заради стручна помош на повредените, да не ни умираат повредените. Затоа што имаме искуства каде за време на транспортот повреди кои што не треба да завршат смртно, заради несоодветен транспорт тие биле донесувани пред вратите на здравствените установи односно хирушки одделенија мртви. Дали тоа е загушување или неправилен транспорт, повреда на кичма итн. Сето тоа треба да се свати дека огромна штета е направена на општеството заради оваа неорганизираност. Сега кога веќе сепоставува еден проблем да се стави на една подобра организираност за заштита на здравјето на повредените, ако земете да ги читате анализите каква е целата акциденција на политраумата во процентот на учеството на сообраќајот на индустријата на оваа траума и колку е пак и процентот на политрауматизираните, затоа што сега на регионални патишта и убави автопатишта немаме лесни повреди при употреба на сила, мислам брзина, судари , тука сите повреди се пратени со еден политрауматизам, каде што не трпи само раката или ногата, трпи главата,трпи градниот кош, трпи плуќата, трпи срцето, трпат внатрешните органи, каде што пристапот на повредениот треба да биде високо стручен при неговото дефинитивно решавање и со мултидисциплинарно присуство на стручњаци. Сигурно во тој дел не се исклучени и ортопедите, но ортопедите се знае нивната стурчно им е да ги решаваат повредите на локомоторниот апарат. Но, кој ќе ги решава повредите на мозокот, кој ќе ги решава повредите на срцето, кој ќе ги решава повредите на плуќата, во органите на абдоменот, значи, се рабори за едно мултидисциплинарно решавање на проблемите. Ако веќе треба мултидисциплинарно да се решава и во одредени нивоа етапно онака како што е замислено во информацијата

мислам само на еден таков организиран начин на ова наше подрачје, мислам македонско со онака поставена организационост што е дадена во Информацијата, со формирање на еден мултидисциплинарен центар, со учество на сите струки со една поврзаност на овие помали , мислам хирушки одделенија од прв, втор, трет и четврт ред, само така можеме да дојдеме до едно квалитетно решавање. Апелирам пред овој парламент пред пациентите да ја прифатиме Информацијата и еднаш и ние да дадеме учество во решавање на проблемот за спасувањето на животите а и намалувањето на материјалните трошоци, она што е социјала, она што е за спасување , она што е инвалидност, за да можеме да не издвојуваме посебни средства, а да ги оставаме оние психичките моменти кои што ги оптоваруваат семејствата кај овие повредени, осакатени, инвалиди итн.
ТИТО ПЕТКОВСКИ;:

Дали уште некој друг се јавува за збор? (никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на комисијата за здравство, го ставам на гласање, со забелешките.

За збор се јави или за некоја интервенција господинот Трпчевски.

ДУШАП ТРПЧЕВСКИ:

Како известител на Комисијата за здравство која заседаваше на 16 и 21 јануари 1992 година, а во врска со Информацијата за травматизмот на овие две седници Комисијата застана на становиште дека треба да се формира трауматолошки центар во Скопје. Бидејки е направен еден пропуст, а и во заклучоците во точката 3 вториот ред уфрлени се 4 збора кои ја нарушуваат содржината и концепцијата на заклучокот од оваа точка, па поради тоа предлагам да изостанат следните зборови од вториот ред "од преиспитување на можноста", така што третата точка би гласела "заради намалување и сузбивање на политравматизмот Собранието укажува на потребата за организирање трауматолошки центар во хируршката клиника при Медицинскиот факултет во Скопје...."

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали претставникот на Владата се согласува со овој заклучок? (се согласува)

Ако никој не бара збор, Предлог заклучокот го ставам на гласање во кој да бидат вградени сугестиите од двајцата пратеници од Трпчевски и Јумеровска за подобрување на текстот.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Сега да се договориме како ке работиме. Со голед на тоа што гледам кај многу голем дел од вас попушта концентрацијата, а имаме уште 7 точки на дневен ред вклучувајки го и Законот за МИА

Дали ќе продолжиме сега вечерва, утре во 10,оо часот или во петок, Ве молам во петок не можеме претседателот на Собранието не е тука

Има предлог уште оваа информација, бидејки е за здравство , да завршиме со неа, па да си одиме.

Молам, тогаш пратениците да се произнесат, бидејки има предлог и да се продолжи, па до каде стасаме. Има предлог да се продолжи.

Минуваме на точката 17 - Информација за можностите на Република Македонија во развојот на здравствениот туризам.

Информацијата и извештајот на Комисиајта за здравство ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес

Молам, кој бара збор?

Има збор Томислав Пецаков.

ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ:

Кога зборуваме за суверена Македонија како самостојна држава отвораме можности за формирање на една нова дисциплинарна гранка за здравствениот туризам.

Јас доагам од град кој е туристичко место и од Информацијата за здравтвениот туризам се гледа дека од 6-те организации 5 припагаат на нашето Охридско крајбрежје. Тоа се Специјалната детска болница, Заводот за постинфактна нега - кардиоваскуларни заболувања, Одделението за стерилитет при Медицинскиот сентар, Лабораторија за контактни леќи и Институтот за траума односно ортопеција. Тоа е Охридското крајбрежје и во Струга Заводот за дијализа и во Преспа.

Да кажам само неколку збора, бидејки од сите овие институции најмногу е засегнат Институтот за постинфарктна нега и рехабилитација. Тој е формиран 1980 година,а  отворен во 1982 го-дина, работи со 9 специјалисти со одлична опрема, меѓутоа, нема свој сопствени простории така што работат во хотелот "Славија" хотел од Б категорија, дневниот престој ги чини 1,200 динари, а за здравствениот динар од тие 1.200 не останува скоро ништо. Во близина на хотел "Славија" Се наоѓа одмаралиштето "Сутјеска" кое е наменето за борци - пензионери со искористенот од 30% и 300 легла така што во иднина мислам дека најдобро би одговарало во тој простор каде е сега "Сутјеска" да се реновира тој објект и таму да влезе овој Институт односно Заводот за постинфакрна нега и рехабилитација, а може би во перспектива Одделениетозза стерилитет при Медициснкиот центар Охрид кое е формирано во 1988 година, меѓутоа, поради недобро работење на вертикалата Клиника-Медицински центар остана на тоа ниво и покрај тоа што е доббро опремено и Лабораторијата за контактни леќи која е оформена 1973 година која добор работеше со 30 илјади контактни леќи годишно со добри фианнсиски резултати.

Користејќи ги можностите на Охридското поднебје од една страна, од друга страна стручните кадри мислам дека на здравствениот динар ке му го најдеме соодветното место.

СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:

Чинам дека пред нас имаме една квалитетна информација со можности за развој на здравствениот туризам во нашата Република. Меѓутоа, треба да зажалиме што времето во кое може оптимално да се развива здравствнеиот туризам е мирнодопско, а сега ние во зем-јата имаме воено или полувоено време кое апсолутно не одговара за

развој на оваа ите како перспективна гранка тука мислам дека важи и за домашниот корисник на овие услуги и за корисниците од странство што посебно се значајни за овој дел на здравството и туризмот заради што сакам да кажам дека еден квалитетен здравствен туризам не треба и не смеат да се прават импровизации од типот здравството самостојно да се бави со туризам. Тоа не е здравствен тирззам ниту е здравствен туризам ако угостителството и угостителските објекти прават некои импровизации кои сами ги нарекуваат објекти за здравствен туризам. Квалитетен здравствен туризам престствува спој помеѓу квалитетна програма на здравствената служба и спој со Програмата на туристичките организации и ците чинители на еден мотивиран туризам кој кај нас и те како постои и е доста развиен.

За спроведвуање на една комплетна здравствена заштита оди низ три фази и тоа превенција, лекување и рехабилитација. За денешната тема здравствениот туризам пред се е интересна фазата на рехабилитација што не значид ека и првите две фази не можат да бидат содржани во темата која денеска се расправа.

Зошто е интересна рехабилитацијата, заради тоа што пружа нега подолго време односно рехабилитацијата занчи продолжено леквување, односно процес кој се состои од повеке мерки со кои се прави обид за враќање на работната способност кај болните и повредените или да ги оспособи онеспособените да работат и живеат користејки се со преостанатите сподобности и физички и психички.

Рехабилитацијата претпоставува интегрален процес и најчесто е медицисnка , професионална и психосоцијална. Оттука произелгува дека овде е неопходен мултидисциплинарен тимски пристап кон решавањето на проблемите од оваа област.

Сигурно и петходниот дискутант рече не е случајно што регионот Струга-Охрид-Преспа и другите туристички региони предничат во развојот на здравствениот туризам. Овие активности кои се спомнвуаат и во Информацијата и во дискусиите не е неважно во каков амбиент се извршуваат така што природните фактоти, климатскиот фактор, надморската висина, заштитената незагадена природна околина се битни претпоставки за развој на дејноста за која Македонија има добри услови до крај да ги искористи. Порано имавме несреќа што Република Македонија во Картата за здравствениот туризам на Југославија беше апсолутно празна, не беше забележан ниту Охрид, ниту нашите традиционални бајни кои се бават со рехабилитација и дзравствен туризам уште од пред војната кои биле користени од народот во минатиот век и порано. Тоа зависеше од наклоноста на некои туристички организации кои си правеа карти, пред се, за своите републики и оттука посетеноста на герионите кои имаат извонреди услови за развој на здравствнениот туризам не беа посегени онака како треба и од другите републики, а да не зборувам за странство, за нив ние бевме непознат регион. Меѓутоа, времето доведе до тоа до општиот развој на Републиката, патната мрежа, аеродромите, хотеските и другите угостителски капацитети пружаа можност за оан што го реков квалитетен спој програмиран и мотивиран и о страна на здравствеите раобтници и од страна на туристичките работници. Ете само еден таков спој каде е секој ке си ја знае својата работа здравствените работници ке се занимаваат со здравството, туристичктие работници со делот на туризмот, оти самот ака можеме да пре. тенцираме на квалитетен здравствен туризам.

Конретно Струга пред 14 години почна нешто повеке да се бави со овој проблем, имаме веке и соствени искуства со рехабилитацијата на бубрежните заболувања посебно на пациентите кои се

на програм на дијализа затоа искуството говори дека оваа гранка не треба да се запоставува таа е мошне доходовна и за неа одамна важи она што ние се залагаме не само во здравството туку и пошироко за пазарни сулвои на создавње на доход и во оваа област и искуствата кои досега постоеа треба и понарму да се развиваат.

Сакам да кажам дека ако немаме квалитетно здравство, нема квалитетен здравствен туризам и обратно ако немаме квалитетно угостителство и туризам гледано интегрално од аеодромите до патиштта и се она што се вика вкалитетна услуга сигурно еден таков потрошач или ке го скрати пресотјот ке се врати со првиот авион назад или наредниот пат ке избере друг рехабилитационен центар.

Нашето искуство од една Белгиска група која пред 3 години престојуваше во Струга прва и основна забелешка беше на ЈАТ-овиот лет кој направил прекин во Загреб тоа најмногу ги погоди и протестираат дека наредниот пат нема да користат услуги во Македонија заради тоа што ЈАТ не организирал квалитетен лет до Охридот аеродром и организаторот не предвидел дека багажот не можат сами да го носат на долга патека пациенти кои имаат на рацете крвен пристап за вршење на дијализа. Значи имаме работа со една пребирлива категорија на потрошувачи на кои треба да им се создадат добри услови да станат стални корисници на птоенцијалите кои постојат во Македонија, а нив ги има многу со оглед на природните богатсва и природните фактори во Македонија.

Јас се залагам за формирање на еден маркетиншки центар во Македонија што впрочем и во Информацијата го среќавеме како идеа и залагање кој ќе се бави со проблемите на здравствениот туризам и на секаде во светот стручно, програмирано , координирано

ќе ги понуди Охрид, Струга, Преспа, Дохран, Дебар, Негорци, Банско, Катланово и се она што е потенцијал во оваа област во нашата Република.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Почитуван потретседаеле , почитувани пратеници,

Искрено речено немаше да се јавам за дискусија по вака широко аргументирано изнесена дискусија од мојот почитуван колега Ковачески, мегутоа, ценејки ја стратешката важна улога на овој вид дејнсот од една страна чисто заради остварување на оној принцип што стручњаците го нарекуваат невидлив извоз од една страна и од друга страна заради остварување на еден процес во кој ке можеме да го заокружиме н ашиот вкупен систем на здравствена заштита во услови на приемнета патологија кога се наметнува нова патологија за која е потребно да се заокружи процесот на рехабилитацијата и трето, сметам дека vooј туризам е во преднос во однос на другиот туризам од повеке аспекти, во однос на масовниот туризам.

Прво, пациентите оставнуваат подолго време, второ, корситат вон сезонски месеци и трето, користат здравствена заштита. Затоа сметам дека една од важните стратешки определби за идниот развој во туризмот покрај другото претставува и развојот на здравствениот туризам.

Ќе ми дозволите да истакнам некои основни предуслови што Република Македонија навистина ги имакако идеални прилики за развој на овој вид туризам.

Прво, нејзината географска положба овозможува поврзаност и комуникација со голем број земји кои се во близина и подалеку од нас.

Второ, климатскиот фактор со сите свои специфичности е посебно погоден за лечење на одредена патологија.

Трето, Република Македонија располага со атратктивни туристички ресурси како прво езерата секако претставуваат посебна туристичка вредност. Планинските мотиви како посебно богатство потоа антропогените творби како посебна туристичка вредност со која располага Македонија. Исто така располагаме со кадри и опрема со што можеме во целост да ги реализираме зацртаните задачи што ни ги наметнвуа оваа област.

Во контекстот на ова сакам да истакнам некои мои констатации. Сметам дека системот на дзравствената заштита го конципиравме така да ја заокружиме вкупната патологија, мегутоа, во одредени дејности на патологијата ние не го заокруживме тој систем конркетно мислам на рехабилитацијата на кардиоваскуларните заболувања и рехабилитацијата на респираторните заболувања. Во целост не ги исполнувањема сите сулови за еден современ пристап на рехабилитација на ваков вид патологија.

Второ, ако за масовниот туризам изградивме објекти кои се атрактивни и привлечни за многу странци за здравствениот туризам тоа не го направивме.

Трето, не ги искористивме материјалните предности на одредени региони што ги имавме во однос на други. На некој начин се одеше на стихија кој како паша стануваше, пашалук формираше. Мислам дека при конципирањето на овој вид туризам мораме да ги имаме предвид на прво место да дојдат до израз квалитативните предуслови на одреден регион.

Понатаму, сметам дека здравствениот туризам мора да егзистира на добри сместувачки капацитети и висок стандард.

Бидете сигурни дека ни еден пациент нема да прифати затоа што тој сака да биде фактички активен и затоа мора да се обезбеди можност да се внесат нови содржини во тие сместувачки капацитети. Мора зеравствените услуги да бидат на солидно ниво за да се обезбеди една сигурност и доверба кај корисниците. Сигурно нема да прифати каде не е сигурен дека во целсот ке му се гарантира неговата здравствена состојба. Мора точно да се дефинира нивото на здравствените услуги кои можат да ги дадат овие здравствени организации почирувајки го принципот на вертикална поврзаност и доктрина.

Мора да постои солидна стручна проопаганда и маркетинг да да се одбегне практиката да не не заобиколуваат само странските корисници, туку и нашите да не почнат да не доаѓаат.

ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ:

Ќе ја скратам својта дискусија со тоа што ке го изенсам само последното. Имено во материјалот се зборува и за бањата "Кежовица" кај Штип и морам да кажам во составот на Медицинскиот центар Штип и локалитетот на истата работи стационар за рехабилитација и физикална терапија од 100 кревета. За истиот не се зборуваше ни во анализата за користење на болничките капацитети, па при конечното оформување на материјалот треба да се има предвид и ова.

Инаку, историајта на бањата "Кежовица" како современо банско лечилиште почнува некаде по 1993 година кога се отпочнува со реконструкција на стариот објект на бањата, а подоцна е изграден типски хотел. По 1964 година со развојот на физикалната медицина во Републиката се изврши конплента адаптација на објектот па тој сега располага со сите современи потреби за физикална терапија и медицинска рехабилитација.

Сметам дека со реализирање на еден интерен концепт во Штип на комплексот "Кежовица" ке се реализира и ова што досега го изнесов.

Друго што сакам да кажам во заклучоците предлагам заклучок број 4 да биде да се преземат мерки за дефинитивно сместување на двата центри во Отешево и Охрид значи во Отешево за респираторни болни, а во Охрид за постинфарктни болни, точката 4 да стане точка 5.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,ж

Тетово со енговата околнина претставува идеални место за одмор и рекреација. Високите планински венци на Шар Планина изградените туристичко рекреативни објекти на Попова Шапка, Јелак, Љуботен и Три Води над с.Теарце се за одмор на децата, пензионерите за програмиран одмор на работниците и масовен зимски и врвен спор посебно на терените на Попова Шапка.

Попова Шапка е поставена западниот дел на Тетово со надморска височина од 1.700 метри поврзано со Тетово со автомобилски пат во зимските месеци поради присутво поголема количина на снег расчистувана со современа механизација. Изградени се повеќе туристички објекти од работните организации на Тетекс, Југохром, ШИК Јелак , Жито Полог како и бројни приватни викендички за одмор и детско одмаралиште. Во Близината се наоѓаат смучарскtие терени користени за масовен и врвен смучарски спорт прилагодени како за републики, така и за меѓународни натпревари.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ: (продолжение)

Во зимските месеци поради присуството на поголема количина на снег во текот на сончевите денови се идеално место за смучање на младинциите и на возрасните луѓе кога ги крстарат терените на Попова Шапка благодарение на Ски-ливтовите поставени на неколку места и ги искачуваат спортистите на повисоките места и им овозможуваат идеални можности за спуст и со тоа привлекуваат луѓе не само за смучари од Републиката, туку од странство и од соседните земји.

Активните програмирани однори се ораганизирани за работници во горени назначените работни организации преку целата година а најголемата искористеност на капацитетите е во текот на зимските периоди а помалку во тек на летото зашто овој период за одмор е исто така користен и можен поради топлите сончеви денови можноста за пешачење и други физички активности. Целта ми е на ова изнесување да го истакнам следното дека е потребна поголема ангажираност на работните организации да ги упатуваат работниците во вакви рекреативни центри, не само во нашиот крај туку во целата Република поради тоа што работниците вработени во места изложени на ризик и на тој начин лекарите во работните организации на овие објекти особено лекарите од трудовата медицина со своите почести систематски контроли да овозможат патување не еднаш, туку неколку пати во текот на годината најмалку за 7 до 10 дена и на тој начин да се продолжи работниот век на овие луѓе, да се оневозможи создавање на ивналидност и на тој начин да се продолжи работниот век на вработените.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара  збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за здравство дополнет со сугестијата што беше во расправата го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Сите сте за.

Меѓутоа, да прашам дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Јас предлагам овдека да застенеме и да продолжиме со работа утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,40 часот).